*Андреас Клајн*

# ВОВЕД

Образованието и доквалификацијата се од фундаментално значење за доброто на поединецот и на општеството. Општествата во Европа се наоѓаат на премин од индустриски кон научни општества. Повеќе од кога и да е, образованието решава за шансите на поединецот во професијата, како и за неговото унапредување. Образованието станува едно од новите социјални прашања на 21-от век. Образовните институции мора да се подготват за идните барања, бидејќи знаењето станува едно од главните карактеристики на општествата. Притоа станува збор за неопходно воспоставување и обезбедување квалитетен стандард за неизбежно продолжување на експанзијата на образованието, како што тоа се случи во изминатите години со високото образование во Република Македонија.



Во основата на поимот ***образование*** во новиот хуманизам стоеше образованието на поединецот, кое, во тоа време, ветуваше позитивни влијанија врз општествените цели. Од една страна, образованието требаше да му помогне на човекот да се ослободи од традиционалните врски предодредени со раѓањето и сталежот, а од друга страна да го вооружа и опреми за настанатата специјализација и функционалност на работниот свет. Во суштина, образованието претставува обид на човекот "да стане слободен и независен", како што ќе каже големиот пруски реформатор на образованието - Вилхелм фон Хумболт од 19-от век. Оваа мисла и денес е исто толку актуелна како и тогаш. Во процесите на брзи промени во многу области на животот, сигурноста што исчезнува, намалената можност за општествена ориентација и етичките ресурси, образованието мора да се сфати како карактеристика на сопствената стабилна личност која мора да издржи, да креира, морално да вреднува, да биде способна да направи дистанца и слободно да го креира својот животен план. Слобода преку образованието може да се воспостави само доколку се стекне знаење.

**Вовед**.................................................................. ........................................................................ 1
Андреас Клајн

ОБРАЗОВАНИЕ

**Европско високо образование-успеси и перспективи**....................................................... ........................................................................ *5*
Јозеф Ланге

**Ќе останеме долу с" додека се залажуваме со "уникатноста"**
*Интервју со д-р Емилија Симоска*...................... ........................................................................*11*
Соња Казиовска

**Учењето, доживотно и неопходно**................. ........................................................................*15*
Маја Аврамовска-Трпеска

**Полскиот образовен систем - пример за следење или ќорсокак?**.................................. ........................................................................*17*
Матеј Качоровски

**Школа за демократија** ...................................... ........................................................................*23*
Ненад Марковиќ

**Учење преку практика**...................................... ........................................................................*29*
Емил Атанасовски

**Името на книгата**............................................... ........................................................................*34*
Гоце Дртковски

**Книгата е книга е-книга**.................................... ........................................................................*42*
Ана Пејчинова

**ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ**

**Стратегискиот одговор на Европа на националната безбедносна стратегија на САД**.............................................................. ..........................................................................53
Патрик Фичен

**Охридскиот договор-две години потоа Соживот како судбина**.................................... ..........................................................................59
Мирче Томовски

**ТЕОРИЈА**

**Христијанска претстава за човекот и за политиката**......................................................... ..........................................................................68
Христофер Бер

**ПОРТРЕТИ**

**Таткото на поствоена Италија-Алчиде де Гаспери**............................................................... ..........................................................................73
Иван Дамјановски

**РЕЦЕНЗИИ**

**Мрморењето како политички чин**.................. ..........................................................................78
Ѓорѓи Спасов

**Под крилјата на орелот**.................................. ..........................................................................87
Јасмина Чукалковска

**ДОКУМЕНТИ**

**Декларацијата од Болоња од 19. јуни 1999 година**
**Заедничка декларација на европските министри за образование**............................... ..........................................................................92

**ЗА АВТОРИТЕ**..................................................... ..........................................................................95

Година 1
број 3
септември
Скопје 2003
ISSN 1409-9853

# Политичка мисла

Списание за политичко-општествени теми

Издавачи : д-р Ѓорге Иванов
м-р Андреас Клајн

Уредници : Дане Талески
Сандра Кољачкова
Јасмина Чукалковска

Адреса : Фондација Конрад Аденауер
"Максим Горки" 16, кат 3
MK-1000 Скопје
Тел.: 02 3231 122
Факс: 02 3135 290
Email: kas@unet.com.mk
Internet: www.kas.de

Институт за демократија,
солидарност и цивилно општество
"Митрополит Теодосиј Гологанов" 59 / 1 / 6 - 13
MK - 1000 Скопје
Тел./факс: 02 3217 080
Email: idscs@mail.com.mk
Internet: www.idsco.org.mk

Печат : Винсент графика
Дизајн : Натали Николовска
Техничка подготовка : Небојша Милосављевиќ
Превод : Мицевска Марија,
Малинов Маријан
Лектура и коректура : Оливера Ќорвезироска

Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата "Конрад Аденауер" и Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество, туку се лични гледања на авторите.

Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија

Konrad
-Adenauer-
Stiftung

IDSCS

*Јозеф Ланге*

# Европското високо образование - успеси и перспективи

## За состојбата на универзитетската соработка

Природните, инженерските и општествените науки сè повеќе се предодредени од меѓудисциплинарната соработка, интернационалноста и специјализацијата. Бројката на научниците и научничките активни на полето на истражувањето и развојот денес е најголема во историјата на човештвото. Соработката и конкуренцијата низ целиот свет го поттикнуваат научниот развој. Англискиот јазик стана *Linqua franca* на науката.

Напредокот во науката води до сè поголема разлика во речиси сите области. Истовремено станува сè појасно дека за да се разберат во целост системите мора да се соберат резултатите од науките, кои сè повеќе се диференцираат и специјализираат. Економијата и општеството носат обележја на интернационализацијата и глобализацијата. Модерните информациски и комуникациски медиуми пренесуваат само за секунда информации околу светот. Пазарите за технолошки производи се светски пазари со висока конкуренција на цените, работните трошоци и квалитетот. И работните пазари ги надминуваат сопствените граници. Притоа не станува збор само за миграција на луѓето кои учествуваат во производството. Пазарот станува меѓународен многу повеќе за академците, бидејќи мултинационалните претпријатија добиваат свои наследници што им се потребни и одговараат на барањата на претпријатието. На овој работен пазар лицата со високо образование мора да бидат успешни. Нивниот успех е успех и на високообразовната институција. Една од задачите и одговорностите на високообразовните институции е да го следат успехот на своите завршени студенти и да учат од тоа.

Отворањето на границите меѓу политичките блокови во 1989/90 година на поимот Европа повторно му даде, му отвори една стара димензија. Развојот на европската економска заедница во Европска унија и воведувањето на еврото создадоа голем економски простор во Европа, кој всушност е меѓународен простор. Изградените национални и регионални култури повеќе ќе си влијаат меѓусебно, отколку во минатото. Интернационализирањето на преносот и обработката на информации и на работните пазари, големите движења, останувањето на три до четири генерациии на таканаречените "гастарбајтери" во Германија, високообразовниот кадар кој останал да работи во Германија, но и светски познатите меѓународни фирми, сите тие придонесоа општеството во Германија да е и да биде мултинационално. Околу девет проценти од

населението во Германија поседува странски пасош.

Високообразовните институции кои образуваат и воспитуваат третина од населението, мора да се во состојба да ги подготват студентите за интернационалност, глобализација и мултикултура. Потребна е реформа на структурата на студиите, која ќе ги содржи овие компоненти. Тоа бара, меѓу другото, пренасочување на традиционалните општествени науки во културолошки.

**Мобилност на студентите**

Комисијата на Европската заедница во 1987 година ја започна првата програма за мобилност на студентите под името ЕРАЗМУС, со која на десет проценти од студентите на европските универзитети им се овозможува да поминат најмалку еден семестар надвор од својата земја во некоја држава - членка на Европската заедница. Во 1990 година започна програмата ЕРАЗМУС 2. Програмата ЕРАЗМУС се интегрираше во програма СОКРАТ со одлука на 14 мај 1995 година, која ги опфаќа сите дотогаш постојни програми на Европската унија за општо образование.

Какво значење имаше програмата ЕРАЗМУС за универзитетите во Германија? Во студиската 1987/88 година од вкупно 11,2 милиони ECU (European Currency Unit), околу 3,85 милиони ѝ припаднаа на Германија. Во нив учествуваа 83 германски универзитети, а меѓу нив 23 стручни факултети. Во академската 1997/98, двесте триесет германски факултети имаа договор за високо образование со Комисијата на ЕУ. Во 1987/88, 649 студенти поминаа дел од своите студии во странство, а во 1988/89, 1 937 студенти. Десет години подоцна во 1997/98 бројката изнесуваше 13 076, а во 1999/2000 година 14 695 германски студенти поминаа еден семестар во земјите од Унијата. Околу 11 500 странски студенти од ЕУ дојдоа преку ЕРАЗМУС во Германија. И само според квантитативните податоци, програмата ЕРАЗМУС е успешен проект.

Во 2000-тата година започна програмата СОКРАТЕС 2 која ќе трае до 2006 со буџет од вкупно 1,85 милијарди евра, а која го вклучува и членството на високообразовните институции, студентите и професорите од земјите-кандидати за влез во ЕУ.

**Европското високо образование - Декларацијата од Сорбона**

По повод прославата 800 години од постоењето на Сорбона, на покана од францускиот министер во Париз на 25 мај 1998 се сретнаа министрите за наука од Велика Британија, Италија, Франција и Сојузна Република Германија. По разговорот со претставниците на европските универзитети, тие ја потпишаа таканаречената Декларација од Сорбона: "Joint Declaration on Harmonisation of the

Architecture of the European Higher Education System".

По укажувањата за заедничка историја на европските универзитети од времето на основањето на Парискиот универзитет со тогашната мобилност на студентите и професорите која овозможи брзо ширење на знаењето во цела Европа, декларацијата нагласува дека институциите и општеството се наоѓаат пред големи промени во областа на образованието, во областа на доквалификацијата и на работните услови, проследени со нови видови на доквалификации и работни можности, како и потребата од учење во текот на целиот живот.

Оттука и потребата за отворен европски простор за високо образование "pen European area for higher learning" кој отвора многу перспективи и бара да се отстранат од патот пречките за мобилност и соработка, како и почитување на разликите во високообразовниот систем. Меѓународното признание и атрактивноста на високообразовните системи зависи од тоа колку тие се јасно формулирани. Се чини дека се создава високообразовен систем со две тенденции во поглед на меѓународната споредба и вредност - "system, in which two main cycles, undergraduate and graduate". Неговата оригиналност и флексибилност бараат користење кредитни бодови ("credits") и признавање на семестрите со постигнатите студиски успеси, тие за да бидат признаени од еден флексибилен високообразовен систем, кој има карактеристика на доживотно учење. Со тоа првата диплома би била меѓународно призната како соодветна квалификација за работа. За академските студии се наведуваат алтернативно пократките магистерски студии или подолгите студии за докторат. Студентите би требало да студираат најмалку еден семестар на некој странски универзитет, а воедно и научниот персонал би требало да работи на странски универзитети.

Тоа треба да се поддржи со помош на одредени правци кои ќе ги постави ЕУ, како и преку интензивирање на соработката меѓу високообразовните институции, преку издавање заеднички дипломи, пилот проекти и дијалог на сите учесници, како и преку меѓусебно признавање на постигнатите студиски успеси од страна на факултетите врз база на конвенцијата од Европскиот Совет одржана во Лисабон во 1997, преку признавањето на дипломите за завршено високо образование итн.

**Декларацијата од Болоња**

Извештајот "Trends in Learning Structures in Higher Education", кој во кратка форма презентира прифаќање на основата на различните високообразовни и студиски структури во земјите-членки на Европската унија, беше основа за конференцијата одржана во Болоња на 18/19 јуни 1999 година за претставници на факултетите и

министрите за наука од 29 европски земји: покрај петнаесетте земји-членки на ЕУ, имаше претставници и од останатите земји од европскиот економски простор - Швајцарија, Норвешка и Исланд, од трите балтички земји: Летонија, Исланд и Литванија, од средно и јужноевропските земји Полска, Унгарија, Чешка, Словенија, Бугарија и Романија, како и од Малта. На крајот од седницата министрите ја потпишаа изјавата од Болоња: "The European Higher Education Area".

Целта за создавање европско високо образование е порастот на способноста за натпревар и атрактивноста на европското високо образование, соодветно на научните и културни традиции на Европа.

Министрите се договорија да ги координираат своите политики за високо образование и во првиот век од новиот милениум да создадат европско високо образование со следниве шест цели:

- создавање систем лесно разбирливи и споредливи завршни степени со користење на диплома Supplement, за да се унапреди способноста за работа на граѓаните од Европа и способноста за натпревар на европскиот високообразовен систем,

- воведување студиски систем кој во основа ќе се базира на два студиски правца - "adoption of a system essentially based on two main cycles, undergraduate and graduate". Додипломските студии треба да траат најмалку три години, а завршната диплома е предуслов за запишување на постдипломски, академски студии.

Првата диплома треба да биде квалификација за работа на европскиот работен пазар. Втората студиска диплома треба да води кон магистратура или докторат.

- создавање кредитен ситем (system of credits) како средство за поттикнување на мобилноста на студентите. Кредити треба да се добиваат и за области надвор од факултетите (in non-higher education context) вклучувајќи го понатамошното образование како доживотно или продолжено учење, доколку тие бидат признати од страна на универзитетите.

- поттикнување на мобилноста. Пречките за мобилност на студентите треба да се отстранат во поглед на студиските и образовните можности, а потребна е и соодветна поддршка за предавачите, истражувачите и администраторите со признавање на соодветната активност од странство без да се намали нивниот статус и правата кои произлегуваат од него.

- унапредување на европската соработка за обезбедување на квалитетни критериуми и методи што може да се споредуваат.

- унапредување на европската димензија во високото образование. Европските содржини треба да се пренесат посебно во изработката на биографијата, соработката во високото образование, програмите за

размена и интегрираните програми за образование и истражување.

За да се набљудува понатамошниот развој, да се преземат услогласувања и да се поддржат, министрите договорија нова средба по две години, на која ги покани чешкиот министер за наука во Прага.

Во Лисабон, во март 2000, шефовите на владите на ЕУ формулираа заедничка цел во заклучоците на Европскиот совет: *да ја направат Унијата натпреварувачки, најспособен и најдинамичен економски простор базиран на наука.*

**Соопштението од Прага**

На 19 мај 2001 година во Прага на договорената конференција се сретнаа претставници на министрите за наука на земјите потписнички на декларацијата од Болоња, како и претставници од Хрватска, Кипар и Турција. Содржината на оваа конференција веќе беше подготвена со серија конференции и студијата Trends in Learning Structures in Higher education (II), финансирана од Комисијата на ЕУ. Оваа студија го презентираше развојот на студиските структури од средината на 1999 на земјите потписнички на декларацијата од Болоња, која треба позитивно да се оцени, бидејќи многу работи се придвижија во високото европско образование. Покрај тоа се даде преглед на студиските и високообразовни структури во Средна, Источна и Јужна Европа, како и во Малта, Кипар и Швајцарија.

По завршувањето на седницата на која покрај министрите и нивните соработници учествуваа и претставници на факултетите и студентите, министрите за наука од 32 земји го потпишаа соопштението "Towards the European Higher Education Area".

Министрите ја нагласија потребата за интензивна соработка во областа на образованието која ќе излезе од границите на земјите и потребата за доживотно учење и ќе внесе нови перспективи во образованието. Високото образование треба да се набљудува како јавно добро, да остане да биде јавна одговорност, а студентите да бидат полноправни членови на факултетите: "They supported the idea that higher education should be considered as a pubic good and is and will remain a public responsibility (regulations ets.), and that students are full members of the higher education community".

Министрите ги потврдија шесте цели од декларацијата од Болоња и го нагласија значењето на учењето низ целиот живот за поединецот, за факултетите и за општеството, односот меѓу факултетите и студентите како на академски, така и на социјален план, како и зголемувањето на атрактивноста и способноста за натпревар на европското високо образование.

Во втората половина на 2003 година треба да се одржи конференција во Берлин, која треба биде подготвена од страна на различни работни групи и семинари на различни теми. Во подготовката треба да

учествуваат претставници на факултетите, студентите, Европската комисија и Европскиот совет.

**Динамичноста на една визија**

Визијата за европското високо образование има значителен напредок. Со исклучок на обидот на четворица министри, кои себеси се гледаа како мотори за идниот развој на ЕУ, а свесно не ја вклучија Комисијата на ЕУ, започна процесот Болоња-Прага-Берлин со динамика што е недогледна.

Германските факултети ја искористија можноста што им ја овозможи променетиот закон за високо обарзование со декларацијата од Сорбона во август 1998 со пробно воведување на додипломски студии (Bachelor) и магистерски студии (Master). Во летниот семестар 2002, германските факултети понудија 920 пробни додипломски и магистарски студии како основни студии и 500 магистерски студии како понатамошни студии, бројка која не се очекуваше при донесувањето на законот. Освен ова, се планираат и други соодветни студиски насоки. Кај посебно дискутабилните теми евалуација и акредитација, најдалеку во Европа отидоа германските факултети и покраини. За да може да се обезбеди квалитет со акредитацијата се користи заеднички развиената форма за квалитет во форма на спој на науката и практиката организирана во децентрални агенции акредитирани централно од Сојузната Република, како модел за европски квалитет, која се изработи на конференцијата за ректори од високото образование и конференцијата за министри за култура.

Визијата за европско високо образование е делумно реалност, барем за студентите и научниците кои во голем број, дел од своите студии, поточно од својата научна дејност, ја минуваат во странство. Таа е реалност за факултетите за кои интернационалноста е една од водечките карактеристики на нивниот стратегиски развој.

Сепак, европските факултети и земјите потписнички на декларациите од Болоња и Прага се сè уште далеку од заедничкото дејствување, како што тоа беше вообичаено за тогашните европски факултети во времето на Еразмус фон Ротердам, чиешто име го носат програмите на ЕУ за мобилност. Така европското високо образование, иако веќе е реалност за некои факултети, останува сè уште само визија.

*Интервју со д-р Емилија Симоска*

## Ќе останеме долу сè додека се залажуваме со "уникатноста"

Во 12-те транзициони години на македонското општество, во образованието не беа направени посакуваните и очекувани реформи. Наместо да се направат потребни квалитативни промени за да фатиме приклучок кон Европа, се изгубија неколку години во решавање на вистински или измислени политички проблеми, а изостанаа обмислен и стручен приод кон реформите. Во кусиот мандат како министер за образование д-р Емилија Симоска ги подготви новите закони за основното и за средното образование. Годинава таа ги изнесе податоците од првото истражување за корупцијата во високото образование.

*Каде би ја рангирале Македонија според квалитетот на образованието во споредба со земјите од регионот и од Европа?*
**Симоска:** Европа е широк поим, со најразлични образовни системи, но, генерално, Македонија би ја рангирала многу ниско, што е потврдено и со резултатите од бројни компаративни истражувања. Без оглед на тоа што мнозина се чувствуваат навредени од ваквите резултати, факт е дека кај нас децата се истренирани единствено за учење напамет голем број податоци и информации. Тоа не ги прави ниту пообразовани, ниту поквалитетни, ниту повешти...
За разлика од тоа, современите образовни системи децата ги оспособуваат за да дојдат до информации тогаш кога ќе им бидат потребни. Поконкретно, кај нас учениците можат да ви изрецитираат пола енциклопедија на памет, но не знаат да се служат со неа. А податоците брзо се заборавaат. Кај нас образованието сè уште функционира според еден конзервативен, догматичен модел и ние се разликуваме од развиената Европа толку колку што догмата се разликува од развојот. За жал, мислам дека таму ќе останеме сè додека се лажеме себеси дека имаме најдобро образование на светот - што не ретко се слуша од устите на луѓе кои учествуваат во креирањето на образовниот систем. Ние мораме да сфатиме дека можеби единствената перспектива која Македонија ја има како земја лежи во образованието, во човековите ресурси. Други и немаме.

*Според Вас, кои се предностите и слабостите на нашиот образовен систем спореден со образованието во европските земји?*
**Симоска:** Да бидам искрена, не би можела да кажам дека гледам некакви предности, освен ако не се споредуваме со некои навистина сиромашни земји, но и

таквите во Европа веќе ги нема многу. Единствено што го гледам како добро, е што образованието само по себе е доста значајно во вредносниот систем на граѓаните. Но, тоа не е доволно. Наспроти тоа, слабости можат да се наведат безброј. Пред сè, основниот субјект во образовниот процес - учениците или студентите, се максимално деградирани, често и понижувани. Нивните права се фикција, зашто образовниот модел е доминантно авторитарен. Не постои интерактивност во наставата, не се стимулира индивидуалното мислење. Нема избор во однос на предметите, што е особено неповолно во високото образование. Учебниците се застарени во однос на методологијата и ретко содржат нови сознанија. Наставниот кадар е дестимулиран и од него не може да се очекува квалитет. Генерално гледано, трагично е кога во една земја доаѓа до радикални општествени и економски промени, а децата сè уште учат и студираат во ист систем како и нивните родители, само во полоши услови.

*За какви стратегиски промени се залагавте за време на Вашиот мандат. Кој е најповолниот концепт за образованието во Македонија?*

**Симоска**: Моето внимание сè уште е насочено кон реформите во образованието. При тоа, мора да се сфати дека "реформа" не е подобрување и зацврстување на постојното, туку воведување ново, исто како што тоа важи за политичкиот и за економскиот систем. Најповолен концепт е секогаш оној кој одговара на спецификите на општеството. Значи, за Македонија, накусо кажано, тоа е: економичен образовен систем, заради лошата економска состојба; воведување на што поголема конкуренција, приватни иницијативи, заради тоа што се работи за мала држава со големи можности за монопол и злоупотреби; интерактивност во наставата на сите нивоа; можност заизбор на предмети; многу практика и, пред сè, да се ослободиме од комплексот на "уникатност". Треба да престанеме да се плашиме дека она што се покажало како добро во други земји, не важи за нас. Заради таквиот отпор, многу земји кои секогаш беа зад нас, на полето на образованието нè претркаа. Затоа што зад теоријата за уникатност, всушност, се крие страв од промени, заради нарушувањето на комодитетот, да не речам лошите навики.

*Од година в година ескалираат проблемите и аферите со учебниците. Како го оценувате квалитетот на учебниците, начинот на кој се избираат и какви се ефектите од воведувањето неколку учебници за ист предмет во основното и во средното образование?*

**Симоска:** Да се има конкуренција во издаваштвото е нужно, и мислам дека е одлична идеја можноста да се избира учебник. Меѓутоа, тоа не значи отсуство на контрола. Пред сè, контрола на квалитетот,

правена од компетентни луѓе, а потоа и воведување на механизми за избор со кои би се одбегнала злоупотребата. Зашто ако можете да го поткупите или да го уцените оној кој решава кој учебник да се користи, тогаш е сеедно колку учебници имате. Кај нас проблемите беа што едни исти луѓе учествуваа и во пишувањето и во одобрувањето на учебниците. Сега е направен само првиот чекор, да се даде можноста за избор, но механизмите за контрола не се на нивото кое би обезбедило вистинска демонополизација, а особено не подобрување на квалитетот. Освен тоа, на авторите на учебниците им е нужна обука и осовременување. Човек може да биде одличен наставник или научник кој извонредно ја владее својата област, но сепак да не знае да напише учебник. Тоа е посебен занает и тука мора да се обрне големо внимание.

*Легализацијата на тетовскиот универзитет е најавена како готова работа. Според Вас како Македонија го решаваше прашањето на високото образование на албански јазик и каде беа направени грешки во тој процес - игнорирање на универзитетот на Фадиљ Сулејмани, формирањето на Универзитетот на ЈИЕ и сега веќе извесните два легални универзитета во Тетово. Кои се политичките и образовни консеквенци?*

**Симоска:** Сметам дека Мала Речица не смееше да се игнорира како проблем, и тоа политички. Голема грешка беше и членот од Законот за високо образование со кој пред неколку години се направи безуспешен обид за интегрирање во образовниот систем, од причина, што ниту отворањето на Мала Речица немаше никаква врска со образованието на Албанците. Меѓутоа, ако сега веќе е донесена политичка одлука за легализација, клучното прашање ќе мора да биде квалитетот на наставата. Доколку тоа не се обезбеди, консеквенците ќе бидат лоши. Не само што нема да се подобри образованието на Албанците, туку се ризикува и нов извор на предрасуди на штета на оние што ќе се школуваат таму. Впрочем, секаде во светот најлесен пат да станете вистински граѓанин од втор ред е да имате лошо образование.

*Го отворивте прашањето за корупцијата на факултетите. Податоците беа фрапантни и жестоко оспорувани. Дали со тоа високото образование е најпроблематичниот дел од образовниот систем и какви промени му требаат? Ако не е, кој сегмент треба ургентно да се менува?*

**Симоска:** Високото образование не е единствениот проблематичен дел од аспект на корупцијата. Корупцијата постои уште од предучилишните установи, па сè до дипломирањето и тоа сите го знаеме и без истражувања. Податоците предизвикаа реакции, затоа што за прв пат искази на студенти беа презентирани јавно. Се

разбира, не им беше пријатно ни на оние кои не се корумпирани, заради посочувањето на нивните институции, но никаде немаше генерализации. Меѓутоа, проблемот е што кај дел од универзитетските работници постои чувство на недопирливост, што ѝ оди во прилог на појавата на корупција; ако мислите дека сè ви е дозволено и никој за вас никогаш ништо нема да каже. Ете, тоа треба ургентно да се менува. Треба да се воведат механизми на постојана евалуација во која активно и без да бидат заплашувани, ќе се вклучат и студентите. Истото важи и за другите степени на образование. Треба да се поучат и охрабрат и децата и родителите да проговорат за она што им се случува, зашто образовните институции - да не заборавиме - постојат заради оние кои учат во нив. И најпосле, да се научиме дека истражувања се прават за да се помогне во искоренување на негативните појави. Се надевам дека тоа е она што го сакаме.

Соња Казиовска

*Маја Аврамоска-Трпевска*

## Учењето, доживотно и неопходно

Денес "доживотното учење" е мошне споменуван поим, особено во образовно-политичките кругови. Но, ниту концептот, ниту поимот, не се нови. Во доцните шеесетти и во раните седумдесетти на претходниот век, почна да се споменува "доживотно учење". На европско ниво, прв ја започна дискусијата Советот на Европа, а на интернационално ниво УНЕСКО* и OECD*.

"Доживотното учење" се употребува како синоним за образованието на возрасни, а се појави како барање за револуционерни промени на образовните системи. Поимот стана дел од образованието на возрасните, но не се осврнува само на него, туку подразбира процеси на учење за време на целиот живот.

Доколку се анализираат дискусиите околу доживотното учење, се добива впечаток дека освен образованието на возрасните ниту една друга дисциплина не се занимава со оваа тематика. Афинитетот помеѓу образованието на возрасни и концептот "доживотно учење", може да се објасни со тоа што учењето во детството и младоста е социјална и биографска подразбирливост, што не може да се каже за животната фаза на возрасниот човек.

Во 2000-та година се појави образовно политички документ за "доживотното учење" на Европската комисија, во кој се објаснува зошто е важно неговото имплементирање.

Во публикацијата на Советот на Европа и Советот за културна соработка "Permanent education. Fundamentals for an integrated educational policy”" се опфатени резултатите од работата на Советот на Европа за "доживотното учење" во 60-те и 70-те години. Еден флексибилен систем за учење поврзан со слободен распоред на време и поголеми можности за избор - овие услови се бараат од Советот на Европа за сите фази на учењето во текот на целиот живот. Тука значи спаѓа можноста, како за младинци, така и за возрасни, во секое време да можат да продолжат со образованието без разлика на нивниот степен на образование. Еден ваков образовен систем, кој се должи на Permanent education се одликува со голема отвореност нанадвор и голема флексибилност однатре. Концептот не бара укинување на веќе постојните традиционални образовни институции, туку предлага нивна промена според наведените принципи.

Концептот на Советот на Европа за Permanent education вели дека со промена на образовниот систем ќе се променат и луѓето, ќе станат поодговорни, покреативни, покритични. Се исполнуваат и индивидуалните потреби како потребата за сигурност, учество на колективни активности, како и самодокажување.

Индивидуата стои во центарот на концептот на Советот на Европа.

Со прогласување на 1996 година за година на "доживотно учење" од страна на Европската комисија, се појаснува колкаво значење има "доживотното учење" во политиката на Европската Унија, а две бели книги ги содржат предвидените цели:

"Развој, способност за конкурентност, вработување. Предизвици на сегашноста и патишта кон 21 век" (1994) и "Настава и учење. На патот кон когнитивно општество" (1995).

Аргументациите за новиот образовен концепт во белите книги, особено во втората, се насочени првин кон економијата, пред сè односите со пазарот и системот на вработување.

Од публикациите на УНЕСКО најдоминантно место зазема извештајот на меѓународната комисија за развој на образованието или наречен Фауре-извештај, по тогашниот претседавач Едгар Фауре (1996). Уште еден важен документ за "доживотното учење" е Хамбуршката декларација за учење на возрасните. Агенда за иднината (УНЕСКО - Институт за педагогија,1998).

Од страна на OECD беше Recurrent Education* во 70-те години прилог кон "доживотно учење". Recurrent Education беше во центарот на активностите на OECD посебно на CERI*.

Во 1996 се појави публикацијата "Lifelong learning for all" како резултат на средбата на министерско ниво во Париз.

Има повеќе документи и шест концепти на "доживотното учење". Покрај разликите, овие концепти имаат и сличности, пред сè во педагошките елементи. Како елементи на образовно-политичкиот главен концепт може да се споменат:

Самоорганизација на процесите за учење од учесниците во образовниот процес. Учесниците (учениците) стојат во центарот на процесите на учење.

Конкретните наставни содржини диферираат во различните концепти, но способноста за учење се смета за централна наставна содржина.

Исто така, кај "доживотното учење" главното треба да се научи во детството и во младоста. Способноста за учење треба да биде усвоена во оваа животна фаза и да се применува во понатамошниот живот.

Отворање на институциите на образованието, пред сè на училиштето, се поддржува. Исто така, постои и тенденцијата за поделба на знаењето и негова сертификација и признавање.

Речиси во сите концепти се споменуваат и поимите како демократија, еднакви права за сите, економски развој, европски идентитет итн.

Како надоврзување на ова движење во деведесеттите години почна и традицијата на одржување на Фестивалите за доживотно учење, првин во Велика Британија, а подоцна движењето се прошири во над 20 земји во светот (Австралија, Австрија,

Германија, Белгија, Јамајка, Боцвана, Норвешка, Нов Зеланд, Естонија, Јужна Африка, Бразил, Словенија, Холандија, Русија, Шведска, Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија, Бугарија, Романија, Хрватска...). Фестивалите имаат за цел да ја промовираат важноста на учењето, да укажат на разновидните форми и можности за учење, да се прослават достигнувањата направени во процесот на учење.

Во октомври 2002 година и Македонија за прв пат се приклучи кон ова движење со Фестивалот за доживотно учење, кој беше организиран од страна на Институтот за меѓународна соработка на германскиот сојуз на народни универзитети, Канцеларија Скопје и Конрад Аденауер Фондацијата, Скопје, а учество зедоа над 60 организации од Македонија.

Оваа година од 16-19 октомври во Македонија повторно се одржува Фестивал за доживотно учење, но овојпат од регионален карактер со учесници од Југоисточна Европа. Во склоп на Регионалниот фестивал за доживотно учење ќе се одржи и конференција за доживотно учење, образование на возрасни и вработување, како и повеќе работилници на актуелни теми од оваа област. Предвидена е и средба на Министрите за образование од Југоисточна Европа на која ќе треба да се потпише и Декларација за доживотно учење и образование на возрасни.

Манифестацијата е под покровителство на Претседателот на Република Македонија - Борис Трајковски, Координаторот на пактот за стабилност - д-р Ерхард Бусек, Претседателката на Сојузот на народните универзитети во СР Германија - д-р Рита Зисмут. Регионалниот фестивал е организиран од Министерството за образование на Република Македонија и Институтот за меѓународна соработка на германскиот сојуз на народни универзитети, Бон, заедно со неговите канцеларии во Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Романија, Македонија, Србија и Црна Гора и Андрагошкиот институт од Словенија, а е потпомогнат од Конрад Аденауер Фондацијата, Скопје и од ГТЗ, Унапредување на стручното образование во Македонија.

Доживотното учење е несомнено идна задача на образовниот сектор на Европската унија, а Македонија како држава треба да се стреми да биде дел од целиот процес. Да не ја пропуштиме шансата и да се приклучиме кон движењето "доживотно учење".

---

UNESCO - United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization

OECD - Organization for Economic Cooperation and Development

Permanent education. Fundamentals for an integrated educational policy - Перманентно образование. Основи за интегрирана образовна политика

Recurrent Education - ретроспективно образование.

CERI - Centre for Educational Research and Innovation

Lifelong learning for all - Доживотно образование за сите

*Матеј Качоровски*

## Полскиот образовен систем - пример за следење или ќорсокак?

Иако сите владини гарнитури по 1989-та барем декларативно промените во образованието ги сметаа за камен-темелник на "новата Полска" или на "Полска достоинствена за 21 век", сериозните реформски зафати во таа област започнаа по доаѓањето на власт на коалиционата влада на десничарската "Изборна акција *солидарношч*" и либералната "Унија на слободата" под раководството на премиерот Јежи Бузек, во 1997-та. На 11 ноември 1997-та, Бузек во своето експозе меѓу другото изјави: "Образованието е инвестиција на народите и слободните луѓе во сопствената иднина. Затоа сметаме дека е неопходно спроведување на радикалните реформи во системот на образованието, приспособувајќи го на тој начин на потребите на 21 век". Мора да се напомене дека Владата на Бузек беше иницијатор на суштински системски промени во функционирањето на целата држава. Имено, таа од 1 јануари 1999-та започна со имплементирање на четири големи реформи: воведување на новата територијално-административна поделба, реформа на здравството, реформа на пензискиот систем и реформа на образованието. Сите тие зафати се од големо значење за понатамошниот развој на полската држава. Исто така сметам дека тешкотиите поврзани со нивното применување беа пресудни за изборниот дебакл на "Солидарношч" и "Унијата на слободата" кога двете политички формации се најдоа надвор од парламентот по изборите во 2001-та. Тогашната опозициона, а сега владејачка Социјалдемократска партија продолжи со реформирање на образованието, иако претходно ги оспоруваше начинот и неопходноста на реформата.

### Зошто реформи

Авторите на реформата како главни причини за неопходноста од промена на стариот систем на образование ги сметаа:

- Неможноста стариот систем да се приспособи на темпото и размерот на цивилизациските и општествените промени
- Криза на воспитувачката улога на школите која произлегува од доминација на пренесувањето на информациите врз градење на знаењето и оформување на личноста
- Немање подеднакви шанси во пристапот кон образование на секое образовно ниво и низок број млади кои се здобиваат со средно и со високо образование
- Приспособување на системот на образование кон Уставот и кон

реформските и трансформациски процеси во државата

- Приспособување на стручното образование кон потребите на пазарната економија

Истовремено авторите на реформата предвидуваа дека благодарение на неа ќе се остварат следниве цели:

- Популаризација на средното образование и зголемување на бројот на студентите во високообразовните институции
- Зголемување и израмнување на шансите за пристап кон образованието на сите нивоа
- Пронаоѓање соодветни пропорции меѓу пренесувањето на информациите, градењето на знаењата и грижата за развој на личноста
- Зголемување на автономијата на образовните институции
- Промовирање на квалитетот на работење на учителите и професорите преку разновидно оценување на нивната работа и разновидно креирање на нивните примања
- Подобрување на финансиската ситуација на училиштата преку зголемување на буџетските трошоци, како и сопствените приходи на училиштата
- Поврзување на системот на образование со семејството, како и со локалните заедници.

Се чини дека во моментов еден од најголемите проблеми во полскиот систем на образование е многу нискиот број на лицата со завршено високо образование - само 9% од Полјаците имаат високо образование, наспроти 30-35% во поразвиените земји. Последниве години бројот на студентите постојано се зголемува, во голема мера благодарение на зголемувањето на бројот на приватни, недржавни образовни институции каде што наставата целосно се плаќа, а кои функционираат речиси низ цела Полска. Иако достапноста на бесплатната настава во државните образовни институции е запишана како уставно право на секој граѓанин на Полска, зачестуваат гласовите кои повикуваат на финансиска партиципација од страна на студентите, барем во системот на високото образование. Во еден од министерските предлози се вели дека партиципацијата ќе изнесува по околу 10-15% за секој од студентите. Во секој случај, со голема сигурност може да се заклучи дека плаќањето за студиите е неповратен процес и може да се воведе во следните неколку години. Во пресрет на приемот на Полска во ЕУ, следната година Министерството за образование и спорт изработи "Државна стратегија за поддршка на младината во периодот 2003-2013" и

"Стратегија за постојано образование до 2010", додека Канцеларијата на Претседателот на Република Полска подготви предлог-закон за високо образование. Точно четири години од започнувањето на реформските процеси во полскиот систем на образование, Полјаците генерелно не се задоволни со реформата. Според испитувањата на јавното мислење во последниве четири години, 40-50% од Полјаците негативно го оценуваат функционирањето на образованието, додека позитивни оценки даваат единствено 15-20% од испитаните. Испитувањата укажуваат дека од четирите големи реформи (здравство, образование, пензиски систем и новата територијално-административна поделба), Полјаците сметаат дека единствено здравството е во полоша состојба од образованието. Анкетираните го посочуваат постојниот хаос во образованието предизвикан, според нив, со премногу брзото воведување на радикална реформа во случај на неинформираност и неподготвеност од страна на поголемиот дел од населението. Поради фактот дека реформата на образование започна да се спроведува речиси истовремено со новата територијално-административна поделба, се смени и системот на финансирање на некои основни и средни училишта, т.е. тие почна да се финансират од буџетот на општините, а не од буџетот на државата. Во тој поглед ситуацијата изгледа различно во зависност од поединечните делови на земјата. Но, забележителна е тенденцијата дека сè повеќе училишта се затвораат, бидејќи општините не се во состојба да ги издржаат финансиски.

Се чини дека е прерано да се даваат долгорочни прогнози, но може да се заклучи дека барем засега реформата не успеа да одговори на еден од најголемите недостатоци на полскиот систем на образованието и еден од главните предизвици на "Полска на 21 век"- постојаното зголемување на разликите во достапноста на образованието во големите градови и провинцијата и своевидна "елитизација" на образованието. Тоа ги намалува шансите на младите на полскиот пазар на трудот, во ситуација на веќе тригодишна економска рецесија и не ветува ништо добро во перспектива на силната и голема конкуренција на заедничкиот пазар на ЕУ. Иако во последните години може да се забележи масовна "трка по образование", а младите Полјаци се совршено свесни дека патот кон подобра иднина води токму преку гимназија, лицеум и универзитет, неопходната поддршка од страна на државата останува најчесто во сферата на декларации или неостварени ветувања. А за поконструктивни анализи за успехот или неуспехот на реформата на полскиот образовен систем останува да се почека сè додека првите генерации кои започнаа со наставата според новиот систем не го

завршаат своето образование и не се појават на пазарот на трудот, било во Полска или во ЕУ.

**Реформи**

Во мојава анализа ќе се фокусирам на реформата на полскиот систем на образованието која со голема сигурност може да се покаже пресудна за шансите на младите Пољаци по влезот на Полска во ЕУ планиран за мај 2004-та. Многумина аналитичари осврнувајќи се на реформата зборуваат за "образовна револуција", бидејќи за помалку од една деценија се најавува речиси целосна промена во образовниот систем, промена во наставните цели, програми и идеи, како и замена на голем дел од постојниот наставен кадар. Полското Министерство за образование и спорт започна со имплементирање на реформата од 1-ви септември 1999-та. Во стариот систем имаше задолжително осумгодишно основно образование, а потоа учениците имаа можност да се запишуваат во средни училишта: стручни училишта (со тригодишна настава по чие завршување ученикот се здобиваше со конкретна и едноставна струка), општи гимназии (со четиригодишна настава) и стручно-технички училишта (со петгодишна настава). Реформата воведува нови типови училишта: основни училишта со шестгодишна настава, гимназии со тригодишна настава, како и "погимназиски" училишта: тригодишно профилско лицеум, тригодишно општо лицеум, четиригодишно стручно-техничко училиште, две или тригодишно стручно училиште и двегодишно општо лицеум или тригодишно стручно-техничко училиште каде што учениците кои ја посетуваа наставата во стручните училишта можат да го надополнат своето образование. Во преодниот рок истовремено функционираат стариот и новиот систем на образование. Постојниот систем пред воведувањето на реформата сѐ уште се однесува на лица кои ќе матурираат т.е. ќе се здобијат со т.н. "потврда на зрелоста" до 2004-та. Реформата предвидува дека наместо досегашните осум години на задолжително образование, учениците ќе морат да ја посетуваат наставата 12 или 13 години. Од 1 септември 2002, Мминистерството воведе задолжителен "компетенционен испит" т.н. "мини-матура" за сите ученици кои завршуваат шестгодишно основно образование. Со испитот треба да се тестира психо-образовната способност на учениците, а тој може и да ги замени приемните испити, барем во подобрите, попрестижните гимназии. По завршувањето на тригодишната гимназија следува т.н. "преориентационен испит", учениците се оценуваат со поени наместо со оценки, а без да се наведува границата "положил/паднал". Од бројот на добиени поени во најголема мера ќе зависи примањето (без приемни испити) во разни училишта на ниво на лицеум и стручно или стручно-техничко училиште. Реформата им

овозможува на учениците кои не ја продолжиле наставата по завршување на основното училиште во стариот ситем, автоматски да се здобијат со право да продолжат со едукацијата во погимназиските училишта во согласност со новиот систем. Во однос на високото образование реформата предвидува дека матурантите би имале можност да студираат на виши стручни школи каде што наставата трае 6-8 семестри, како и на високи академски школи коишто нудаат студии од прв степен (6-8 семестри по кои се добива титула "лиценцијат") и единствени магистерски студии. Студентите со високи стручни школи како и академски студии со прв степен ќе имаат право да продолжат со наставата на магистерско ниво. Системот на образование завршува со четиригодишни докторски студии, а во новиот систем докторантите се здобија со статус на студенти. Во реформата не останаа заборавени и наставниците. Имајќи ја предвид важноста на нивната општествена улога, беа воведени нови системи на нивната професионална промоција, а беше ветено и значително зголемување на нивните примања (за жал поради буџетски проблеми и тешката економска ситуација присутни во сите држави во транзиција, тоа ветување не беше остварено до крај). Истовремено наставниците беа поделени во пет различни категории во согласност со нивното образование, способност и работно искуство. За да се премине во повисока категорија потребен е соодветен стаж, а покрај тоа беа воведени и државни испити за учителите и професорите.

*Ненад Марковиќ*

## Школа за демократија

### *Транзициски демократски дефицит*

Поместувањето на политичкиот баланс во корист на западниот блок кон крајот на деведесеттите години на минатиот век, помпезно наречен "крајот на историјата" [1], донесе комплетно нов спектар на политички, социолошки и економски феномени, со еден збор подведени под терминот - демократска транзиција и консолидација[2]. Режимите ширум Јужна Америка, Азија и Источна Европа кои ја сменија содржината на својот политички систем се соочија со сосема нова констелација и феноменологија на проблеми кои варираа од комплетно растурање на структурата и репресивните органи на бившите режими, па сѐ до премин од командна на пазарна економија. Иако дел од овие земји, кои почнувајќи од Шпанија во 1974, па сѐ до неславниот распад на СФРЈ во 1991 година предизвикаа карактеристичен феномен наречен "третиот бран"[3] на демократизација, со различен успех и по различен пат ја изодеа трновитата патека на демократската транзиција (спорно е дали во некои земји демократската транзиција е завршена). Иако различни автори поинаку ги дефинираат границите и карактеристиките на демократската транзиција, несомнено е дека во повеќето од овие земји се јави еден заеднички феномен кој се однесува на целосниот идеолошки вакуум кој се јави во соодветниот државен амбиент. Паѓањето на авторитарните режими не повлече по автоматизам исполнување на политичкиот систем со демократска содржина, уште повеќе што дел од комунистичките партии повторно се вратија на власт во клима на несигурност и скепса кон новите политички сили. Интересно е да се напомене дека дел од земјите кои се најдоа во транзиција имаа историско демократско искуство пред триуфмот на комунизмот по Втората светска војна (на пр. балтичките републики на Советскиот Сојуз). Но, сепак, и покрај овој факт, авторитарните режими од Бразил до Бугарија, во поголема или помала мера го уништија демократскиот дух на цивилното општество. Неговата ревитализација беше еден од природните приоритети на демократската транзиција.

### *Македонија и потребата од "Школа за демократија"*

Демократската транзиција во Македонија по многу нешта беше карактеристична, проследена со проблеми од етнички, економски и пред сѐ безбедносен карактер.

[1] Се повикувам на концептот од истоимената книга на Френсис Фукујама.

[2] Термините демократска транзиција и демократска консолидација се разликуваат. Терминот демократска транзиција означува премин од авторитарен во демократски вид на режим, додека демократска консолидација означува фаза каде режимот се стабилизира и влегува во фаза на стабилна демократска процедура и содржина.

[3] Се повикувам на делото на Семјуел П. Хантигтон "Третиот бран".

Од една страна економскиот момент диктиран претежно од неповолните услови во земјата и во поблиското опкружување беше пресуден за слабите перформански на нашата држава во транзициониот период. Од друга страна, овој феномен беше засилен и продлабочен и со борбата за меѓународно признавање и опструкциите кои ги доживеавме од страна на различни фактори, но и од реално големиот демократски дефицит кој се јави на политичката сцена во Македонија (а во многу специфични услови), како и на ниво на политичка култура на пошироката популација. Република Македонија по прогласувањето на самостојноста се соочи со двоен проблем: ревитализација на цивилната култура на ниво на организирано цивилно општество, како и запознавање на граѓаните со нивните демократски права и обврски, и, секако, со демократската процедура.

Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество во партнерство со Фондацијата Институт отворено општество - Македонија во изработка на проектот "Школа за демократија" се поведе токму од овие идеи. Имено, и по една деценија од почетокот на демократската транзиција и консолидација во Македонија се чувствуваше клима на недоволна информираност и запознаеност со елементарните постулати и принципи на функционирањето на демократските режими. Овој феномен не се однесува само на електоратот во нашата држава како повремено активно политичко тело, ами и на политичката јавност како негов најистурен дел, и цивилното општество како, пред сè, коректив на власта. Токму од овие причини ИДСЦО и ФИООМ оценија дека нивната соработка би можела да се продлабочи во еден проект кој би имал за цел да помогне, колку е тоа возможно, во запознавањето на поширока таргет група со содржини од овој карактер. Ова беше и зародок на проектот кратко наречен "Школа за демократија" во организација на ИДСЦО и ФИООМ, кои се погрижија и за неговото имплементирање.

***Замислата и структурата на проектот***

Проектот "Школа за демократија" првенствено беше замислен како проект кој за своја цел би имал "да придонесе кон понатамошното развивање на Македонија како демократско општество, кое би промовирало и охрабрувало поединечно и колективно проактивно демократско однесување"[4]. Токму со таа цел, а со намера да се постигне "едукација во областа на демократијата"[5], како и "зголемување на свеста за демократските процеси"[6], ИДСЦО и ФИООМ во мај 2002 година стартуваа со реализација на проектот. Проектот беше спонзориран од ДФИД фондот при Британската амбасада во Скопје, а за дел од средствата се погрижи и ФИИОМ. Инаку,

[4] Од проектот "Школа за демократија", ИДСЦО и ФИИОМ, 2002, стр. 6.
[5] Ibid.
[6] Ibid.

проектот сам по себе се состоеше од три дела:

- Тренинг
- Едукација
- Кампања

*Тренингот* опфаќаше една комплексна хиерархиска структура која имаше за цел да произведе 10 инструктори за демократија (тим Б) кои понатаму би обучиле 100 други цивилни тренери (тим Ц) кои преку организација на локални настани би го пренеле своето знаење на локалната средина од каде што и самите доаѓаат. Обучувањето на десетте инструктори за демократија се случи во хотел "Бистра" во јуни 2002 година, а обуката беше изведена од група еминентни стручњаци од областа на правото, политичките науки и европските интеграции.

Како најодговорен дел од проектот, а на самиот врв на хиерархијата беше поставен Academic Advisory Board (AAB) кој имаше за цел да ја надгледува комплетната имплементација на проектот, неговиот прогрес, како и да дава сугестии и предлози околу евентуалните недостатоци и можности за подобрување на резултатите од него. AAB, може да се заклучи дека беше "главата" на проектот и нивните сугестии и предлози многу помогнаа за успешната реализација на проектот. Тимот ААБ беше во состав:

- Проф. д-р Гезиме Старова
- Проф. д-р Емилија Симоска
- Проф. д-р Денко Малески
- Проф. д-р Владимир Милчин
- Проф. д-р Ѓорѓе Иванов

Десетте инструктори за демократија т.е. тимот Б имаше одговорност своето стекнато знаење понатаму да го пренесе кон поширок аудиториум составен од НВО активисти регрутирани претежно преку мрежата "Доста е" на ФИИОМ. На конкурсот кој беше распишан за пополнување на местата за цивилни едукатори се пријавија голем број учесници кои беа поделени во десет региони. По извршената селекција на кандидати за тимот Ц, а соодветно на регионалната поделба, тимот Б беше разбиен во пет помали групи од двајца инструктори кои имаа за задача да ги обучат цивилните едукатори во соодветните региони. Обуката беше спроведена во период октомври-декември 2002 при што како краен "output" се добија 100 истренирани и обучени цивилни едукатори за демократија кои подоцна дадоа придонес преку анимирање на своите локални средини околу темите поврзани со локалната демократија, цивилното општество, изборите и ред други теми кои се дел од демократскиот амбиент.

*Едукација.* Цивилните едукатори по завршувањето на својата обука имаа за цел своето знаење да го инструментализираат преку организација на настани од најразличен карактер во локалните средини од каде што потекнуваат. Модусите на организација на овие настани беа

најразлични - од тркалезни маси и јавни дебати, до мини-едукации за теми поврзани со содржините на проектот. Всушност, преку организација на овие локални настани, се даде можност демократските содржини да допрат и до свеста на обичниот граѓанин, со што се задоволи уште една замисла на проектот, а тоа е една сеопфатна, темелна и квалитетна "grassroot" акција не само меѓу НВО активистите во Македонија, ами и поширока целна група. Анимирањето на локалните средини и нивното запознавање со одредени демократски содржини, секако беше една од замислите на проектот "Школа за демократија". Демократијата сепак почнува од самиот граѓанин и му служи нему, секако, доколку тој е запознаен со можностите, но и со лимитите што таа ги нуди.

*Кампања.* Проектот "Школа за демократија" немаше да биде целосен и толку сеопфатен доколку не беше проследен со медиумска кампања. Замислата на овој дел од проектот секако беше да се даде и медиумска поддршка, како и публицитет на "Школа(та) за демократија" со што би се овозможило уште поголем број луѓе да се запознаат со содржините на проектот. Кампањата беше замислена на две нивоа: локално и национално, а преку два модуса - печатени материјали и веб-сајт кој е во употреба и кој ги содржи сите релевантни информации за проектот "Школа за демократија" (www.demokratija.org.mk). Билбордите и постерите што се изработија за целите на кампањата можеа да се сретнат низ градовите (и помалите локални заедници) ширум Македонија, а беа инспирирани и ги содржеа носечките идеи на демократијата. Медиумската кампања мошне многу придонесе проектот "Школа за демократија" да доживее популаризација и широка медиумска покриеност на територијата на Македонија. Од друга страна, веб-сајтот кој е активен веќе подолго време нуди, покрај релевантните информации во врска со проектот, и можност за учество на веб-форумите поврзани со темите од демократијата како политички систем, демократијата како содржина и процедура, демократијата како начин на размислување... На веб-сајтот се поместени и Тетратките за демократија кои можат слободно да се download-уваат, а претставуваат основен едукациски материјал во рамките на проектот.

***Тетратки за демократија***

Тетратките за демократија во рамките на проектот "Школа за демократија" беа можеби најпредизвикувачкиот дел на проектот. Да се состави материјал кој ќе послужи за едукација на широк аудиториум, кој би требало да бидел лесно достапен, разбирлив, а притоа да ги содржи сите релевантни информации за темите кои би требало да бидат нужен минимум во една квалитетна едукација на тема демократија, е

мошне сложено само по себе. Иако поминаа повеќе работни верзии (од најсложени академски прирачници до комплетно user-friendly брошури), нивниот финален изглед и содржина допираат до најшироката целна група која би можела да се заинтересира за една или за повеќе зададени области. Утврдувањето на темите како и изработката на содржината беше задача на ИДСЦО при што со цел најоптимално да се систематизира и подели материјалот, беа лоцирани десет теми поместени во десет Тетратки за демократија. Насловите на тетратките се[7]:

1. Демократија или демократии?
2. Граѓанин за граѓанин, држава за пари
3. Зошто демократија? А зошто да не?
4. Патиштата и крстопатите на демократијата
5. Демократија или што да се прави
6. Демо-фитнес: како се развива демократијата
7. Светот и демо(н)кратијата
8. Демократија и еврократија, дај ми ја на ти ја
9. Демократски мулти-култи коктел: вредности и идентитети
10. Конфликти - водич за демократско преживување

Иако работните наслови на овие прирачници се менуваа во текот на работата, може да се рече дека финалниот изглед и формата на тетратките е заеднички напор на ИДСЦО, ФИООМ и, секако, на тимот ААБ кој го имаше последниот збор при содржинската корекција на овие тетратки, како најискусен и најстручен од оваа област. Нивното приспособување кон потребите на целната група беше една од најмакотрпните активности во рамките на проектот "Школа за демократија". Самото публикување на тетратките, а со цел да бидат што поприемливи и подостапни до сите граѓани и НВО активисти во Македонија, се одвива на повеќе јазици со соодветен број примероци според процентуалната застапеност на етничките заедници во Република Македонија. Тетраките се печатат на седум јазици и тоа:

- 40 000 примероци на македонски јазик
- 20 000 примероци на албански јазик
- 5 000 примероци на турски јазик
- 1 500 примероци на српски јазик
- 1 500 примероци на влашки јазик
- 1 000 примероци на ромски јазик
- 1 000 примероци на босански јазик

Со покриеност од овие размери, како и со можноста тие бесплатно да се преземат од веб-сајтот на "Школа за демократија", Тетратките за демократија треба да

[7] Преземено од сајтот на проектот "Школа за демократија" - www.demokratija.org.mk.

претставуваат достапно и лесно разбирливо четиво од областа на демократијата и сѐ она што ја креира нејзината содржина како нејзиниот историски развиток, мултикултурното живеење, политичките партии и изборите, нејзините недостатоци и предности, конфликтите во рамките на демократските системи итн.

***Заклучок***

Уште самата замисла на стартот на проектот "Школа за демократија" беше преку една разновидна, креативна, а пред сѐ, лесно достапна активност да се помогне во подобрувањето на македонскиот демократски амбиент. Демократскиот транзициски дефицит е нешто со кое се соочија голем број земји, меѓу кои Македонија не беше исклучок. Недостатокот на демократска содржина и практика секако е нешто со кое Македонија се соочува и по една деценија од преминувањето кон демократски политички систем. Во таква атмосфера ИДСЦО и ФИООМ се потрудија да изработат еден проект кој истовремено влијае на највиталната сфера на едно општество - цивилното општество, преку него давајќи свој придонес кон глобалното "grassroot" ширење на демократската култура кај пошироката популација. Замислата на "Школа за демократија" беше токму таква да помогне кон популаризацијата на овој проблем и негово постепено елиминирање преку активирање на заинтересираните сфери од општеството. Евентуалното продолжување на проектот преку други модуси на дејствување веројатно би придонесло уште повеќе.

*Емил Атанасовски*

## Учење преку практика

Многу работи во Македонија се сменија по распадот на бивша Југославија и транзицијата во демократски систем. Се смени политичкиот и економскиот систем и се поставија основи за развој на економски и социјален поредок кој треба да им пружи поголеми можности на новите генерации. Сепак, останува горкото чувство дека во Македонија многу малку, ако не и воопшто, не се работи на создавањето можности за младите, перспективни и квалитетни студенти и дипломци.

Речиси и да не постои механизам преку кој тие ќе се стекнат со знаење и искуство кое треба да ги воведе во светот на работната сила каде што ќе можат да го искористат својот потенцијал.

Образовниот систем, особено високото образование во Република Македонија, сѐ уште е поставено на основите на стариот социјалистички систем, предозиран со екстензивно теориско образование и многу малку теориска, односно практична настава. Образованието во Македонија по теркот на минатиот систем сѐ уште нѐ учи да апсорбираме знаење кое во практиката ретко можеме да го спроведеме, не затоа што не умееме, туку поради тоа што немаме каде да го сториме тоа и преку каков механизам.

Македонскиот образовен систем не Ви дава можност да размислувате и да го практикувате она што сте го научиле. За илустрација, и покрај бројните правни предмети и уште поголем број членови од законите што ги изучуваат студентите на Правниот факултет, тие не се оценуваат, односно не им се дава шанса да симулираат барем еден правен случај во текот на студиите.

Студентите од Економскиот факултет поминуваат бројни предавања од економија, а без притоа ниту еднаш во текот на образованието да бидат оценети за конкретна работа или практична работа што ја имале на економско поле.

Студентите на политички студии се оценуваат по испити за стилистика и реторика, без да бидат оценети ниту за еден напишан или презентиран говор.

Овие, но и многу други примери, се само рефлексија на образованието во Македонија, но и практика која потоа се рефлектира во нашите државни институции. За жал, во нашава држава образовниот систем бавно и неадекватно ги прифаќа модерните начини на образование кои ставаат сѐ поголем акцент на практичната настава и на учењето преку конкретни случаи.

Веќе историското трансформирање на државните унивезитети во кредит трансфер системот уште повеќе ја отежнува ситуацијата, затоа што не постои формален начин студентите да бидат оценувани и да

добиваа кредити за практичната настава или за практикувањето кое би го имале во некоја релевантна институција.

Во денешниот брз глобален свет на комуникации, интернет, и практичното непостоењето на границите за комуникација и пазарот, човечкиот капитал и човечкиот ресурс се клучните состојки за успех.

Не е доволно само да образувате кадри кои во текот на нивното универзитетско образование ќе се судрат единствено со теориски, апстрактни проблеми, туку е важно истите тие кадри да ги соочите со реалноста на секојдневната работа и функционирање на правилата на игра во работниот свет.

Сепак, чудна е реалноста во нашата држава која во ситуација кога најмногу ѝ треба свеж ум, нови идеи, отвореност и креативност, како и пенетрација на млади креативни умови во старите инертни институции, ние се наоѓаме во ситуација да ја губиме основната состојка за напредок.

Македонија губи квалифукувана, млада работна сила која заминува од државата во потрага за нови можности.

Причината поради која младите заминуваат од нашата земја не е пред сѐ финансиска. Причината поради која заминуваат е потрагата по шанса, можност да се докажат, можност да покажат што и колку умеат и колку можат да научат.

Од 1999 година во организација на НДИ (Националниот демократски институт за надворешни работи), егзистира една исклучително успешна приказна која е позната како Програма за практиканти во Собранието на Република Македонија. Оваа програма служи за пример како една едноставна идеја како што е практикантство, надополнета со правилно менаџирање со човечките ресурси им отвора можности на младите да научат и да покажат што умеат, притоа зајакнувајќи ги инстиутуциите во коишто работат.

Практикантството претставува еден модерен механизам на образование преку кој на студентите им се дава можност преку неколкунеделна или месечна работа во една јавна или приватна институција да се стекнат со знаење и работно искуство кое потоа ќе им служи како искуство и референца за понатамошниот пробив на пазарот на работна сила.

Практикантството или популарно internship е едноставен механизам кој е од заемна корист за сите засегнати страни. Работодавецот добива млада, ентузијастична, желна за работа и докажување работна сила која чини релативно малку во споредба со бенефициите што ги носи.

Практикантот се стекнува со можност она што го учел или она што го учи, да го спроведе на дело, да го изработи, да се стекне со ново знаење, да се докаже и да придонесе во организацијата каде што работи. Win - Win ситуација во која

единстено губи оној кој не се обидел да го примени овој систем.

За да ја поткрепам со факти успешната приказна која може да служи како модел за многу поуспешни приказни во иднината, ќе презентирам неколку интересни факти за програмата и што се случува кога на една група желни, академски успешни, проактивни млади луѓе ќе им дадете можност да работат во највисокиот законодавен дом во нашата држава.

Националниот демократски институт воден од идејата дека во извршувањето на работните обврски на пратениците во Собранието кои работат со недостаток на човечки и финансиски ресурси би им користеле поддршката и асистенцијата на триесетина млади студенти и дипломци кои имаат академски квалитети и интерес да стажираат во законодавниот дом, во 1999 ја иницираше програмата практиканти во Собранието на РМ.

Од 1999 година  секоја година НДИ споведува програма преку која 25-30 студенти, дипломци или постдипломци кои имаат правно, политиколошко или економско образование работат за пратениците и пратеничките групи во Македонското Собрание. Преку распишување конкурс на кој во просек се пријавуваат по 300 кандидати за 30 работни места, преку фер и ригорозен процес на селекција, НДИ секоја година обезбедува млада, ентузијастична, образована работна сила која работи за пратениците и за Собранието на РМ.

Заклучно со последната генерација која во моментов работи во Собранието, над 90 млади луѓе, студенти, имаа шанса да работат за пратениците и да бидат дел од Програма за практиканти во  Собранието на РМ и секојдневно да учествуваат во процесите на донесување одлуки во највисокиот законодавен дом.

Нивната работа се состои од вршење истражувања, подготвување компаративни анализи, пишување говори, амандмани, нацрт законски текстови, правење медиумски извештаи за пратениците, па сè до најобичните секојдневни задачи како пишување на компјутер, подготвување извештаи, фотокопирање, пишување, праќање писма и факсови.

Резултат на нивната работа за пратениците се големиот број анализи, законски текстови, амандмани, извештаи и говори кои пратениците ги имаат користено при вршењето на својата одговорна работа.

НДИ има високи критериуми при спроведувањето на програмата и при селекција на практикантите. Се избираат оние кои во текот на селекцијата покажале најмногу и оние за кои се верува дека имаат најголем потенцијал.

Голем број на оние кои биле дел од програмата сега се политички активни, или се вработени во државните министерства,

можеби градат академски кариери на факулетите во Македонија.

За илустрација, од вкупно 35 практиканти кои добија можност да работат во Собранието на РМ во 2003 година, веќе во септември 2003, а тоа е 2 месеца пред завршувањето на овогодишниот циклус, 35% од практикантите се вработија и започнуваат со своите работни кариери.

Само од последната генерација практиканти во Собранието од која 20-мина сè уште работат во Собранието, два бивши практиканта сега работат за Владата на РМ. Три практиканти се вработија во Министерствата за земјоделие, финансии и економија. Останатиот дел се вработија во банки, осигурителни компании и компании за мобилна комуникација, дел се активни во партиските подмладоци и активно се вклучуваат во политиката, а дел се активни во невладиниот сектор.

Фактите и бројките кои говорат за програмата за практиканти во Собранието на РМ организирана од НДИ - Македонија немаат за цел да ја презентираат успешноста на програмата.

Целта е да се илустрира фактот дека на младите треба да им се даде шанса преку практични програми да го покажат своето знаење, да напредуваат академски и професионално и да им се отворат можности во нашата земја.

Преку програмата за практиканти во Собранието на РМ им се дава шанса на студентите да бидат во врвот на законодавната власт и да работат за пратениците и за Собранието. Сите оние кои досега биле дел од програмата, имаат позитивно искуство од ваквиот тип на работа и токму тоа работно искуство претставува импулс за натамошен равој и успех на овие млади луѓе.

Со правилна работа резулатите нема да изостанат доколку слични програми им се овозможат на студентите и во други наши институции и организации.

Во нашата држава постои голем број млади луѓе кои чекаат да им се даде шанса, кои чекаат да се стекнат со барем некој вид работно искуство. Има голем број квалитетни, креативни млади луѓе кои не ја гледаат перспективата во нашата земја, бидејќи не им се дава можност да се докажат.

Треба еднаш засекогаш да се напушти практиката присутна во Македонија во изминативе години, а тоа е нашите инстутуции, а особено министерствата, владата, собранието, локалната самоуправа да бидат затворени за студентите кои се во потрага по работно искуство и практично образование.

Треба да се напушти практиката да им се даваат шанси на младите само по партиска, роднинска, пријателска или финансиска заслуга. Досегашните искуства покажуваат дека нашите институции се сè понеефикасни, позастарени, понекомпетентни токму поради

начинот на кој се пополнува и на начинот на кој се менаџираат човечките ресурси.

Воспоставувањето програми за поголемо учество на младите, или формирањето практикантски програми не е решение, туку е само еден чекор преку кој во нашите институции ќе се долее свежа крв, луѓе со нови идеи кои ќе имаат шанса да ги покажат своите квалитети и да придонесат за развојот на нашите институции. Во исто време вакви практични програми можат да бидат и филтер преку кој најспособните и најквалитетните ќе добијат шанса да го заменат неадекватно едуцираниот и застарен кадар и оние кои заминуваат во пензија.

Овој текст нека послужи и за нашите министри, заменици министри, пратеници, судии, градоначалници, директори, бизнис лидери, политичари, луѓе кои имаат влијание и можност да донесуваат одлуки, да го прифатат потенцијалот кој стои пред сите нас.

Треба да се прифати човечкиот ресурс кој стои неискористен и чека шанса.

Размислувајте надвор од стереотипните воспоставени норми и дајте им шанса на студентите и дипломците кои чекаат работа. Дајте им шанса да волонтираат, да практикуваат, да работат кај вас, да се стекнат со искуство. Практикантството е само една успешна приказна преку која можете да ги вклучите младите и да им помогнете да се образуваат и да придонесат за себе и за општеството.

Дајте им повеќе шанса на младите, бидејќи ако не го искористиме човечкиот и интелектуалниот ресурс што го имаме, патот што го имаме зацртано за нас и за нашата држава ќе биде долг.

*Гоце Дртковски*

## Името на Книгата

*Без стратешки промени во односот кон книгата - разбрана како мера за националнато образование и култура - издавачката дејност и понатаму ќе биде привлечен/евтин дезодоранс, задушен од лошите мириси што сѐ повеќе се шират во националното образование.*

Името на симболот на знаењето - ***книгата***, не го оспори ниту телевизијата, ниту интернет комуникацијата. Несреќата со книгата што нам локално ни се случува е неснаоѓањето кое упорно одбиваме да го констатираме и да се соочиме со лошото будење. Како што поминува времето, последиците ќе бидат поочигледни и поголеми. Немаме истражувања што би укажеле каде сме, ниту стратегија и конкретни цели, за да знаеме во која насока сакаме да се движиме и со кои конкретни активности би го постигнале тоа. Досега не е преземена обврската или одговорноста за повлекување стратешки потези што би воделе кон конкретни резултати - амбиент што ќе значи зголемување на издадени/прочитани книги по глава на жител, како и создавање поатрактивен пазар за вложување. Државата не прави речиси ништо што би придонело за глобално подобрување на пазарот на книгата.

Истовремено, не можеме да полемизираме дали државата одвоила доволно пари и дали таа корисно ги троши. За едреникот што не се упатил никаде, секој ветер подеднакво е territory поволен.

### Слеп колосек

Издавачката дејност во Македонија најдобро може да се согледа на релацијата Министерство за култура - издавачи. Едните даваат, а другите примаат субвенции. Обврските на издавачите се еднакви со интересот на Министерството - делото да биде издадено. Не постои одговорност/обврска на издавачот (ниту на Министерството), да ги декларираат ефектите од потрошените пари на граѓаните. Нема евалуација на квалитетот на изборот на делото, на авторството, на квалитетот на преводот, на графичките и другите стандарди, на бројот на продадените книги,.. па дури не е задолжително ниту делото да излезе на увид на јавноста. Постојат одредени декларирани критериуми што се покритие за доделување субвенции, а кои се сведуваат на широка рамка, што овозможува дискреционо право да се поддржи и

најбесмисленото издание, или највредното дело да се игнорира.[8]

Колку пазарот станува поограничен, толку повеќе издавачите се зависни од парчето колач издвоено од буџетот за "издавачка дејност#. Како што социјалната помош своите приматели ги прави зависни и нејаки (на крајот и незаинтересирани од резултатот на својата работа), така личностите што решаваат за културното милосрдие, ги прави позначајни од целта за која се трошат парите.

[8] ***КРИТЕРИУМИ И ОБВРСКИ на Конкурсот за финансирање програми и проекти од национален интерес во културата за 2004 година (издавачка дејност)***

Министерството за култура ќе учествува во финансирањето на:

- *први изданија* од областа на уметничката, научната и стручната литература;
- *преводи* од говорни и неговорни јазици (класични јазици и др.) на македонски јазик и на јазиците на националностите;
- *преводи* од македонски јазик и јазиците на националностите на странски јазици;
- *монографии* од областа на општествените науки и уметностите;
- *лексикографски изданија*;
- *избрани и собрани дела*;

При селекцијата на Конкурсот за финансирање програми и проекти од национален интерес во културата за 2004 година (издавачка дејност) предност ќе имаат:

- *некомерцијални* проекти и публикации;
- публикации и проекти кои влегуваат во *профилот и едицијата* на издавачката куќа;
- проекти и публикации за кои се обезбедени *и други извори на средства* освен Министерството за култура;

Субвенционирањето од страна на Министерството за култура ќе се поништи доколку, при доставувањето на реализираните публикации на Конкурсот за финансирање програми и проекти од национален интерес во културата за 2004 година (издавачка дејност), не се приложи доказ дека се извршени следниве обврски:

- *каталогизација* во НУБ-Скопје на книги и списанија (ЦИП и ИСБН за книги, а ЦИП и ИССН за списанија),
- *лого* или *изјава*, отпечатена во *секој* примерок од публикацијата, која потврдува дека издавањето на делото е финансиски поддржано од Министерството за култура на Р. Македонија;
- документ за исплата на *авторски надомест*;
- фактура за исплата на *печатница*;

Непостоењето сериозна стратегија во издаваштвото во услови на лош пазарен амбиент, создава неприродна состојба во која виталноста не е поврзана со издавачкиот успех, туку е резултат на способноста наречена снаодливост - да се биде поблиску до државните пари.

Немањето стратегија не може да се компензира со случајниот избор на издавачот, личните афинитети на комисијата од поети, литературни критичари и филозофи - повеќе добар или лош вкус, повеќе или помалку чесност на оние што ги делат парите, и на поголема или помала професионалност и етичност на оние што ги трошат парите.

Попрецизно - книгата на националниот јазик е стратешки интерес. Колку пари и како ќе бидат трошени од државните дотации е национално прашање и предмет на директен интерес на повеќе владини ресори, примарното образование, државни и приватни универзитети, факултети, културни институции, научни институти. Креирањето стратегија во оваа област тешко може да се гради без да се имаат предвид различните потреби, во кои спаѓаат и сондирањето на образовните и културните потреби на граѓаните, движењата на пазарот, како и користење на други национални искуства.

На оваа релација не може да го препознаеме читателот и неговите образовни потреби или некои повисоки национални интереси.

Издавачите секогаш ќе постојат и ќе ја работат посредничката улога меѓу делото и пазарот. Тука почнува и завршува нивната улога. Организираното општество треба да знае да ги препознае интересите и да создава амбиент за промоција на книгата. Релацијата што денес е доминантна во издаваштвото е слеп колосек.

**Менталитет**

Постојат методологии и механизми што многу лесно може и на ограничен пазар каков што е нашиот, да го сменат курсот во издаваштвото во позитивна насока. Проблемот треба да се бара во нашето однесување, менталитетот, стекнатите навики. Повеќевековната доминација на османскиот систем оставила навики што денес негативно влијаат на прифаќањето на модерните институции и начин на размислување.

Wayne S. Vucinich во делото *The Ottoman Empire: Its Record and Legacy* (Princeton, N.J.: Van Nostrand, 1965), вели дека *Османскиот општествен систем создал многу несакани навики... кои останале да живеат и по падот на империјата. Вековите на феудалното ропство придонеле во државите да преовладува јавашлак, или состојба на летаргија, незаинтересираност, нерешителност и тенденција кон покорност, која произлегла од неопходноста да се преживее. Ова може лесно да се види и во односот кон власта - страв, но во исто време и понизност и помиреност. Паралелно со сервилноста оди итроста, изразена во обидите да се заобиколат пречките, особено оние што ги наметнува власта, по пат на не премногу етички... па дури и нелегални средства. Опстојува мислењето дека е сосема дозволено да се лаже и да се краде од власта...*

Социјализмот донесе недефиниран облик на сопственост. Заедничкото беше истовремено и ничие и сечие. Односот кон земањето од заедничкото, за да се задоволат личните потреби, никогаш не се доживуваше како кражба, туку се сметаше за снаодливост да се искористат позициите во општеството. Таквиот однос на околината се задржа и во транзицијата, кога голем дел од богатењето се случи на сметка на осиромашување на социјалистичките фирми. *Успешните* не беа дури ни морално осудувани. Напротив, тие беа пример за углед - "браво, се снашол".

Социјалната криза што кај нас подолг период сè повеќе се продлабочува, влијае врз инсистирањето на поединците врз сопствените интереси за гола егзистенција или врз задржувањето на некогаш стекнатите социјални позиции, уште побезобзирно не водејќи сметка за последиците од таквото однесување. Кога би се процениле реалните национални потреби во образованието, во споредба со тоа што се финансира од државниот буџет во издавачката дејност, лесно може да се препознаат личните интереси и социјалната улога на доделените пари. Без поголема

традиција на чувство за заштита на заедничкиот интерес како сопствен, и во услови на социјална паника, шансите за брзи и ефикасни реформи се многу мали.

Во секое општество, тенденцијата на граѓаните е да ги остварат најдобро своите лични интереси и тоа е легитимна категорија. Менталитетот и навиките да се зема од државата, без да се има чувство дека е во прашање нешто нечесно, го загрозува нашиот национален просперитет. Примерите што ќе бидат наведени во текстов, немаат намера да држат часови по етичност. Иманентно на човековата природа е да се бори да обезбеди за себе најдобри можности. Одговорноста паѓа на власта, која што има/поседува моќ и обврска да го нормира однесувањето на граѓаните и да го брани општиот интерес, за да обезбеди услови за прогрес на општеството.

**Бура во шолја кафе**

Државните факултети многу брзо ќе ја почувствуваат конкуренцијата на приватните универзитети со настава на некои од светските јазици, заради можноста од користење на извонредно богата литература. Државните факултети без квалитетни преводи можат брзо да ја доживеат судбината на скромно бесплатнообразовни, наспроти скапото и квалитетно приватно образование. Според проценката што ја имаат направено професори од Источниот европски универзитет, каде што голем број студенти мораат да се потпрат исклучиво на мајчиниот јазик, потребната преведена литература за квалитетни студии се покрива едвај со 10, максимум 15 % од потребната. Сфаќајќи ја сериозноста на проблемот, тие преземаат иницијативи за превод на клучната литература во областите во кои се одвива наставата.

Личниот интерес на државните факултети се сведува на тоа професорот да издаде/продаде свој учебник. Ретко кој од нив манифестира интерес за превод на странска литература. Образованието денес е интернационализирано и голем број успешни книги се користат насекаде во светот. Никој не е загрижен што во некои актуелни учебници се учат Кардељ и Борис Кидрич или се базираа на други веќе надминати знаења или вредности. За универзитетски професори што ги згазило времето, преводот на странска литература би им донел финансиска загуба и би го загрозил нивниот професионален авторитет. Студентите се тие што живееат со некои бесмислени програми за одредени курсеви, но заради нивната подредена позиција, не може многу да влијаат тоа да се измени. Државата независно од квалитетот на кадарот што излегува од некои високошколки институции, троши пари во образованието.

Меѓународни институции/фондации со седиште во Македонија, покажуваат дека потребите во образованието многу добро може да се изразат и преку стимулирање на

печатење изданија што се од национално значење, со што двојно се помога - финансиски и со градење критериуми за наслови што се клучни за образованието и културата на една нација. Мотивите се едноставни и разбирливи. Да се помогне одредени знаења и искуства да бидат достапни до еден мал и многу сиромашен пазар со преводи.

Нашиот национален пристап е сосема различен. Се прави избор на дела што ќе бидат поддржани од списокот на издавачите што бараат субвенција, што пред сè е приватен интерес. Само заради фактот што Министерството за култура финансира обем на издание од 21 авторски табак, националниот интерес не може да се совпадне со интересот на издавачите, да конкурираат за пообемни, антологиски изданија. Колку други приватни интереси се пресудни, издавачот да се определи за овој или оној наслов, а тие да не бидат од никаков поширок интерес? Поддршката на домашната продукција е несразмерна со поддршката на преводите. Колку и да имаме секоја година по некое убаво авторско изненадување, тоа сепак е само бура во шолја кафе, во однос на она што секоја година го пропуштаме од светската продукција. Во Македонија постојат значајни автори, чии дела треба да се поддржат, и упорни автори кои не може да се игнорираат. За жал, вистинските вредности многу често се знаат повеќе во затворени професионални кругови. Упорните автори се и упорни луѓе. Често толку влијателни, што во наши услови е тешко да се игнорираат нивните скромни креативни можности. Замислете дека еден наш актуелен академик има повеќе од 100 објавени наслови - лирика, и се разбира сите тие добро дотирани од државата, а тој сѐ уште не е ниту кандидат за Нобелова награда.

Издавачката процедура, често започнува со тоа што авторот на поезија или некој магистерски или докторски труд сам се нуди да ја одработи, излобира донацијата, доколку издавачот е подготвен да го стави на листата на дела за субвенција. Тоа е сериозна, непродуктивна и нелојална конкуренција на извонреден број современи дела што како нација треба да најдеме начин да ги преведеме и поделиме со светот. Но, големите светски автори не се заинтересирани да лобираат кај македонските службеници!? Постојат екстремни примери каде книга поезија е финансирана преку буџетот од Министерството за наука. Илустративен пример за нашата практика е Институтот за фолклор. Во архивите на овој институт има извонредно богата збирка народни приказни. Наместо оттаму да излегуваат томови книги народни приказни, извонредно важни за културата и традицијата на земјава, и наменети за најширока читателска публика, оттаму пристигнуваат барања за публикации на стручни авторски трудови, чие значење сигурно не е за потценување, но кругот на

читатели за вакви дела е навистина тесен. Во организирано општество, продукцијата и презентацијата на фолклорното богатство од Институт што е државна институција би било нешто што се подразбира. Додека, стручните текстови би можеле да се умножат во рамките на потребите или да се најдат на некој сајт на интернет. Државата мора да размислува зошто некои институции постојат, како и на своите национални приоритети.

Крупните материјални лични интереси може да се издвојат во сферата на продукција на учебници и лектири. Проф. д-р Јадранка Владова во својот текст (*Дневник*, 30-31 август 2003 г.) укажува дека во институциите на системот што се задолжени за развојот на образованието, доминираат поединци што сопствените позиции ги злоупотребуваат за лични бизниси во областа на учебникарството. Покрај класиците во литературата, младите генерации ќе треба да причекаат во задолжителната лектира да сретнат четиво со модерен сензибилитет и тема што ќе може да го предизвика нивниот интерес - гладта за книга?

Личниот интерес е многу жилав и процесот на ставање на пиедесталот на поширокиот интерес нема да биде ни малку лесна работа за оние што ќе имаат храброст да го започнат. Би било добро ако во тој процес биде искористен авторитетот на МАНУ. Наместо тоа, ние го имаме националното клише и во оваа институција, сочинета од поединци и нивни приватни интереси. Во објаснувањето на еден влијателен човек во издаваштвото, зошто толку голем број наслови поезија и книжевна критика се предмет на субвенција, беше посочен составот на МАНУ, каде што во сенка на поетите и литератите се правниците, економистите, научниците што се занимаваат со аграрот и со други "практични# професии од значење за социјалниот и стопанскиот прогрес на земјата. Не е чудно што сите сакаме да бидеме поети!? Наспроти локалните вредности, ако не ја вброиме манифестацијата "Струшките вечери на поезијата", Македонија е на маргините во регионот, и речиси наполно непозната нација во светската литература.

**Круг**

Државата не може да ја избегне одговорноста дека сме на дното во Европа според бројот на печатени нови наслови и прочитана книга по глава на жител. Одговорноста не ја упатувам на Министерството за култура, зашто книгата колку е културен, толку е и образовен проблем, но и фактор на целокупниот општествен напредок. Ова Министерство секако останува клучно за промоција на уметничката литература и за промоција на културното наследство, како на национално, така и на меѓународно ниво. Доколку се јави потреба ова Министерство да ги координира работите во областа на книгоиздателството, треба да се тргне од потребите на сите

засегнати страни во општеството, а не тоа да биде работа на афинитет на членови на литературен кружок.

Во градењето на националната стратегија во образованието, мора да се направи сериозно испитување на потребите и пазарот. Треба да се знае која популација колку и што чита, кои книги недостасуваат, за каква литература читателите имаат интерес и така натаму. Една од информациите клучни за градење на стратегија во книгоиздателството е колкав процент од младите луѓе читаат, освен на мајчиниот, и на други сродни или светски јазици. Овој податок е исклучително важен, за да се дефинираат потребите и да се постави реално дали можеме на македонски јазик, барем што се однесува на општите придобивки во образованието, да имаме приклучок со европските стандарди. Тоа е прашање и на апсорпционата моќ на релативно малиот пазар, подготвеноста на државата да партиципира повеќе во оваа област, особено во создавањето пазарен амбиент. Исто толку е важно дали ние имаме доволно квалитетни преведувачи од повеќе светски јазици, за да го следиме светскиот тренд, или ќе се бараат алтернативни решенија?

Неподготвеноста да се интеревенира во оваа област, а уште повеќе и да се штеди државниот буџет на сметка на прогресот на земјата во услови на социјална, духовна, материјална, безбедносна криза, значи директно загрозување на перспективата на земјата, во буквално сите сегменти на нејзиниот развој. Штедењето може да се разбере единствено во начинот на кој се трошат државните пари, во областа на издаваштвото. Со јасна национална стратегија, државата може да очекува и меѓународна поддршка на една развојна образовна програма во која долгорочно би се работело на преводи на клучни дела што недостасуваат на стратешко ниво во образованието и културата.

При креирањето подобар амбиент за книгата, треба да се создаде слободен пазар - незамислив без моќна дистрибутивна и продажна мрежа, достапна до сите што може да понудат квалитетно издание. Пред неколку години постоеше инцијатива на помалите издавачи да се направи заедничка поголема продажна мрежа, во кој проект би можеле да се користат и странски пари. Се случи она што пред десетина години монополот "Нова Македонија# го правеше на пазарот на весници. Иницијативата беше игнорирана од етаблираните издавачи, за да не им биде загрозена монополската позиција, особено во однос на издавањето учебници и препечатувањето лектири. Каква револуција направи дистрибуцијата на "Дневник#, што во првите години беше дотиран и од државата? Што би се случило кога во големите супермаркети, пазарејќи основни животни продукти, читателите би можеле да

изберат и некој добар, нов наслов? Државата треба да размислува и на различни облици на промоција на книгата, на заштита на издавачите од фотокопии/пиратерија...

Амбициите на овој текст се да се препознае заедничкиот интерес наспроти другата страна - доминантниот, непродуктивен, личен интерес. Со реформи и крупни стратешки промени би се влегло во конфликт со голем број моќни поединци, етаблирани во општеството. Тој ризик однапред треба да биде вкалкулиран. Како државата да го наметне општиот, националниот интерес во образованието и културата во сферата на издавачката продукција со своите моќни механизми, наспроти веќе изградените невидливи патишта преку кои се остваруваат голем дел од интересите што не се совпаѓаат, и дури му штетат на заедничкиот интерес?

И покрај заканата од ветрови и бури, едреникот треба да исплови.

*д-р Ана Пејчинова*

## Книгата е книга е-книга

*Идеја и решение: Слободна информација, отворени архиви и електронско издаваштво*

Овој текст се концентрира на две основни теми: електронското издаваштво и принципот на слободна информација, актуелизиран во дигитални архиви со безбариерен пристап. Накратко ќе ги разгледаме проблемите кои се провлекуваат во областа на приватниот сектор на издаваштвото и во државниот сектор на културата, науката и образованието, но главно ќе се сосредоточиме на опис на еден нов модел кој е потенцијално решение на проблемите на обата сектора, приватниот и државниот. Овој модел има два столба, а тоа се идејата и вредностите на *Отворената информација*, која се имплементира на одржлив, финансиски поволен и ефикасен начин во *електронското издаваштво*. Овде нема да говориме за комерцијалното издаваштво, туку ќе ги претставиме придобивките од слободен пристап до непрофитни информации во дигитален формат.

### Принципот на Отворена информација

"Отвореност" и "слобода" се зборови кои најчесто имаат паралелна употреба. Можеме да ги сретнеме во изразите како Open Archive Initiative, Free Information, Free Software, Open Source, Open Society, Open Access, OPAC (Open Public Access Catalogue), Open University, итн. Се работи за ист принцип применет во повеќе области: од политичко уредување, преку пристап кон информации, до програмски код.

*Отворен систем* (информација) е филозофија на создавање антитетична кон филозофијата на поседништвото. Физичкото поседување на еден предмет и на една информација не се компатибилни концепти и затоа предметот и информацијата не можат да се третираат еднакво, ниту во економијата, ниту во законот. За разлика од други продукти, информацијата не се аби со употреба, туку нејзината вредност расне со зголемената циркулација. Чуму би ни била информација која не може да се искористи пак, или која не вреди за втора употреба? Информацијата единствено може да престари, кога се заменува со нова.

*УНЕСКО го дефинира принципот на слободен софтвер*[9]*, отворени информации, знаења, архиви и образование како: слобода да се употребува елементот (продукт и информација) со која било намена, слобода да се подобри елементот и да се приспособи*

---

[9] Во светот, според некои извори, една третина од постојните софтверски продукти се free: со отворен код, одн. се дитрибуираат преку интернет бесплатно. Принципот на "слободен" или "бесплатен" софтвер, синонимни во англискиот јазик, не се однесуваат само на бесплатен продукт, туку на полн пристап до изворниот код на програмата, што овозможува проучување и измена на програмата. Според Ричард Сталман, директорот на Фондацијата Free Software, партнер на УНЕСКО: "Слободниот софтвер е прашање на слобода, не на цена". Тој понатаму вели: "За да го разбереме концептот треба да размислуваме во смисла на слободен говор, а не на бесплатно пиво..." (Повеќе за неговата визија и за други меѓународни иницијативи дознајте на http://www.unesco.org/webworld/portal_freesoft/index.shtml)

*кон други потреби и слобода да се дистриубира со некомерцијална цел за добро на заедницата. Вредностите кои УНЕСКО ги застапува со ова се: слобода (дистрибуција, проучување, измена), еднаквост (еднакви права за сите корисници), заедништво (поради актот на споделување со заедницата) и транспарентност (предуслов за споделба). Отворениот принцип го промовираат и практикуваат луѓе и организации кои ги вреднуваат заемната помош и споделбата на знаења над личната или институционалната финансиска корист. Меѓу другото, а битно за нас, цел на овие интернационални инцијативи е да им се овозможи на послабо развиените земји забрзан напредок, премостување на дигиталниот јаз, еднакво образование и алтернатива за високо-комерцијализираните продукти*[10].

*Отворените архиви* промовираат безбариерен пристап до квалитетни информации за поддршка на образованието и на научната мисла. Безбариерен или отворен пристап обично подразбира авторски дела од сите видови (текст, музика, слика, движење) на интернет, кои можат да се копираат, снимаат, дистрибуираат, печатат, пребаруваат, поврзуваат и користат со која и да е чесна намера, без финансиски, законски или технички пречки.

**Затворени и отворени архиви**

Иако во прво време информациите на интернет беа отворени, т.е. бесплатни, не требаше долго да се појават комерцијални потфати да го контролираат и со тоа да профитираат од протокот на информации од вредност. Издавачките куќи во светот веќе се преориентираат кон електронско издаваштво. Принципот е едноставен: со енкрипција или заштита се контролира платен пристап кон обемна архива на дигитализирани податоци (библиографски референци или полн текст), списанија и книги од истите области со кои се занимава традиционалното, хартиено издаваштво. Сè уште во пубертетска фаза на развој, цените на пристапот кон е-книгите и е-списанијата во светот денес се повисоки од реалната инвестиција.

No, "... postojnata sredina za regulirawe na intelektualnoto sopstveni{tvo e vo najgolema mera voobli~ena spored interesi sprotivni na vrednostite na bibliote~nite i obrazovnite zaednici. Naporite da se obezbedi otvoren pristap do kvalitetni resursi so namaluvawe na cenite, promena na legislativata i polno iskoristuvawe na novite tehnologii, se popre~uvaat od strana na nekoi informaciski velikoposednici koi gi ubeduvaat zakonodavcite deka se zgolemuva potrebata za kontrola nad intelektualniot imot [11] ." Ne soglasuvaj}i se so

[10] од видот на Mikrosoft, на пример. Повеќе за профитната стратегија и проблематичниот договор помеѓу Владата и Mikrosoft, погледнете ја домашната страница на невладината организација Слободен софтвер, на http://www.slobodensoftver.org.mk

[11] ARL Bimonthly Report 220, February 2002, *Promoting Open Access: Developing New Strategies for Managing Copyright and Intellectual Properties,* Mary M. Case, Director, Office of Scholarly Communication, ARL, and Prudence S. Adler,

posedni~kiot odnos na komercijalnite e-izdava~i, se pojavija i otvorenite arhivi - besplatni e-spisanija i digitalni biblioteki na celosni e-knigi od vidot na Project Guttenberg[12], PubMed Central[13], Public Library of Science[14], Budapest Open Archive Initiative[15], кои се фокусираат на литература со јавни авторски права или на онаа која научниците ѝ ја подаруваат на заедницата без да очекуваат директен паричен надомест.

Од друга страна, навикнати сме на бесплатни информациите: слушаме радио по цена на струјата; во библиотека земаме книги по симболична цена. Но, ако сакаме да ја имаме на лична употреба песната од радио или книгата од библиотека, плаќаме. Од ова Ричард Кејсер, извршен директор на Националната федерација за апстрахирање и инфомациски служби - САД, заклучува дека, како цивилизациска црта, *навикнати сме да плаќаме за медиумот, а не за пораката*. Не за информацијата, туку за телото што ја носи информацијата. Во случај на издаваштвото: не за авторскиот труд, туку за печатарскиот. Како и во други сфери на квалитативните професии (уметности, општествени науки, итн.), во комерцијалното доба *ги мешаме средствата со целите*. Според Џон В.Т. Смит[16], издавачите најчесто го заборавaат основното прашање: *Зошто имаме списанија? Чуму и за кого се?* Измешани се средствата (хартиените носители на информации) со целите (научна и уметничка размена). Изгледот на книгата, како и медиумот на нејзиниот трансфер е ирелевантен - книгата ја чини нејзиното значење, а не физичкиот облик: целта на издаваштвото е да соопшти информација и да воспостави комуникација помеѓу авторот и читателот.

Издавачки куќи не работат во интерес на авторот и читателот. Забележлива е и друга помешаност: помеѓу комерцијалната (популарна и образовна) и некомерцијалната (уметничка и научна) информација, а оттаму и нивниот несоодветен третман во приватниот и државниот сектор. Сметаме дека комерцијалните книги припаѓаат кон приватниот сектор, но академските трудови и непрофитните дела би требало да станат јавно сопственишто од типот на отворена информација, слободни за интернет читање и дистрибуција, за да можат да бидат пристапни за што поширока публика. На пример, академските истражувачи имаат најголема експертиза и најмала публика. Многумина од нив самите би платиле некој да ги прочита нивните трудови, што најчесто и се случува - научниците за релативно

Associate Executive Director, Federal Relations and Information Policy, ARL

[12] http://promo.net/pg/

[13] http://www.pubmedcentral.nih.gov

[14] http://www.publiclibraryofscience.org/

[15] http://www.soros.org.openaccess/

[16] John W.T. Smith, University of Kent at Canterbury, UK, Prolegomena to any future publishing model, a discussion paper for the panel debate “Electronic Publishing 2010 - A global perspective – What has happened and what will happen” in ICCC/IFIP Electronic Publishing Conference 1999, *Redefining Informational Chains, New Ways and Voices, Ronneby, Sweden, 10th = 12th May 1999,* ICCC Publishing, ISBN 1-89136590495, str. 293-298

ниска сума или бесплатно им ги отстапуваат своите дела на издавачките куќи.

Со појавата на интернет можностите се зголемија. Денес многу научници и експерти ги ставаат на располагање своите дела на лични или непрофитни веб страници, само за да ги направат попристапни за читателите. Е-издаваштвото, на кое *не му е неопходен традиционален издавач,* им ја враќа моќта врз своето интелектуално сопственишто на научниците в раце, со тоа што тие можат без голем трошок, напор и време своите дела да ги стават на располагање на колегите од светот.

Знаењето, образованието, напредокот на мислата, не се поддржани од оние кои ги наплаќаат своите служби за обезбедување на медиум - тие веруваат дека додаваат вредност на своите информациски продукти и дека мораат да продаваат по повисоки цени за да ја повратат инвестицијата. Високите цени на стручните книги не доаѓаат од авторските хонорари, туку од сè она што е техника на издаваштвото. Библиотеките, високото образование и владините органи можат координирано да дејствуваат успешно за да им служат на научно-образовните вредности, наместо да допуштат да се комерцијализираат, монополизираат, приватизираат и експлоатираат, односно, да се злоупотребуваат.

Еден одговор на овие вредности е и принципот Отворена информација, бесплатна, слободна за дистрибуција, изменување, приспособување, копирање и користење во непрофитни цели. Поимот на бесплатна информација, чиј носител и практичар е главно државата, а именители се библиотеките, универзитетите и културните институции, игра клучна улога во хуманите светски движења.

### Електронско издаваштво

Веднаш по појавувањето на интерент, се појавија и првите електронски публикувани текстови, веб страници, подоцна дигитални архиви, списанија, а на крајот и цели е-книги. Дејноста на публикување на вакви информации во дигитален формат се нарекува електронско издаваштво. Ова вклучува издавање на ЦД-РОМ-ови со мултимедијална содржина (текст, графика, анимација, музика), датабази на податоци и веб страници. Можностите на интернет за миговно премостување на далечина и неограничена дистрибуција на информации доведоа до радикални промени во секојдневието на човештвото.

Грегори Роулинс[17] ги споредува: "Последниот пат кога нешто олку драстично се случи беше во 15. век кога печатарската преса ја употреби новопронајдената евтина хартија брзо за да го преземе пазарот на пергаменти, да ги исфрли препишувачите од работа и експлозивно да го зголеми бројот расположливи книги. Печатењето ја зголеми

писменоста, го демократизира знаењето, ја зголеми прецизноста, ја овозможи уметничката проза, пропагандата, ги создаде јавните библиотеки и идејата за авторско право... го ослободи стисокот на Црквата и доведе до Реформацијата; го поддржа хуманистичкото движење и доведе до Ренесансата со тоа што ги врати класичните автори во печат; ги засили образованието, науката и технолошката размена; и ги создаде издавачите." Нема показатели дека електронското издаваштво ќе донесе помали промени. Но, какви точно? За почеток да ги споредиме продуктите кои двете технологии ги нудат:

*Електронските публикации* лесно се уредуваат и објавуваат, лесно се поврзуваат непоследователни делови, миговно се пребаруваат, се поврзуваат со референци кон други книги или внатрешни делови преку директни линкови, можат да говорат, да се приспособуваат кон читателот, да имаат анимации и музика. Може да се зумираат, да се менуваат величината и фонтот, евтини се, трајни, веднаш се копираат цели или во делови, не исчезнуваат од печат, лесно се обележуваат со вообичаениот софтвер за процесирање текст, брзо се набавуваат, постојано се пристапни додека има струја, не се губат кога се позајмуваат на пријатели и може да се носи цела библиотека в чанта. Читателот има прилив на осовременети информации, додатоци, ревизии, прегледи и дискусии кои автоматски може да се вметнуваат во е-публикацијата, може да се одржува интернет контакт со другите читатели, со авторот и со критичарите на делото.

Денес можеме да скенираме книга во е-формат, а потем да им ја дистрибуираме преку телефонска врска за неколку минути на стотици луѓе по цена од неколку денари по копија. Можеме да создаваме е-книги без воопшто да дојдат на хартија. Можеме да се самообјавуваме на личната веб страница и без издавач. Можеме дури и да наплатуваме пристап кон сопственото дело и за неговата дистрибуција и умножување. На крајот, можеме да ги збогатиме книгите со звуци, подвижни слики и автоматски мета-референци. Електронските книги се поевтини и пофлексибилни; интерактивни се, изменливи и приспособливи. Електронскиот формат не е потрошен материјал: може да се копира миговно на далечина, без разлика меѓу оригиналот и копијата, без загуба во квалитетот и без загуба во вредноста. Ова важи за слики, дизајн, музика, филмови, софтвер и книги.

*Хартиени книги:* големи се, не им треба електрична енергија, може да се држат неколку отворени наеднаш, со нас се речиси 600 години, сите писмени можат да ги читаат доколку има доволно светло. Хартијата е едноставна, главно има пријатен мирис и

[17] Rawlins, Gregory J. E. "The New Publishing: Technology's Impact on the Publishing Industry Over the Next Decade." The Public-Access Computer Systems Review 3, no. 8 (1992): 5-63.

допир; хартиички носиме по џебови, делови од страниците можат да се откинат и да се преуредуваат. Хартијата е сетилна и затоа често за неа сентиментално се врзуваме. Книгата може да се носи на плажа, в кревет, може да се подари; книгата ги "памети" претходните читатели. Не се простуваме од убавината на хартиената книга, ниту е тоа намера на оваа промоција на е-издаваштвото. Напротив:

*Сите придобивки од хартиената книга се продолжуваат и на е-книгата веднаш штом читателот ќе си направи печатена копија.* За жал, придобивките од е-книгите не се продолжуваат на хартиената книга.

**Алтернативен модел на културата, образованието и науката**

Како може електронското издаваштво и оваа убава, но на прв поглед пре-идеалистичка идеја за Отворените информации да ни помогне нам, на една држава без силна економија, без силен буџет за културата и образованието? Овде ќе опишеме една визија на можната иднина:

Замислете што би се случило кога сите буџетски институции во културата, науката и образованието би се сконцентрирале на електронско претставување на својата работа. Секоја институција би имала своја повеќејазична веб страница и дигитална архива на стручни текстови на вработените и соработниците на институцијата. Средствата потребни за ова се околу 1/10 од цената на чинење на истата продукција во хартиена форма, а со време инвестицијата покажува тенденција на опаѓање, за разлика од трошоците на хартиениот печат. И повторно: нема препечатување, достапноста на инфоормацијата не зависи од работното време, има бесконечни можности за практично бсплатна дистрибуција, лесни ревизии, додатоци, референци, дискусии на темата и делото; има илустрации, контакт со авторот и - пристапот би требало да биде безбариерен: достапен за секој интернет читател во светот во секое време.

Логиката на финансирање на отворени архиви, одн. на непрофитни информации од национален интерес, е следнава: граѓаните-даночните обврзници го полнат буџетот, буџетот се инвестира во јавно достапни информации кои се во служба на граѓаните во државата. Она што е за заедничко добро треба да биде поддржувано од заедницата. Државата преку соодветните Министерства веќе одделува големи средства за институциите. Со вакво пренасочување на буџетот кон промена на медиумот на комуникација и продукција, потребните инвестиции би се намалиле, и тоа значително. Она што се заштедува може да се вложи во посилна поткрепа на нови проекти, зголемување на авторските хонорари и издигнување на статусот на авторот.

Друга добра страна на е-издаваштвото, освен ниската цена, е неговата брзина: во

рок од неколку месеци (доколку институцијата има на располагање еден соодветен компјутер со пристап кон интернет и еден веб мастер) секоја институција би можела да создаде своја веб страница, а за уште неколку месеци да подигне и своја дигитална архива на текстовите кои постојат во електронски формат. Ретроспективното скенирање и е-публикување на постарите текстови кои постојат единствено во печатен формат би траело подолго, но сепак би било побрзо отколку препечатувањето. Преводот на избор од архивите би можел да тече паралелно. Замислете колку работа би се отворила за младите преведувачи и информатичари, колку писатели би можеле да ги објават своите дела, додека е-издавачите би биле зафатени со формирање електронски списанија врз основа на материјалот од отворените архиви. Ова би значело исчитување, селекција на материјали, нивно групирање по квалитет и категории, промоција и маркетинг, мултимедијален веб дизајн, одржување форуми и мрежи на критичари и преведувачи.

Придобивките од ваков потег за Македонија се очигледни: претставете си ги делата на сите културни и образовни институции, за национална историја, за уметностите, книжевноста, истражувачките институти, факултетите, МАНУ, музеите и архивите, на интернет, достапни за цел свет на македонски и на најмалку еден странски јазик. Но не се само културата, институциите и авторите оние кои би имале придобивки од своето самозависно е-претставување.

**Придобивки за образованието**

Замислете домашна библиотека сместена во компјутер и "позајмување" книги на колеги и пријатели само со copy/paste и e-mail. Замислете учебници, лектири и прирачни материјали кои доаѓаат на дискета на почеток на секоја година - колку подобро за домашниот буџет, посебно за невработените родители. Потоа, замислете една книга, да речеме по биологија, која го раскажува материјалот со пријатен глас (машки или женски, стар или млад, по избор), отвора анимирани слики на биолошките процеси, дава објаснувања на кликнување на глушецот, укажува на референци, зумира или советува во зависност од дејствувањето на читателот. Замислете, покрај печатените учебници, лектири и скрипти, нивна е-верзија на интернет секому на располагање, дистрибуирани на дискети или во секоја компјутерска лабораторија/училишна дигитална библиотека. Замислете колку родители ќе имаат алтернатива за годишните образовни набавки, додека секогаш ќе има симпатични хартиени учебници купени во книжарница. Ваков гест посебно би бил погоден за најсиромашните семејства: државниот интерес, најопшто, е да се зголеми благосостојбата (или да се намали сиромаштијата) на граѓаните, а не на нивна сметка да се спонзорираат поединци

или издавачки куќи со монополистички ексклузивни договори за издавање задолжителни учебни материјали.

**Придобивки за библиотеките**

Библиотеките, всушност, се најстарите промотори на безбариерен пристап: за мала месечна членарина, секој ги има на располагање книжните фондови. И библиотеките ќе доживеат драстични промени, посебно со можноста да се отворат исклучиво дигитални библиотеки, без ниту една хартиена книга:

Е-библиотеката нема потреба од огромни и скапи складишта на зафатна хартија подложна на распаѓање. Библиотеките можат да се смалат на мали простории, пребарувањата на каталозите и услугите кон корисниците се забрзуваат, но можат да функционираат и наполно автоматизирано. Ова значи можност за постоење повеќе библиотеки на дофат на повеќе читатели. Нема потреба да се купуваат повеќе копии од иста книга: еден примерок е доволен, а понатаму се умножува. Нема врзување, вкоричување и хемиска заштита, нема полици и микрофилмирање. Има слики, глас и брзина. И говори со јазикот на младите, нашите и во светот, кои толку брзо раснат.

Придобивки за електронските издавачи:

Нема ризик од лоша инвестиција, одн. од голем тираж на неуспешна, нископродажна книга. Нема голем број вработени на кои им се плаќа социјално, пензиско и здравствено осигурување, плата итн. Нема врзување на капиталот во печатење книга и потем надеж дека парите ќе се повратат преку продажба. Нема транспорт, складирање, обезбедување, осигурување и дистрибутивни трошоци. Нема препечатување или распродаден наслов. Објавувањето е брзо. Доставата до читателот е уште побрза. Нема конкуренција во second-hand книжарници. Нема царина. Нема толку нервирање. Има интеракција. Но има и пречки.

Најголема пречка кон е-издаваштвото се самите издавачи: тие сметаат дека ќе ги загубат своите монополи кога ќе се појави супститут за нивните продукти. Факт е дека на е-книгата не и е неопходен издавач - писателот може сам да ја обработи и да ја публикува на интернет, а понатаму да ја дистрибуира без забележливи издатоци. Посредникот е еден од најголемите проблеми на модерната економија. Големите профити во светот не се прават со креативна работа или со создавање, туку преку станување посредник. Најмногу од она што корисникот го плаќа оди на синџирот посредници, а не на самите производители и суровиот материјал. Помеѓу авторот и читателот досега стоеше посредникот-издавач, чија наплата се дефинира од посредничкиот медиум, но не од вредноста на делото. Ова не е во ред.

Иако светот се движи во правец на електронското издаваштво, а посвесниот

дел на светот ги застапува Отворените архиви, противставување секогаш ќе постои. Поради традиционалните пречки: инерцијата, исконскиот страв од промена, технофобијата. Лудистите ги уништувале машините во Англија, препишувачите сигурно не го љубеле Гутенберг, а врачевите - фармацевтиката. И сепак, со време, поелегантното, *инклузивното решение* се прифаќа, а старите понесмасни решенија остануваат во шармот на историјата. Од своето појавување, на ЦД-ата им требаше само 5 години да ги заменат грамофонските плочи. Доста е веројатно дека книгата каква што ја знаеме последниве векови, ќе постои во нашата љубов и секојдневие и понатаму, поради историската, церемонијалната и сентименталната вредност. Сиве причини се човечка убавина која треба да се негува; но функционалноста не ја исклучува убавината. А на крајот, најлесно е да се отпечати е-книга на печатач и да се добие сиот шарм на традиционалната книга.

**Издаваштвото во Македонија**

Нашите издавачки куќи се бројни, но во најголем случај, од набљудувањата не се стекнува чувство на општа успешност. Самата бројност е еден од основните проблеми: имаме околу четири пати повеќе издавачки куќи *per capita* отколку Белгија, на пример. Бројот на куќите ќе се намали, ова е прашање на време. Флексибилните, оние кои се концентрираат на читателите и оние во тек со современите случувања, ќе опстојат и ќе се зацврстат во стабилни и достоинствени куќи. Постојат жалби дека не се купуваат многу книги, што е статистички факт, но дали е во прашање ниската куповна моќ на пазарот, или луѓето престанале да читаат, или, од друга страна, не ги интересираат понудените книги, или книгата не е веќе актуелен медиум - сите можности се за инаква размисла.

Сè уште се најспокојни оние издавачки куќи кои имаат склучено договори за издавање на учебниците и лектирите. Според која демократска логика Министерството за образование и наука дозволува склучување ексклузивни договори и поддржува монополистичко однесување на избрани издавачки куќи? Дистрибутивен, не-ексклузивен, или отворен договор за печатење на задолжителните училишни материјали, вид договор кој би ѝ дозволил на секоја издавачка или е-издавачка куќа да ги создава, би довел до здрава конкуренција и ниски цени - на големо олеснување на многу домаќинства.

Од друга страна постојат некомерцијалните изданија, кои Министерството традиционално ги поддржува. Покрај вечно непопуларната поезија, се субвенционираат текстови од висока научна специјализација чија читателска публика е пренебрегливо мала. А значењето ѝ е големо. Се гордееме со нашите умови, со исклучителните достигнувања на нашите умови во странство (кои најчесто не се враќаат во земјава),

сакаме светот да има убава, или барем точна претстава за нас. Културата и уметноста се она со што се фалиме, а толку малку вложуваме во нивната меѓународна презентација. Во светот сме познати по насилни меѓуетнички конфликти, сакаме да нè знаат и по убавото, но како, кога не се претставуваме во светот, ниту подаваме рака кон него? За среќа, се појави интернет и ги донесе електронското издаваштво, отворените архиви, светот на монитор и нас во заедницата на world wide web. Но, да се вратиме на издаваштвото:

Способноста за економско опстојување подразбира отвореност кон крајните корисници (читателите) и приспособливост кон современите потреби и технологијата. Досега не постои широко следење на потребите на клиентите-читатели. Голем дел од издавачите имаат став: "Ние треба да ја образуваме младината што е вредно за читање, самите тие ниту знаат што им треба ниту што сакаат." Ваквото, малку арогантно патронизирање на корисниците очигледно не претставува добар темел. Можеби времето кое еден млад човек дневно го поминува на компјутер се превидува, што е грешка  Не само што се игнорира вкусот на читателот, туку и носителот на користената информација. Електронските книги и списанија, информациите од интернет се медиумот во кој младите функционираат, се образуваат, се дружат и се забавуваат. Зошто да не проговориме во истиот медиум, со јазикот на читателите?

### Идниот профил на е-издавачот

Издавачката професија во дигиталната ера ѝ се приближува на продуцентската: се состои во уредување, преглед и развој на прифатливи проекти. Поради намалување на останатите трошоци, повеќе може да се вложи во маркетинг. Со претплатнички модел приходот е стабилен и расне рамномерно, доколку е-уредникот ги зголемува својот квалитет и профит со внимателен избор, меланж на наслови, добра категоризација, висок степен на интерактивност и прегледност на дигиталната архива и симпатичен кориснички интерфејс.

Издаваштвото не одумира во дигиталната ера. Секогаш ќе има добри и лоши книги. Секогаш ќе биде потребен некој да ги исчита прв и да процени дали делото е вредно или не, за кого е и како потенцијалниот читател најлесно и најскоро да дојде до него. Дури и во денешна состојба, не е лесно да се најде информацијата која се бара на интернет: додека порано проблемот беше во нејзиното отсуство и нерасположливост, денес проблемот е во премногу "шум", пренатрупаност со информации кои го "задушуваат" трагањето. Парадоксот со информатичкото доба е следниов: Што повеќе (неорганизирани) факти има, толку помалку корисна информација може да се

извлече. Што повеќе информации има, помалку практично знаење. Премногу квантитет очигледно оди на штета на квалитетот. А да не говориме за мудрост, убавина и други апстрактни квалитети кои ни го чинат животот вреден, а нивното отсуство нè прави мизерни. Тие не зависат од бројот на фактите или информациите што можеме да ги стекнеме. Но, постојат други нешта кои ќе го вратат квалитетот во квантитетот информации: човечкиот фактор, или променетата ролја на издавачите и на нивните тимови.

Грегори Роулингс предложува метафора: претставете си дека некој измислил трансформатор на материја кој може да произведува храна од песок. Потоа замислете дека технологијата е толку евтина што секој може да си купи таков трансформатор. Тогаш би било бесмислено човек да се обидува да продава храна, но би било одлично и профитабилно да се продаваат рецепти. Ролјата на идните професии ќе биде сè повеќе во способноста да се препознае и да се создаде квалитет, а сè помалку во способноста да се произведе квантитет. Идните издавачи ќе бидат луѓе на вкусот и менаџери на квалитетот, кои ќе продаваат ´рецепти´ за добро читање.[18]

Традиционалното и електронското издаваштво постојат во светот паралелно. Наспроти очекувањата, статистиката покажува дека воведувањето на дигитални архиви (дури и полн текст) во библиотеките го зголемува бројот на пребарувања, читатели и позајмени хартиени книги. Обете имааат свое место. За нас, една слабо развиена земја, разликата е во изборот: додека со традиционалното издаваштво бираме дали ќе купиме книга или не, со електронското бираме дали ќе отпечатиме книга со поедноставен квалитет или ќе ја купиме во убава подврска и ќе ни ја краси полицата.

Благосостојбата може да се дефинира не во елементите кои ги бираме, туку во видот на избор: најниско ниво е кога нема избор (беспарица); ниво на преживување е кога изборот е меѓу едно или ништо (или скапа книга или ништо); квалитетниот живот почнува кога поединецот бира помеѓу различни квалитети (електронска или хартиена книга); изобилие е кога она што го имаме, а не го поседуваме (како знаење, убавина, мудрост, култура), го предаваме понатаму, во отворената архива на човештвото, на невидливото лице на историјата која следи.

[18] Наскоро, според Роулингс, во непрегледното дигитално море ќе се појави нова професија - **трагач**: човек кој знае како да ја најде вистинската иформација за вас, или барем знае кого да праша. Потоа, ќе се појави професијата на **мапер** - човек кој умее да ги организира информациите на начин разбирлив за секого. Трето, можеби најбитно, се јавува потреба од **филтри/сита** - луѓе кои ќе ги степенуваат информациите според релевантност и квалитет. Смит ја додава и уште професијата на **дистрибутор**, човек кој се грижи информациите и информациите за информациите да стигнат до потребните места.

*Патрик Фичен*

## Стратегискиот одговор на Европа на националната безбедносна стратегија на САД

Новите закани во изменетата безбедносно политичка средина бараат стратегиски одговори. Ова важи и за САД и за Европската унија која во целост сака да ја одигра својата улога на светската сцена. Додека администрацијата на Соединетите Американски Држави достави, како што тоа секогаш редовно го прави, национална безбедносна стратегија во септември 2002, специјалниот пратеник за заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ, Хавиер Солана, за првпат достави сличен документ на ЕУ на лидерската средба во Грција во Порто Карас. За анализа на двата стратегиски концепта од посебно значење се четири точки: нивната генеза, оценката на заканите, целите и интересите на безбедносната политика и избраните средства и инструменти.

### Потекло на стратегиските концепти

Соединетите Американски Држави се единствен моќен глобален актер, додека Европската унија на 15-те, односно на 25-те земји игра, засега, само споредна безбедносно политичка улога базирана на меѓувладина соработка. Овие принципиелни разлики се отсликуваат и во двата стратегиски документа. Тоа е јасно и од обемот и деталноста на двата концепта. "Националната безбедносна стратегија на САД" (НБС) и безбедносната стратегија на ЕУ (БСЕУ) со наслов "Безбедна Европа во еден подобар свет" не смеат да се споредуваат една со друга како рамноправни стратегиски концепти, бидејќи политичките предуслови на кои тие се базираат се премногу различни. НБС од септември 2002 настана под шок од настаните на 11 септември. Откако ја искусија ранливоста на сопствена територија со асиметрични напади, требаше да се изнајде одговор на централното прашање за одбрана на сопствените безбедносни интереси. Под водство на советничката за безбедност Кондолеза Рајс се разви концепт кој ги подели американските ресурси на сила во широк спектар. Тие се протегаат од традиционална воена политика со опција за превентивни, т.е интервенции преку новите форми на дипломатија сè до помош за развој. Основната цел на НБС е безбедносна политика која активно ќе ги обликува структурите на меѓународниот систем. Ако основниот лајтмотив на НБС се можните форми на употреба на американска моќ, тогаш европскиот стратегиски нацрт мора да биде чекор понапред. Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) е сè уште дете. Првите чекори ги прави моментално, на мал простор, со полициската мисија во Босна, со операцијата Конкордија

во Македонија и операцијата Артемис во Косово, но сепак ЕУ е сѐ уште далеку од тоа да ја игра улогата на глобален актер на меѓународната сцена. Разидувањата на Европа за време на кризата во Ирак покажаа дека ЕУ има изглед за успешна кохерентна надворешно-безбедносна политика, само доколку има заеднички стратегиски концепт. Затоа, специјалниот пратеник на ЗНБП и поранешен генерален секретар на НАТО - Хавиер Солана, во мај доби задача да изработи соодветен стратегиски документ до лидерската средба на ЕУ во јуни во Грција. Доставениот предлог не е ништо повеќе од основен концепт за заедничка европска безбедносна политика. Од посебно значење е што ЕУ за првпат ги одредува целите и интересите на својата безбедносна политика. Во тесна соработка со земјите членки и Комисијата, концептот треба да созрее до декември и тогаш конечно да биде прифатен од Европскиот совет. Според досегашните проценки, предлогот на Солана во следната половина година би требало да остане недопрен во основните поставки.

**Стратегиски цели и интереси**

Универзалните основни поставки: слобода, мир, демократија и праведност се полот кон кој се насочени европската и американската надворешна политика. НБС поради настаните од 11 септември повеќе ја истакнува безбедноста на сопствената територија и населението, отколку што тоа е присутно во европскиот документ за безбедност.

И НБС и стратегијата на ЕУ имаат за цел правно-политичка задача и функција. Безбедносната стратегија на ЕУ си поставува три цели: прво, воспоставување "одговорно државно водство" и стабилност во непосредното соседство на Европа, а тука се вбројуваат Кавказ, Блискиот и Среден Исток и Северна Африка. Второ, создавање меѓународен поредок кој ќе се потпира на делотворен мултилатеризам и трето, совладување на старите и новите закани. Иако основните цели за тоа како треба да изгледа тој поредок на меѓународниот систем се слични, постојат разлики во употребата и во еланот за спроведување на овој концепт. И НБС се стреми да создаде меѓународен поредок со кој би се создал свет каде што големите сили ќе си конкурираат на полето на мирот, а не постојано да се подготвуваат за војна едни против други. Сепак, САД се волни, за разлика од Европа, во итни случаи да дејствуваат надвор од мултилатералните структури. Соединетите Американски Држави не се подготвени, според НБС, во случај на непосредна опасност од оружје за масовно уништување и терористички групи да почекаат пред да преземат противмерки и да одговорат на непријателските напади. Прашањето за меѓународно-правното усогласување на превентивни воени интервенции сигурно ќе придонесе за

понатамошни трансатлантски дискусии. Предлогот на ЕУ ја покажува вистинската насока кога тврди дека светскиот поредок има содржина само кога оди во чекор со законите како тие за пролиферација (ширење на нуклеарното оружје во земјите што го немаат), тероризам и глобално затоплување.

**Анализа на заканите**

САД и Европа се движат, во основа, во истиот безбедносно политички простор и затоа и проценките за опасност од страна на НБС и БСЕУ речиси се совпаѓаат. Во природата на новиот безбедносно-политички предизвик е да не запре пред државните граници, туку да отвори нова глобална просторна димензија. По 1989/90 година водењето на војните не почива на пространи конфликти меѓу национални држави и масовни војски, туку многу повеќе: на мали меѓудржавни конфликти. Според БСЕУ, регионалните конфликти како оние во Кашмир или на Кореанскот Полуостров, имаат исто така директни или индиректни влијанија врз европските безбедносни интереси како и конфликтите на Блискиот Исток или на Балканот. "Сиромаштијата, слабите (државни) институции и корупцијата можат да ги направат слабите држави подложни на терористички мрежи и дроги" стои во заклучокот на НБС. Сегашните закани се карактеризираат со "поголеми дистанци, динамичност и комплексност" според безбедносната стратегија на ЕУ. Притоа се набројуваат три главни закани кои се наоѓаат и во НБС според истиот редослед: тероризам, оружје за масовно уништување и "неуспешни" држави и организиран криминал. И американската администрација и нацртот на Солана, токму во комбинацијата на овие елементи - меѓународно поврзани и екстремно насилни терористи, расположливост на оружјето за масовно уништување и неуспех на државните структури - гледаат заразна и опасна комбинација, која и Европа би можела да ја изложи на "сериозна опасност". Иако и Европа и САД поаѓаат од слична ситуација која претставува закана за нив, тие со различен интензитет им приоѓаат на безбедносно политичките ризици. Настаните од 11 септември многу влијаеја врз американската перцепција на опасност и тоа не смее да се потцени. Двата концепта се поклопуваат во изјавата дека принципот на опомена функционира мошне ретко во вакви новонастанати стратегиски услови. Би требало многу повеќе да се размислува за нови поактивни форми на безбедносна политика.

**Средства и инструменти**

И НБС и БСЕУ набројуваат палета на цивилни и воени инструменти со кои може да се одговори на новите политички ситуации опасни по безбедноста, а посебно на тероризмот. Како што нагласува БСЕУ, ниту една од новите закани не е "чисто воена",

што значи дека не може да се победи само со "чисто воени средства". Потребни се "комбинирани инструменти". На ширењето на оружјето за масовно уништување треба да му се пристапи со засилени извозни контроли, економски, политички и други средства. Во случајот на "неуспешните држави" како оние од Балканот, Авганистан, Источен Тимор и Конго, цивилниот кризен менаџмент на ЕУ се докажа и при повторната изградба на државните структури. Во поглавјето седум и НБС предвидува цела низа цивилни механизми за форсирање демократски структури. Тука станува збор за: зголемување на помошта за развој, подобрени услуги на Светската банка, обезбедување на здравствениот систем, поредок како основа на демократијата и поддршка на развојот на земјоделието. Во суштина, цивилниот конфликтен менаџмент и пост-конфликтната рехабилитација се најсилната страна на БСЕУ. Дали долгорочно гледано ќе дојде до формална поделба на работата меѓу САД и Европа, останува отворено. Во секој случај, БСЕУ нагласува дека ЕУ е "посебно добро опремена за да реагира на вакви комплексни ситуации".

Сепак, цивилните мерки мора да бидат заменети со веродостојни воени инструменти. Забележителен е фактот дека за време на кризата во Ирак, стратегијата на ЕУ го следеше правецот на НБС, пред да дојде до внатрешно-европските несогласувања. Двата документа се залагаат за активна одбранбена политика. НБС ја гледа "најдобрата одбрана во добра офанзива" и го задржува правото за "предвремена самоодбрана", како и за превентивни интервенции. Стратешкиот документ на ЕУ не зборува expressis verbis (директно) за превентивна одбрана, но сепак првата одбранбена линија ја повлекува надвор од границите на земјите-членки во случај на голем број кризи. Конфликтите и заканите никогаш не можат да бидат пресретнати навреме. Европа би морала "да развие стратегиска култура, што ќе поттикнува предвремен, брз, а ако е потребно и силен чекор". БСЕУ предвидува спектар на мерки што ги надминува задачите-Петерсберг (хуманитарните задачи и спасувачките мерки, мирољубивите задачи, употребата на сила за совладување на кризите) и предвидува потиснување на тероризмот во земјите од третиот свет и мерки за разоружување. Со тоа стратегискиот документ на ЕУ се поклопува со претходно донесените "основни принципи на стратегијата на ЕУ против пролиферацијата на оружјето за масовно уништување", кои исто така не ги исклучуваат воените интервенции како опција за заработувачка од пролиферацијата. Во БСЕУ останува нерешено прашањето за критериумите, на пр. целта, начинот и карактерот на воените интервенции. Недостигаат механизмите на процесот на одлучување, како и одредбите за излезна стратегија или одговор на

прашањето има ли потреба од мандат на Обединетите нации во случај на воена постапка на ЕУ.

За разлика од Соединетите Американски Држави, Европската унија моментално не располага со доволно безбедносно-политички ресурси на моќ за да ги спроведе на дело можностите кон кои се стреми. Стратегискиот документ на ЕУ смета дека е потребно надворешната и безбедносна политика на Унијата да ја направи "поактивна, покохерентна и поспособна за дејствување". "Активна" безбедносна политика значи навремено и брзо дејствување, да се одржуваат повеќе операции истовремено, во кои ќе бидат вклучени и воени и цивилни сили. "Кохеренцијата" бара заедничко дејствување и координација на безбедносните политики на земјите-членки, за да се постигне ефект на заедништво. Тој недостиг стана очигледен за време на кризата во Ирак. Европа "подготвена за дејствување" мора да издвојува повеќе средства за одбранбената политика, да има флексибилни и мобилни расположливи сили, да избегнува дуплирања и да ги поврзува ресурсите.

**Вреднување**

Причина за трансатланските недостатоци во областа на безбедносната политика, која е често дијагностицирана, е недостигот на стратегиски дијалог. Со предлогот за стратегија на ЕУ можно е да се споредат и да се дискутираат заедничките ставови и разлики при решавање на кризите. Стратегискиот концепт е conditio sine qua non (задолжителен услов) за секој стратегиски дијалог меѓу земјите на ЕУ и Соединетите Американски Држави. Пресликување на американската безбедносна стратегија не би било многу од корист. Европа мора да биде согласна за својот сопствен стратегиски концепт и да ги дефинира своите слабости и силни страни. Дури тогаш може да стане збор за заеднички стратегиски дијалог. Иако документот од Брисел е само предлог, на него мора да се гледа како на значаен документ подложен на развој. Токму сега станува јасно дека Европа и Соединетите Држави не ги дели Атлантикот при формулирањето на нивните цели и интереси и оценката на факторите што носат опасност. И двете се конфронтираат со истите ризици и предизвици и ги почитуваат демократијата и слободното дејствување како гаранција за слободата. Се разбира дека постојат разлики и тоа при изборот на средствата и инструментите за совладување на опасностите. Додека Соединетите Американски Држави се во состојба да проицираат глобална воена сила и да ја спроведат истата, моментната сила на ЕУ лежи во цивилното совладување на конфликтот. Но, и документот на ЕУ упатува на тоа дека во некои случаи цивилните мерки мора да се заменат со веродостојни воени инструменти што ќе бидат употребени надвор од надворешните граници на ЕУ.

Предлогот на ЕУ укажува дека глобалните проблеми се премногу комплексни за да можат да бидат решени од страна на САД или Европа. А, ако Европа и САД се сфатат и прифатат меѓусебно како рамноправна безбедносна заедница, тогаш ќе се исполни визијата на стратегијата на ЕУ: заеднички дејствувајќи "да бидат впечатлива сила која ќе се заложи за добрата во светот".

*Мирче Томовски*

## Охридскиот договор - две години потоа

### Соживотот како судбина

Охридскиот рамковен договор двегодишнината ја "доживеа" низ троен "мониторинг"- пофалби (респектабилна имплементација), критики (незадоволство од договореното) и закани (елиминирање на срамниот дил и понуда за нова војна). Сите три позиции имаат легитимитет во едно плуралистичко општество какво што се моделира во Македонија. Дури е добро и за политичкото, демократско здравје да се експонираат и најекстремните становишта. Тие се корисна дистанца во однос на илузите за состојбите во земјата вклучувајќи ја и имплементацијата на Рамковниот договор, односно на уставните амандмани.

Ако се направи еден инвентар на политичките и законските потези може да се констатира дека е отворен широк спектар промени во македонската држава и општество. Од пресудно значење е што Договорот кој го потпишаа претставниците на четирите политички партии: ВМРО-ДПМНЕ, ДПА кои беа на власт, СДСМ И ПДП како опозиција, претседателот Трајковски и гарантите ЕУ и САД , стана составен дел од Уставот на Република Македонија со усвојувањето на уставните амандмани во Парламентот. Со тоа стандардите утврдени во охридските хартии добија специфична тежина и како обврска и како реализација.

Крупен и политички и етички потег е трасформацијата на албанската терористичка организација ОНА во политичка партија ДУИ, нејзино учество на парламентарните избори, влегување во коалиционата власт со СДСМ и неговите партнери и кадровско и персонално вклучување во државната и административна структура. Заедно со амнестијата и разоружувањето на ОНА, ова е отворање на најделикатниот процес на интеграција на милитантите во политичкиот, економскиот, социјалниот, демократскиот амбиент. Парламентарните избори и мирното пренесување на власта, организирани година по војната, исто така говорат за политичката прагматика, но и за животната сила и зрелоста на македонските граѓани. Серијата закони кои ги донесе новиот парламентарен состав, употребата на јазиците и високото образование, легализацијата на тетовскиот универзитет, личните документи, правичната застапеност на Албанците во администрацијата, државните структури, армијата, полицијата, дипломатијата, јавните установи и претпријатија претставуваат стартирање на македонската државна и општествена рекомпозиција - како унитарна држава со специфичен модел на мултиетничка демократија. Овој серијал промени е

респектабилен, бидејќи тие моделираат инаков однос во интеретничките односи и нивно промислување низ европските стандарди на демократија. Нивна резултанта е и смирувањето на безбедносната ситуација и заминување на меѓународните воени сили и нивна замена со европски полициски советници.

Но, и "количината" на промените и свеста и сфаќањата за односите меѓу различните етнички групации во Македонија се "тесно грло" за проектот на мултиетничка демократија сместен во рамката на Договорот од Охрид. Дотолку повеќе што сѐ уште има висок безбедносен ризик, а немирот и насилството се депресивно секојдневие, особено по бомбашките напади на државните институции во Скопје, случувањата во Кумановско и во Брест. Овие настани, несомнено ја провоцираа најголемата криза на коалицијата СДСМ-ДУИ во едногодишното владеење. Но, и критичните настани и кризната политичка ситуација упорно наметнува разрешување на неколку проблеми кои ја оптоваруваат реализацијата токму на Охридскиот договор. Тоа е респектирање на граѓанскиот концепт и разграничување од етничкиот, владеење на правото без разлика на етничката припадност (Липковско и Арачиново се парадигматични по својата правна и државна недопирливост и локална "автономија"), расчистување со мимикријата: криминалот да се претставува како политика. Сето тоа најдиректен израз има во односот спрема АНА (Албанска национална армија) која е на листата на терористички групации на ОН, а која во Македонија се затскрива зад криминалните групи. Отворените процеси со овие промени го наметнаа проблемот на недовербата, односно на тоа како да се дојде до доверба, како да се елиминираат старите и да се создадат нови стереотипи, како да се ослободат граѓаните од стравувањата, од фобичноста...

Две години се кус временски период од конфликтот (војната), било за да се покрие со заборав, било за да се прости. Во однос, пак, на Охридскиот договор, политичката прагматика наметна брза ефектива која не е само декларирање политичка волја, туку и елиминирање одделни политички и државни рапавости во сферата на етничките односи. Но, охридските политички стандарди, не само што бараат време, туку не се ни волшебно стапче за решение на сложените проблеми на македонската транзиција. Длабоката економска , социјална и безбедносна криза е опкружување во кое треба да се случат суштинските промени кои се сметаат и како излез од општата криза. Засега кризата е контрапродуктивна на имплементацијата - таа ги лимитира потезите кои треба да ги рекомпонираат македонската држава и општество врз современите стандарди, а граѓаните не живеат подобро. Тука е и извесното проблематизирање на самиот Договор (различни интерпретации, дали е

"меѓународен", или "домашен", дали е "траен" или може да се "анулира"...), како и пречките кои идат од неговото негирање, неприфаќање и маргинализација.

Во една прилика министерот за социјала Јован Манасиевски го изнесе податокот дека 150 жители на селото Гајре се од таа страна на работ на егзистенцијата. И покрај патриотската еуфорија, реторика и "херојски" датуми, луѓето од Кумановско и Тетовско се разочарани, бидејќи, како што велат, не се живее од политиката. Има незадоволство кај сите граѓани без разлика на етничката припадност. Тоа се однесува и на раселените Македонци или на оние од северниот и западниот дел на земјата, на Албанците од истите овие краишта, како и на Србите, Ромите и Турците. Ова незадоволство е аларм дека отворената политичка и безбедносна стабилизација не е проследена и со економски проекти и социјални потези кои граѓаните би ги читале како знак за подобрување на животната ситуација. Ваквата реалност во јавноста создава реакција според која "Албанците се виновни за сè ". Практично, во реализацијата на Рамковниот договор стануваат парадигматични два момента: едниот - Албанците бараат повеќе од она што е договорено; другиот - Македонците не даваат толку колку што потпишале во Охрид. Со тоа уште повеќе натежнува багажот на актуелната коалициона влада во правец на демократските промени.

Во политичката агенда ударно место во промените зазема надоаѓачката територијална поделба, децентрализација на власта во Скопје, финансирање на локалната самоуправа. Овие промени имаат длабока суштина иако за нив има или поедноставувања или висока политизација. Така, целиот локален комплекс се третира како просто организационо и техничко прашање. Или пак, се означува како врвно политичко прашање- вовед во правењето внатрешни граници. Секако дека организацијата на секоја држава е исклучителен проект од кој зависи и нејзиното функционирање и живеачката на граѓаните. Не е небитен ни бројот на општините, ниту нивната големина, ниту регионалната комуникација. Врз овие прашања се прекршуваат двата основни принципа на Охридскиот договор: унитарноста, елиминацијата на силата во политиката и демократско решавање на етничките прашања, а не со територијални формули.

Целиот овој комплекс реформи и промени на локалната самоуправа е под силен притисок на етничкиот и етатистичкиот концепт за државата и за општеството. Идеите за децентрализацијата се нудат како промоција за двонационална држава. Етатизмот, пак, на државниот центар се смета за алфа и омега на државата, нејзиното функционирање и нејзината судбина. Во тие рамки со многу бука се

декларираа делбите на Македонија по етнички линии (Георгиевски, Џафери), што несомнено би го зоврело длабокиот и македонски и балкански лонец. На глобален балкански план се "прошета" и предлогот на Лорд Овен за кроење на новатата мапа со менување на државните граници. Таа игра на границите несомнено внесе вознемиреност, бидејќи води во хаос. На ваквите концепти им се испречи ставот за почитување на постојните граници и за нивната непроменливост, со што границите се сместени во слободата на сонувањето.

Затоа, претстојната територијална и локална реформа на државата, при регулацијата на односите центар-провинција, треба да ги направи видливи двата елемента: доближувањето на власта до граѓаните и влијанието на граѓаните врз неа, како и проектирањето интегративни линии кои ќе го обезбедуваат и заедништвото и единството на државата. Ваквиот контекст како подлога ја има позицијата на поединецот граѓанин, на цивилниот карактер на општеството и на мултиетничката и мултикултурна композиција на македонското општеството. Сите хипер идеи за етничко или за етатистичко решение се деструирање на граѓанскиот проект, на индивидуата и на сервисирањето на нивните интереси. Од кризата нема да се излезе ако државниот етатизам го замени локалниот, или ако општините станат Македонија во "мало", или места од "трет вид". Тогаш едни бирократи ќе се заменат со други и ќе се создаде локален политички театар во кој немо ќе ракоплескаат граѓаните како публика.

Едукацијата и културата несомнено се крупен сегмент на Рамковниот договор. Нивната реформа, која не е ни почната, бара креативно промислување. Едукацијата е папочната врвца со процесот на еманципацијата на поединецот, неговиот индивидуалитет и сувереност, неговите права и слободи, на вистинската рамноправност, но и на одговорноста за состојбите во општеството и за водењето на државните работи. Културата, пак, е пресудна за идентитетот, но и за цивилните и цивилизациски процеси во Македонија. Без нив демократските процеси во Македонија би завршувале во етничка херметизација и гетоизација, а дијалогот и толеранцијата има опасност да бидат само обична флоскула или да се сведат на монолог. Целата оваа сфера сега е на удар на политичките манипулации од страна на партиите, а државата, бидејќи нема проект, влече или палијативни потези или потези кои ѝ создаваат пожари на кои ја троши енергијата. Настаните во Скопје, Шемшево, Куманово и посебно Битола добиваат размери на драматика, иако се работи само за една "мека" зона каква што е образованието. Основната мисија на едукацијата (знаењето и развојот на човековите интелектуални потенцијали) е проследена со национални или

националистички протести. Неразбирливо е да се протестира против правото на учење и на знаење кои ќе бидат доминанта во општеството што доаѓа. И покрај веројатно несоодветните потези на Министерството за образованите (одлуката за албанската паралека е замрзната), во Битола се истури ригидна енергија против формирањето паралелка на албански јазик. Дотолку повеќе што тоа се случува во град со долга традиција и богата историја на мултиетничко живеење и конфесионална коегзистенција. Градот на Драгор во својата историја имал конзулати на неколку европски држави; училишта на разни јазици од кои потекнал и Кемал Ататурк, голема политичка и државничка фигура на современа Турција; во градот работел и видниот албански поет Миѓени кој пеел на албански и на македонски; славата на Битола ја пронесува и првиот филмаџија на Балканот - Милтон Манаки од влашко потекло; битолскиот амбиент е поврзан со историјата на албанскиот јазик; тоа е град со девет видови различни гробишта; во круг од стотина метри во битолскиот центар функционирале православна црква, синагога, џамија... Оваа битолска парадигма, која е и македонска, отвора бројни прашања на бекграундот на актуелните протести кои се контрапункт на едукацијата, антитрадициски и антидемократски. Затворен е сè уште реформаторскиот дух во македонското политичко и етничко шише и отсутно е какво било менаџирање на актуелните потези на државата во оваа важна духовна и интелектуална сфера. Училиштата се обезличени, наставните програми конфузни, високото образование напукнато поради неизведениот евроуниверзитетски проект.

Посебно се вознемирувачки политизацијата и етнизацијата на младите, па и на децата. Врз нив се префрлаат поделбите и им се наметнува како иднина дезинтерграцијата и живеачка во два паралелни света со што се потхранува фобичноста од ДРУГИОТ, недовербата, се моделираат стеротипот и омразата.

Имплементацијата на Договорот односно Уставот, нивниот дух и суштина ја оптоваруваат и одделни политички, интелектуални и духовни прилики. Тие се последица од македонските историски и актуелни состојби. Има два паралелни процеса. Македонскиот идентитет се експонира со сета сила преку самостојната македонска држава од деведесеттите години на минатиот век. Но, тој се доживува како трн поради негирање на државата, на името, на државниот субјективитет, на деловите на македонскиот народ во соседните држави. Ова е и време на експлозијата на албанскиот идентитет потиснуван со комунистичкиот тоталитаризам во Албанија и поделеноста на албанското етничко битие. Овие два процеса и во македонски рамки создадоа два "остри политички камена". Веројатно решението

според граѓанскиот концепт на нацијата во уставот од 1991-та (Вања Тошевски) ќе го ублажеше нивното триење. Од една страна со тоа можеби, албанското терористичко движење,па и криминалното подземје во конфликтот од 2001-та, не ќе имаше подлога за манипулација со етничките чувства. Од друга страна, можеби ќе се создадеше клима за употреба цивилизирани средства, демократска и цивилна процедура во остарувањето на "нерамноправноста на Албанците". За овој конфликт сè уште не се добија одговори - ја нема вистината. Ни за неговите причини, ни за влезот на силата во етнозоната и за нејзината улога во историјата во Македонија. И натаму се вртат разни "сценарија" за внатрешниот контекст на конфликтот, за неговиот импорт од Косово или од српскиот југ, за конфликтот како продукт на "работилниците" на големите политички игричи... Во овој политички и дипломатски амалгам влегуваат и погледите што ги застапува дел на македонските елити кои го доживеаја конфликтот како национален и државен пораз и никогаш не го прифатија Охридскиот договор, односно албанскиот екстрем (и политички и интелектуален) кој смета дека не се остварени правата на Албанците и дека војната и говорот на оружјето требаше да продолжат. Поради ваквиот багаж, несомнено власта работи под големо оптоварување. На СДСМ му се забележува дека владее со терористи и дека ги предал националните интереси, односно на ДУИ дека ја прекинал борбата за албанските етнички и историски идеали. Но, одделни тестирања на јавното мислење и анкети сигнализираат дека соживотот е судбина за Македонија. Така, истражувањето што е направено во рамките на проектот за заедничка визија "Запис за Македонија", чиишто резултати ги обелодени професорот Ферид Мухиќ, говори дека 78 отсто од испитаниците ( 4 500 граѓани, претставници на 17 политички партии, амбасади и претставници од меѓународната заедница во Македонија) веруваат во заедничка иднина и во соживот во државата. Во овој контекст важна е и констатацијата дека над 51 отсто од граѓаните вината за конфликтот ја лоцираат во политичарите, така што бекграундот на конфликтот се лоцира во сферата на политиката, а не во меѓуетничките односи на луѓето.

Анализата на остварувањето на Рамковниот договор отвора и други прашања. Така, има повеќе нивоа кои, секое на свој начин, учествуваат во имплементацијата: политичките партии потписнички, претседателот на државата, парламентот, владата, опозицијата, мегународниот фактор, јавноста. Во услови кога нема менаџирање на Рамковниот договор, тешко дека може во олкав синџир на институции да се биде продуктивен и забрзан. Проблематизирањето на овој договор доаѓа и од еден политички "гаф" - припадниците на ДРУГИТЕ етнички заедници, кои имаат

респективна уставна позиција се запоставени, се маргинализирани (Турци, Роми, Срби, Власи, Бошњаци), наспроти албанскиот ексклузивитет. Овој агол се занемарува, но тој може да донесе нови етнопроблеми поради чувството на нерамноправност.

Посебна приказна во книгата на имплеметацијата на Рамковниот договор претставува "олеснувачката" мисија на меѓународната заедница. Таа го доби епитетот ТАКАНАРЕЧЕНА, а нејзиното советодавство се смета за непродуктивно, односно како мешање во внатрешните работи, протажирање на еден вид протекторство или "заземање" страна.

Ненадминатите противречности на минатото, на развојот, на политичкото современие, длабоката економска криза и социјална беда, заостанатоста, митовите и легендите на хомобалканикусот, обликувааат околности кои ја отежнуваат имплементацијата на Охридскиот договор. Интелектуален и духовен предизвик станува демитологизацијата, детабуизацијата, навраќање на позитивните традиции на соживот (види Луан Старова "Балкански жртвен јарец"), односно отворање на дијалогот за новите митови. Важно е во оваа зона на духот и на свеста да се надминуваат внатрешните граници и засолнување во вредностите и симболите на националаните легенди. Форсирањето на племенското сфаќање на идентитетот е фатално. Најголеми непријатели на идентитетот стануваат изолационизмот, етноегоизмот и етнонационализмот. Тие се закана за суверeноста и за независноста на идентитетот на поединецот. Но, и за карактерот и за демократскиот имиџ на државата. Со нивното протажирање, се атакува цивилниот проект на општеството и на граѓанинот и неговата позиција се поврзува за етничката припадност. Во корист на политичката штета може да биде сведувањето на рамноправноста на етничката математика. Тоа е филозофијата на 23 проценти. Сега, пред објавувањето на податоците од пописот, се најавува драматика, бидејќи демократизацијата и реформите се со предзнакот 23. Сигурно дека без разлика на процентот овие реформи не треба да се лимитираат или да се стопираат. Но, од ваквото пасивно препуштање на бројката и на упростената политика не се гледа комплексноста на реалноста и се губи позицијата на индивидуата. Може да се навлезе во еден извитоперен систем во општеството во кој граѓанинот, односно тој како број или како процент да биде "фонд за пазарлак на политиката". И, тоа во доба на владеењето на индивидуата.

Во Македонија претстои цивилното отворање на идентитетот кој постојано се гради и кој сè повеќе се доживува во неговиот плуралитет: етнички, семеен, локален, државен, европски, на идентитет кој извира од наследството, но и од

современието. Во духот на Охридскиот договор е респектирање на етновредностите и нивното слободно експонирање, но и поширокиот идентитет и лојалоност кон заедницата, кон државата. Доаѓа време во кое разликите остануваат, но незадржливо надоаѓаат сличности меѓу припадниците на различни етнички посебности. Овие "сличности" ги носат процесите на глобализација, на еманципација, интернет... Затоа, и повеќе од овој Договор, е градењето проект за заеднички живот меѓу етничките различности, вери, култури, социјален проект на економски и политички плурализам во една модерна заедница и современа држава. Затоа и овој договор го има предзнакот - рамковен.

Актуелната коалиција СДСМ-ДУИ сега го има товарот на одговорноста за имплементацијата на Охридскиот договор. Македонскиот опозиционен партнер ВМРО-ДПМНЕ останува зад моралните и политички обврски преземени со охридските документи. ДПА по политичкиот пораз на парламентарните избори бара платформа со која ја откажува бесата дадена во Охрид. Платформата на Џафери за дезинтеграција, етнодржава и самоопределување е анахронизам. Тоа се тези уште на косовските шеесетосмаши од минатиот век. Од друга страна, картата на оружјето веќе е изиграна (Али Ахмети) и од неа нема поголем екстремизам и радикализам. Колку што кај актуелната власт се експонира политичката волја за имплементација на договорот, толку се чини фали владин и професионален менаџмент. Со менаџирањето би се апсолвирало проблематизирањето на остварувањето на обврските од договорот, односно уставот, и би се демфувале и елиминирале негативните последици.

Важен сегмент на практикувањето на Охридскиот договор е стабилизацијата на безбедноста во Македонија и елиминирање на спиралата на насилието. Мисијата за враќањето на оружјето е добра поддршка. Ваквата ориентација бара сè помалку потпора на моралната компонента на потписниците на договорот, а сè повеќе потпора во реалната моќ на институциите на државата и на системот. Повеќеслојноста на стандардите кои се моделираат и во државата и во општеството бараат вклучување на невладиниот сектор. Зашто само формалната имплементација, без поширока промена на свеста и на балканскиот менталитет, ќе го остави лонецот во кој ќе вријат политички несогласувања и конфликти. И поради фрустрациите на поразените и поради фрустрацијата од неостварена цел на победниците. Едукацијата и културата, градењето сојузништва, втемелување на дијалогот и на толеранцијата, создавање институции кои го преферираат заедништвото е прифаќање на логиката на умереност, а не на логиката дека некој некому му позајмува, некој некому му дава...

Тоа е амбиентот во кој ќе се создава заедничка судбина, заедница во која секој ќе биде признат, прифатен и разбран.

Договорот од Охрид е несомено тежок потфат. Имплементацијата - уште посложена. Но, политичката смелост на овој процес (одделни структури и албански и македонски го третираат како слабост) и експонираната сила за компромис, говорат дека државата Република Македонија е најдобриот интерес за граѓаните независно на која етничката посебност тие ѝ припаѓаат. Тоа што претстои бара нови соочувања, бидејќи и настаните во земјата и одделни надворешни состојби се несомнено пречки кои постојано ја ставаат на проба суштината на Охридскиот договор.

*Христијан Бер*

## Христијанска претстава за човекот и за политиката

### За непоколебливоста на правото

Тоа што само по себе е разбирливо за едно општество, не бара никакво дополнително објаснување. По некое време станува јасно и очигледно дека старите одговори не може да се прифатат во целост. Според кој критериум ќе одговориме на прашањето за војната и за мирот, на новите предизвици на биомедицината или на задачата одново да ја обмислиме нашата социјална држава? Доволно ли е да формираме вонпартиски комисии од стручни лица, кога тие, како што неодамна се случи, на крајот пак ќе ја префрлат топката на политиката? Постои ли во етичките совети согласност, која можеби веќе подолго време ја нема во нашето општество? Може ли да се најдат одговори на итните прашања за иднината со свесно откажување на задолжителните критериуми?

Секое општество има потреба од заеднички мерила, т.е. критериуми. Тие ги одредуваат границите, во чии рамки се толерира различното мислење и упатуваат на целите што ја оправдуваат заедничката заложба. Согласноста за мерилата ги поврзува членовите на едно општество и штити од расцепкување на општеството, кое може сериозно да го наруши внатрешниот мир. Таму каде што ќе избледне согласноста, ќе добијат на значење центрифугалните сили во општеството.

Се чини дека во германското општество - како и во другите западноевропски општества - дојде до прогрес, кој доведе до тоа луѓето чувството за живот да престанат да го поврзуваат со заедничките критериуми, туку како свои мерила ги земаат сопствениот избор и самостојноста. Желбата за живот надвор од правилата и прописите кои секогаш се доживуваат како ограничување на сопствените можности, воодушевува сѐ повеќе луѓе. Тие секојдневно, при донесување одлуки, сѐ поретко се повикуваат на заедничките мерила, раководејќи се според своето моментно расположение. Секој го прави тоа што му се допаѓа, а политиката одобрува да се сака само тоа што некому му одговара. Се разви такво животно чувство, што дури и мало очекување од некое друго лице се смета за ограничување на сопствената самоопределба.

Понудата на животни стилови расте од ден на ден. Дознаваме дека можностите за исполнување на сопствениот живот се сѐ поголеми, но истовремено се намалува промисленоста на сопственото планирање. Оваа амбивалентност сѐ повеќе станува решавачко искуство во животот. Многу млади луѓе се чувствуваат препуштени сами на оваа несигурност. Се намалува подготвеноста за воспитување и храброста

за противставување. Детските градинки и училишта се пренатрупани со воспитни задачи, додека воспитанието на семејството исчезнува.

Каде е можноста за развивање мерки, што ќе бидат прифатени од широкото мнозинство? Многумина во нашето општество чувствуваат дека прашањето за претставата на човекот што е основа за поредокот на нашиот соживот, е од решавачко значење. Во зависност од тоа како ќе се одговори на ова прашање, политиката ќе ги следи другите патишта и цели. Затоа и претставата за човек, која ги обврзува политичарите, не претставува "зачин за вкусни неделни говори", туку мерило за секојдневните активности.

**Христијанската претстава за човекот**

Нема политика која претходно - без оглед дали тоа се кажува или не - не ја избрала својата претстава за тоа како го гледа човекот. Оној кој учествува во политичките одлуки како христијанин веќе се определил за одредена претстава за човекот. Тоа е христијанската претстава за човекот која ја прифатија и нашите мајки и татковци. Оваа слика за човекот, како ниедна друга, ја предодреди и беше карактеристична за европската култура повеќе од два века. Еврејските, античките и пред сè христијанските влијанија создадоа слика за човекот, која важи за единствена и неповторлива во целиот свет. Во центарот на оваа претстава за човекот стои убедувањето за неприкосновеноста на човековото достоинство. Тоа е достоинство дадено на секој човек на ист начин, сосема независно од психичката или физичка способност, местото на живеење, бојата на кожата, потеклото, заработувачката, телесната состојба и духовните способности. Достоинството на секој човек и неговата без исклучок дадена неприкосновеност се својствени за секој човек. Претставата за човекот, која ние ја нарекуваме христијанска, знае за единственоста и за неповторливоста на секој поединец. Секој човек е личност, а не само дел од некој род, резултат на еволуцијата, член на некоја раса или класа. Заедничкото за сите луѓе и нивната еднаквост се објаснуваат со личноста на секој поединец.

За христијанинот, личноста ја има својата основа во Божјата слика за човекот. Бидејќи секој човек е создаден од сликата на Господ за него, тој уште од почетокот има достоинство со кое не располага.

**Супсидаритетот како принцип**

Христијанската слика за човекот и неговото сознание за личноста ја објаснуваат сликата на општеството и основите на општествениот поредок. Во средиштето на овој поредок е основниот принцип на супсидаритетот. Тој ослободува од секаков вид старателство и оттука може да се смета за основен принцип на слободата. Ако

супсидаритетот е основниот принцип според кој е изградено и структурирано едно општество, тогаш секој е свој господар, сè додека неговата слобода не му штети на достоинството на другиот.

На овој начин општеството се поима како мрежа на врски на рамноправно почитување и признание кое преминува во меѓусебна добивка. Последица од оваа слика на општеството е, на пример, дека економскиот поредок на средниот сталеж секогаш ќе има предност пред другите поредоци, бидејќи тој ѝ дава непосреден израз на секоја врска на меѓусебна одговорност која преминува во заемна добивка. Ова поимање на социјалниот поредок, огледало на сликата за човекот, мора да се слее во политиката, која преку поттик ќе создаде поводи за преземање на меѓусебната одговорност. Станува збор токму за заемната добивка која треба да е дел од општеството заедно со преземањето одговорност во заедницата. Политиката која за мерка ја зема христијанската слика за човекот, ги поттикнува таквите структури на лична врска со заемна одговорност. Таа внимава да не бара премногу од луѓето, со тоа што како цена за преземање на одговорноста бара да се тргнат настрана очекувањата за сопствениот профит.

Со право семејството зазема клучна улога во политиката која се обврзала на христијанската слика за човекот. Како никоја друга форма на заеднички живот таа го пренесува искуството на меѓусебно обраќање, потпора и доверба. Ниту една друга форма на животот на сличен начин не отвора простор кој ги чува ваквите искуства. Бракот и семејството се основата на која се базира целиот социјален поредок. Тука човекот учи што значи да се (по)врзеш, да преземеш одговорност, да живееш во врска, да ги споредиш сопствените очекувања со очекувањата на другите и да ги усогласиш. На никое друго место не се создава чувството за етосот на сличен начин - неопходноста од заедничка согласност во врска со основните прашања на човековиот соживот и корист за сите.

Секое семејство е носено од искуството дека и кога другиот ќе се противстави на сопствените желби заслужува почит. Во овој контекст, семејството претставува клетка на општеството која го прифаќа секој човек со неговото достоинство, без да потклекне на привидот дека може да има соживот без разлики во мислењата, во суштина длабоки и тешко надминливи.

### Универзална важечка сила

Дел од убедувачката моќ на христијанската слика за човекот е дека сите оние кои не знаат што да започнат со укажувањето за Божјата слика за човекот, мора да ги признаат неговите одредби за човекот, внатрешната решителност и едногласност на оваа претстава за човекот. Констатацијата за неприкосновеното достоинство на човекот не зависи од тоа дали луѓето се

подготвени меѓусебно да си ја припишат. Достоинството на секој човек не може ниту да се намали, ниту да се зголеми. Тоа е својствено за секој човек од почетокот до крајот на неговиот живот.

Христијанската слика за човекот се карактеризира со тоа што во своите различни влијанија и последици за христијаните и нехристијаните - значи за сите луѓе - е прифатлива, и уште повеќе, таа е привлечна. Како мерка на општество што се одликува со човеково достоинство, таа е неизоставна, бидејќи го брани правото на безусловност против секој обид за ограничување на човековото достоинство. Но, ако се направи таков обид, тогаш човекот на крајот ќе им биде препуштен на себеси сличните: ќе се користи како средство, како што тој самиот ги користи другите луѓе како средства.

**Против искористувањето**

Политиката што ја следи христијанската претстава за човек, создава институции кои оневозможуваат другите луѓе да се користат како средства за остварување на сопствените очекувања. Дали се работи за некој дизајн за бебе, партнерство само за одреден период во животот, правноработна дозвола за hire and fire или за семоќното лудило на некои претставници на хуманите науки; сите наведени примери имаат нешто заедничко, а тоа е дека не се противставуваат на искористувањето на луѓето и се подготвени да ги злоупотребат другите луѓе за некоја цел, привидно позитивна.

Ова основно начело, дека човекот никогаш не смее да се користи како средство, не претставува религиозно начело на некој далечен морал, ниту пак, признание за ограничување на животните шанси, туку токму спротивното: ова начело ги прави животните можности на еден човек реални, остварливи. Како неизоставно основно начело кое го одредува и ограничува моето однесување, тоа ги опишува истовремено мојата лична корист, мојата предност и мојата желба како треба да се однесувааат другите со мене. Како златно правило, тоа може за секого во секое време да бара учтивост, бидејќи - независно од поводот за неговото основање - тој за секој човек создава иста и заштитена реалност, која не зависи од расположението на некое трето лице.

**Непоколебливо право**

Од нејзиното основање ѝ го поставуваат прашањето на Демохристијанската унија, дали добро била советувана при изборот на едно толку високо поставено начело, кое се содржи во името на партијата, како мерило на својата политика. Прашањето е јасно: и покрај сиот труд, понекогаш, ова начело не се исполнува во политичкото секојдневие - или барем не доволно. Кој сакаше да го оспори тоа? Во една демократија големо е искушението да се тргне по фактичките или

наводни движења на мнозинството и така да се стави на коцка доследноста на сопственото очекување. Никој не може да тврди за себе дека секој пат му одолеал на тоа искушение.

Во меѓувреме има сè повеќе прашања за политичката агенда, од чиишто одговори зависи повторното одбирање на претставата за човек што ќе ја следи нашето општество. Без разлика дали се носи одлука за заштитата на ембрионите или за забраната за клонирање, решавањето на некоја криза на социјалната држава, невработеноста или прашањата за човековите права: кој одговор од многуте можности одговара на христијанската слика за човекот? И дали една партија воопшто е овластена да тврди дека со христијанското начело може да се совладаат светските предизвици?

Една политичка партија несомнено го има тоа право. Притоа таа знае, дека не секогаш убедувањата кои произлегуваат од верата, можеа непосредно и без сомнеж да се вметнат во политичките одлуки и во граѓанските закони. Тоа е можно само под определени услови, кои политиката честопати не може да ги обезбеди. И често се случува, замрсените демократски постапки на изнаоѓање мнозинство да може да го натераат политичарот да направи компромис и за основните морални прашања, ако со тоа може да се ограничи некоја штета, што инаку сигурно би била многу голема.

Токму во поглед на разговорот и натпреварот на културите, христијанската слика за човекот има помирливо дејство. Нејзината моќ на привлечност е нескршлива, а станува уште поголема ако луѓето секојдневно мора да искусуваат дека нивното достоинство не е заштитено и нивниот копнеж по слобода не е задоволен. Христијанската слика за човекот останува непоколебливо право не како превласт на другите култури, туку како одредба на тоа што секој човек смее да го очекува за себе. Кој сака да го ограничи своето значење или да го направи да зависи од условите, нема да ги унапреди идниот развој на општеството и единството меѓу народите, туку самиот ќе ги наруши духовните и културни основи на еден цивилизиран соживот.

*Иван Дамјановски*

## Таткото на поствоена Италија - Алчиде де Гаспери

Пред повеќе од педесет години, на крајот од Втората светска војна која го уништи поголемиот дел од Европа, мала група влијателни политички фигури заедно составија план кој подразбираше делегирање на одредени аспекти на државниот суверенитет на заеднички, независни и пред сè супранационални институции. Овој навидум преамбициозен план кулминираше со создавањето на Европската Унија во 1993. Меѓу најзаслужните личности во формирањето на ова политичко ремек-дело на дваесеттиот век несомнено спаѓаат Жан Моне, Конрад Аденауер, Роберт Шуман, како и таткото на поствоена Италија - Алчиде де Гаспери.

И покрај тоа што неговото владеење подлегнува на критики во идеолошки напнатата италијанска политичка сцена, сепак, Де Гаспери е највлијателниот и најуспешен политички лидер во поствоената италијанска историја. Без оглед на тоа што за националистите и за фашистите тој е еден "стар австрофил", за либералите "клерик", за левичарски настроените демохристијани "конзервативец", за комунистите "американски слуга", а за демократските интелектуални кругови "измамник",.. токму Де Гаспери е човекот кој успева да ја трансформира Италија од една од земјите губитнички по Втората светска војна во една од навлијателните земји членки на евро-атланското семејство.

Алчиде де Гаспери (Alcide de Gasperi) е роден во 1881 во малото место Пиеве Тесино во единствениот билингвален регион во Италија Трентино Алто Адиге (Јужен Тирол) кој во тоа време бил под австроунгарска власт. Дипломира филозофија на универзитетот во Виена и уште за време на студентските денови започнува да зема учество во политичкиот живот, фокусирајќи се главно на неговиот регион. Меѓутоа, неговата вистинска политичка кариера започнува со неговиот пратенички мандат во австрискиот парламент како претставник на "Католиците на Вал Сугана". Во овој период тој промовира силно движење во корист на малата италијанска заедница од Трентино во рамките на големата мултинационална и мултикултурна австроунгарска империја. Овој политички ангажман е од големо значење за неговата понатамошна политичка еволуција давајќи му една поширока визија за политичкиот живот, проширување на културолошките перспективи, истовремено креирајќи го неговиот авангарден европски дух.

За време на Првата светска војна, Алчиде де Гаспери го води Комитетот за бегалци, им помага на илјадници политички активисти од Трентино да емигрираат кон внатрешноста на Италија и со тоа да ја избегнат заканата

од затворање од страна на австриските власти. По Првата светска војна, Австрија ја губи територијата на Трентино кој потпаѓа под италијанска контрола. Во тоа време Де Гаспери се јавува како еден од основачите на Народната партија на Италија (Partito Popolare) што се смета за претходник на модерната Демохристијанска партија. Тој во 1921 е избран за делегат од Тренто во Италијанскиот парламент, во 1925 за да стане лидер на Народната партија. Меѓутоа, оваа позиција не трае долго, бидејќи по доаѓањето на Мусолини на власт во 1926 сите партии, освен владејачката фашистичка партија, се укинати. Како деклариран антифашист и противник на Мусолини, тој е уапсен и осуден на 4 години затвор. Во 1939 е ослободен под силен притисок на католичката црква и сѐ до падот на Мусолини работи во Ватиканската библиотека, период кога и објавува неколку колумни за "Oservatore Romano" користејќи псевдоним. Во периодот од 1942-43 неколку влијателни личности од старата Partito Popolare започнуваат со тајни средби на коишто Де Гаспери го презентира својот документ "Идеи за реконструкција на христијанската демократија" со кој ги поставува темелите на новата Демохристијанска партија (Democrazia Cristiana). Де Гаспери е повторно избран за лидер.

Веќе во летото на 1944, Италија ја добива својата прва поствоена влада водена од Ивано Бономи (Ivano Bonomi) каде што Демохристијанската партија е дел од шестчлената коалиција. Меѓутоа, овој владин кабинет е краткотраен поради политички притисоци во рамките на коалицијата што резултира со формирање нова влада на премиерот Феручо Пари (Ferruccio Parri). Алчиде де Гаспари профитира многу од оваа промена и станува министер за надворешни работи. Меѓутоа, поради несогласувања помеѓу социјалистите и комунистите и оваа влада паѓа во 1945. Настанува нова констелација на односите на политичката сцена во Италија и Демохристијанската партија значително го зголемува своето влијание. Таа успева да формира нова коалиција поставувајќи го Де Гаспери за нов премиер. Негова прва задача е да ги спроведе преговорите за мировен договор со сојузничките сили. Уште тука доаѓаат до израз неговите извонредни дипломатски способности кога успева да ја продобие наклонетоста на сојузничките лидери со којашто уште повеќе ги зацврстува позициите на својата влада. И покрај тоа што финалниот договор наметнува многу тешки услови за Италија, САД водат покооперативна политика со Италија отколку со другите земји губитнички. Користејќи ја растечката тензија помеѓу САД и Советскиот Сојуз, Де Гаспери успева да обезбеди зголемена помош за Италија, како и заем од 100 милиони долари за "стабилноста на италијанскиот демократски режим".

Де Гаспари исто така се јавува како клучна личност во втората половина на 40-тите години кога политичкиот живот на Италија е разбрануван од монархистичко-републиканската дебата за новото уредување на политичкиот систем на Италија. Тој по претходните консултации со Велика Британија и САД презема храбар политички потег распишувајќи референдум кој се одржува на 2 јуни 1946. Крајниот исход е републиканската опција која ја запечатува судбината на монархијата и на кралот Умберто II кој ја напушта Италија.

Во наредните пет години, Де Гаспери е на чело на три последователни владини состави од мај 1948 до изборите во 1953. Овие влади следат иста централно-десничарска политичка траекторија, а Де Гаспери станува симбол на демохристијанската моќ на италијанската политичка сцена. За да ја одржи својата либерална политичка насока, тој е приморан да ги користи сите свои државнички способности за да ги совлада бројните конфликти во рамките на својата коалиција. Веројатно неговите неоспорни лидерски способности се и единствената причина што Демохристијанската партија ги задржува своите позиции на самиот политички врв.

Меѓутоа, изборите од 1953 значат и промени кај италијанскиот електорат. Де Гаспери сакајќи да обезбеди доминантно мнозинство за својата коалиција, предлага еден контроверзен изборен закон од кој најголема полза би извлекле големите политички партии, а помалите партии би биле практично целосно неутрализирани. Ова резултира со силни обвинувања упатени кон недемократскиот карактер на политиката на Де Гаспери поткрепени со обвинувања за наводната вазалска политика кон американската влада. И покрај тоа што демохристијанската партија повторно победува, ја губи многу потребната поддршка од помалите партии. Де Гаспери повторно е предложен за премиер, меѓутоа голем дел од неговиот углед е загубен. Кабинетот на владата што тој го предлага пред парламентот е одбиен и со тоа е ставен крај на неговата долгогодишна кариера.

И покрај забележителната улога на Де Гаспери во креирањето на внатрешната политика, особено на економски план, сепак тој ќе биде запомнет како извонреден дипломат и водечки фактор на италијанската надворешна политика. Тој ја води нацијата до прифаќањето на Маршаловиот план и Атлантскиот пакт кој, пак, ја води Италија до полноправно членство во НАТО во 1951. Меѓутоа, веројатно најбитниот момент за поствоена Италија е нејзиното учество во европските интегративни процеси диригирано во најголема мера од самиот Де Гаспери. Под силно влијание на пан-европското федеративно движење на Куденхов-Калерги и европскиот федерализам на неговиот

сонародник Алтиеро Спинели, Де Гаспери е еден од најголемите поборници на идејата за "обединета Европа". Уште во доцните четириесетти години од минатиот век во голема мера помага во организацијата и создавањето на Советот на Европа, кој е формиран со потпишување договор од петнаесет европски лидери во мај 1949. Меѓутоа, сонот на Де Гаспери е федерација на демократски европски држави. Доколку се следи неговата политичка мисла воочливо е неговото инсистирање дека целта на Европската заедница мора да биде еден позитивен акт на политичка мобилизација и спиритуално поврзување на популацијата со демократско владеење, кое пак за него несомнено значи федерално владеење на демохристијански основи. Според него, ова може да се оствари само доколку се создаде унифицирана администрација која ќе ја црпи својата моќ од една централна организација што ќе ги обединува различните нации. Меѓутоа, неговиот пристап кон ова прашање воопшто не е идеалистички. Ваквата конструкција ја поставува како една долгорочна цел кон која Европа треба постепено да се приближува. Остварувањето на европскиот федерализам може единствено да биде диригирано елитистички: политичарите и интелектуалците се оние кои треба да ги подготват Европејците за заедничката иднина. Како што многу често изјавувал "Европскиот патриотизам единствено може да се развие во федерална Европа". За среќа, тој во својата идеја не е осамен. Во доцните четириесетти во постојан контакт е со Роберт Шуман и со Конрад Аденауер. Токму тие тројца ги повлекуваат првите големи чекори кон создавањето на новата Европа. Може слободно да се каже дека создавањето на Европската заедница за јаглен и челик е дело на овие тројца државници. Алчиде де Гаспери е активно вклучен во сите фази на овој проект, така што последната година од својот живот ја поминува извршувајќи ја функцијата прв претседател на парламентарното собрание на Европската заедница за јаглен и челик. Тој воедно е и најголем поборник за формирање на Европска одбранбена заедница, проект кој потекнува од една француска идеја, а кој Де Гаспери сака да го искористи за искоренување на европските националистички стремежи. Во нео-функционалистички манир, тој инсистира и на создавање заедничка европска политичка заедница како неопходен суплемент без кој функционирањето и на самата безбедносна политика ќе биде доведено во прашање.

Умира во август 1954 година, во деновите кога токму Францускиот парламент и става крај на таа идеја.

Алчиде де Гаспери е веројатно највлијателниот политички лидер во поствоената Италија. Без неговото водство нацијата никогаш немаше толку брзо и

успешно да се трансформира од воено разурната земја, во една од водечките западноевропски сили. Веројатно поради слабата харизма и црната дамка од изборите од 1953, тој не ги ужива славата и популарноста на своите современици. Меѓутоа, неговото политичко наследство, неговата мудрост и визии оставија длабока трага во поствоената физиономија на Италија, несомнено поставувајќи го на пиедесталот на најголемите италијански и европски државници во поновата историја.

*Ѓорѓи Спасов*

## Мрморењето како политички чин

*"Не сум доволно мудар да го дефинирам*
*хуморот, но ни доволно будала*
*да се обидам да го направам тоа",*
***Огден Неш***

Можеби нетипично за вака сериозен научен труд, но овој предговор сакам да го започнам со кусо потсетување на околностите во кои се роди идејата за неговото пишување.

Со колегата Неделковски долго време работевме заедно во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје. Како млади научници, долго време бевме во средиштето на роморната комуникација во која за политиката не се зборува туку таа се озборува, во која луѓето нешто за политиката шептејќи кажуваат, но гласно ја исмејуваат и притоа имаат едно убаво чувство дека учествуваат во политичкиот живот.

Беа тоа времиња во кои комунизмот беше на зајдисонце и никој веќе сериозно не го сфаќаше, ниту пак, му се плашеше. Постоеја бројни вицеви за него и за неговите политичари.

Колегата Неделковски, во една прилика објаснуваше како Сталин (познат по неговите чистки) се справил со приврзаниците на Ленин. "По смртта на Ленин, Сталин го информирале дека во Политбирото сè уште постојат некои приврзаници на Ленин. Сталин мирно одговорил: *Тие имаат избор. Или ќе бидат со мене или ќе одат сите кај омилениот им Ленин.*"

Никој од нас веќе не веруваше дека одиме кон посветла иднина. Еден политички виц од тоа време ја имаше земено на заб политичката демагогија. Тој објаснуваше како еден вистински комунист треба да им објасни на граѓаните, зошто понекогаш нема месо во продавниците? Одговорот гласеше: *Треба да им каже дека ние кон комунизмот одиме толку бргу што стоката не може да нè стигне*".

Играјќи си со веќе создадените стереотипи за народите што живееја во Југославија, луѓето имаа и свој рецепт за тоа под кои услови можеше да се реши тогашната голема југословенска криза.



Одговорот гласеше дека тоа ќе се случи кога: "Словенецот ќе плати пијалак, Црногорецот за работа ќе се фати, Македонецот од печалба ќе се врати, кога Србинот за брат Хрватот ќе го прифати и кога Босанецот сето тоа ќе го сфати".

Но, постоеше и страв дека доаѓа време во кое вицевите стануваат реалност. Тие беа многу често и мрачни предвесници на иднината. Еден од нив претскажуваше дека Југославија по Тито ќе се вика Титаник. А друг дека Европа во 2000 година ќе има 9 држави. Една Европа и осум мали Југославии.

Се чинеше долго дека овој вид политичка комуникација ќе остане непроучен, неанализиран и оставен по страна од науката, бидејќи во тоа време "науката беше дејност пред која стоеја многу сериозни задачи, а не да се занимава таму со некакви вицеви и слухови".

Колегата Неделковски сепак реши да го фати недофатливото. Во еден авторитарен режим, тој ја насетуваше големата улога и значењето на политичките вицеви и слуховите во комуникациските процеси и при обликувањето на јавното мнение. Но само човек со толкав талент, со толкаво знаење, со толкава способност за научно проникнување и протолкување на нештата, со толкава енергија и човек толку духовит, како д-р Живко Неделковски можеше да ни го престави и протолкува феноменот на слуховите и вицевите како компонента на неформалното јавно мислење како што тоа е направено во овој труд.

Ова не е само редок труд во научната мисла кој содржи информации за генезата, видовите, класификациите и политичките теории за слуховите и политичките вицеви, туку и редок жанр во неа кој овозможува да биде користен како основа за продлабочување на теориската дебата, како учебник од страна на студентите на политикологија, но и како белетристика за љубителите на убавиот збор и јасната политичка мисла.

Поимот *слух*, Неделковски во овој труд го употребува прецизно за да ја означи онаа појава или информативна содржина која во српскиот јазик е позната како *гласина* и која некои од лекторите на македонски јазик долго време ја преведуваа и сè уште ја преведуваат со *гласиште*. Неделковски кој е мајстор на зборот и кој сака именувањата на појавите да биде во согласност со нивната суштина , па дури и поимот да звучи како ономотопеја за појавата на која се однесува, се определува за поимот *слух*. Тоа е во согласност со сознанието дека слухот не е ниту глас гласно изговорен, ниту гласиште туку пред сè шепот, тивок говор кој е доволно силен да биде пренесен од уво в уво во интерперсоналната комуникација, нешто што се наслушнува, тивко, до крај нејасно, а често мошне застрашувачко и субверзивно. Тоа е една од оние комуникациски содржини кои не произведуваат мислење туку

создаваат мнение кое е суд на поединецот или на граѓаните кој не е заснован на знаење или на проверени информации, но кој влијае врз неговото, односно, нивното однесување. Оттука Неделковски со право го користи поимот јавно мнение, а не поимот јавно мислење, бидејќи она што станува суд на јавноста за прашања од доменот на нејзиниот интерес  често е резултат на некаква мешавина од вистинити, полувистините или целосно лажни информации, на бројни предрасуди, стереотипи и религиозни уверувања. Затоа за Неделковски со право тоа е мнение, лично или јавно мнение, кое често јавно не се изговара туку се мрмори (мумла), се манифестира како негодување или сомничаво одобрување и кое нема некој траен карактер, туку се менува во зависност од најновиот слух или информација.

Што се однесува, пак, до вицот, Неделковски го има задржано овој поим кој е од германско потекло и кој има во себе некоја веселост при изговорот и кој фантастично се вклопува со поимот блиц, кој во еден дел од текстот Неделковски го употребува за да ја означи брзината со која комуникациската содржина на овој поим ги осветлува појавите и личностите на кои се однесува и брзината со која тој се пренесува во интерперсоналната комуникација.

Потребно е само да се погледне содржината на насловите од овој труд за да се воочи степенот на истражувачката страст со која им е пристапено на овие појави. Откако авторот ја поставува темата за улогата и значењето на овие два феномена во процесот на формирањето и изразувањето на јавното мнение и значењето на јавното мнение во политиката, тој со енциклопедиска страст ги презентира историските генези на слуховите и на политичките вицеви одделно, го презентира нивниот тематска спектар, ги презентира и сецира политичките теории за слуховите и политичките теории за комиката, хуморот и вицевите, прави компаративна анализа на нивните сличности, разлики како мненски феномени и ги извлекува своите наоди и заклучоци во врска со тоа што тие се, каква е нивната комуникациска вредност и придонес во формирањето и изразувањето на јавното мнение во различни услови на различни простори во различни периоди од човековата цивилизација.

Неделковски во својата анализа поаѓа од едноставната вистина дека слухот информира, а вицот коментира.

Слухот, ќе заклучи тој, добро се пласира токму затоа што за определена тема недостигаат информации, така што тој се појавува за да ја пополни таа празнина,односно да ја донесе непознатата тајна, забранетата информација.

Вицот, пак, не изнесува нови факти.Тој се потпира врз претходната информираност на оние на кои им се раскажува и затоа неговите раскажувачи мора да одберат публика која е информирана за да не им

пропадне вицот. Вицот се задоволува само со остар коментар. Кога, пак, тој нуди некаков излез или можно решение за актуелен проблем, тоа сосема сигурно е во спротивна насока од онаа во која логично се очекува и привидниот или логичен апсурд кој го содржи таквото решение, предизвикува смеа, иако за жал, понекогаш се покажува како горка вистина.

Како и секоја информација која е пласирана со цел да информира, појасни или да стимулира одредено политичко поведение, слухот може да биде точен или лажен, односно да биде пласиран со цел за вистинскиот настан, за вистинските цели или за вистинските намери да информира, со цел да манипулира или пак да ги испровоцира, оние што располагаат со вистинитата информација.

Оттука Неделковски ќе заклучи дека слуховите се предмет и на политичката имагинација и на политичката манипулација во сите времиња низ историјата.

Многу војни започнувале со слухови и завршувале со слухови. Слухот е првото слободно радио. Тој е инструмент во борбата помеѓу опозицијата и власта и опасно оружје во време на војна. Тој наидува на доверба кога постојните извори за информирање се блокирани од политичка контрола или се дискредитирани. Тој се лепи на свеста од граѓаните кои живеат во страв од непосредна или подалечна опасност и кои бараат логично оправдување, скриени намери, тајни сили или здруженија и кои очекуваат некој тие сили да ги разоткрие. Тој дури служи понекогаш за зачувување на илузијата дека сепак некои работи се "ѓаволска работа". Слухот нуди алтернативна информација, алтернативно објаснување и има особен успех во авторитарните режими во кои важи за субверзивна информација. Затоа Неделковски во својот обид да го дефинира, вели: "Слухот е предлог за верување на тематско известување распространето без официјална верификација".

Слуховите се шират со брзина на светлината, како торпедо кое кога еднаш е лансирано понатаму се движи на сопствен погон. Алпорт и Постман, наведува Неделковски, го формулирале и базичниот закон за слухот, според кој, количеството на слухови кое циркулира во една земја варира во зависност од значењето на темата за заинтересираните индивидуи помножено со двосмисленоста на податоците кои се однесуваат на таа тема.

Во арсеналот средства за политичка борба, ќе забележи Неделковски, слухот има многубројни предности.

Прво, изворот на слухот останува скриен, недофатлив, мистериозен. Никој не е одговорен, а сите се информирани. Потоа, тој е медиум на некажаното, всушност, овозможува на јавно место да се изнесат теми кои политичката традиција забранува отворено да се споменуваат. Слухот исто така на бара докази. Обвинението изнесено

во форма на слух е сосема доволно. Тој исто така игра своевидна игра со изворот на информации. Од една страна повикувањето на сигурен извор на информации (пријател, сведок, напис итн.) го обезбедува кредибилитетот на пораката, а од друга страна кажувачот на слухот ја тргнува од себе секоја одговорност, бидејќи настапува само како пренесувач. И на крајот, слухот е политичка пропаганда која не чини ништо, односно е оружје без директни финансиски трошоци и во политичките борби оружје без конкуренција.

Слуховите, ќе забележи Неделковски, не се на добар глас и од страна на критичарите се третирани како неверификувани изјави или тврдења, како лажни или невистинити информации, како дел и средство на специјалната војна, дека се своевиден огранок на општествената криза, дека се медиум на простиот народ, на лековерните и необразованите, дека се форми на изживување на фрустрираните, морално слабите или изопачените личности, дека тие се занимаваат со споредни, банални или тривијални теми кои не го заслужуваат општественото внимание итн. Но, токму овие тврдења, смета Неделковски, се веќе причина да се крене глас против ваквата априорна, безрезервна, а беспричинска осуда на овој медиум на општествено политичкиот живот. Се разбира, вели тој, има и слухови кои се лажни информации, но тоа не е доволна причина сите слухови априори и генерално да се изедначуваат со лагите. Меѓу нив има и измислици, и бесмислици, и лукавства,.. но не се сите слухови од онаа страна на вистината, дури често се случува вистината да може добро да се пласира само во форма на слух, бидејќи јавните гласила и го затвориле патот. Оттука, слухот не е синоном за невистина или измислица. Кога би немало слухови кои се обистинуваат и кои се потврдуваат како целосно вистинита информација што некој сакал да ја чува во тајност, тогаш воопшто и не би имало слухови. Многу информации и мненија кои подоцна добиле атрибут на јавност и на официјалност, изникнале и во прво време циркулирале како слухови. Според тоа, слуховите можат да бидат зачеток и претходница на институционалните и информативни текови и на артикулацијата на јавното мнение. Но, исто така е јасно дека тие секогаш не израснуваат и не прераснуват во институционализирано формално јавно мнение какво што формираат или промовираат медиумите. Значи, тие не се само латентно јавно мение кое чека пред портите на јавните медиуми за да биде потврдено и официјализирано. Тие понекогаш се и пандан, опозиција или негација на официјалното јавно мнение, односно соперник на јавните медиуми. Тие се и појава за себе, јавно мнение од свој вид, комуникациски и мненски феномен, кој не се определува со јавната политичка комуникација и со институционалното јавно

мнение, туку постои независно од нив, покрај *до нив* и *против нив.* Значи, некогаш тоа е комплементарно, друг пат е дивергентно, а трет пат индиферентно во однос на јавното информирање и мнение.

Неделковски вицот го дефинира како "јадровита форма, главно на усно предание, која со логички, јазички и други пресврти ги интерпретира и ги исмејува актуелните состојби, случувања, појави, недостатоци и постапки, а особено нивните актери кои отстапуваат од вообичаените норми на општествениот живот". Ова важи и за политичкиот виц кој е значаен агенс на политичкото општење и мнение. За разлика од слухот кој својот успех во јавноста го обезбедува со тоа што изнесува дотогаш непознато тврдење, политичкиот виц обично не дава нови информации туку главно внесува нов, невообичаен контекс во кој го сместува информацискиот комплекс за темата со која се занимава. Вицот говори лаконски, а понекогаш и лаички. Тој не е некаква студија за критичниот проблем, туку инстант, блиц реакција на припадниците на политичката јавност на тековните политички настани и нивните актери. Вицот е сигнал, предупредување на политичката јавност дека е будна, дека не зема сѐ здраво за готово, дека критички опсервира и резонира.

Политичкиот виц и парира или ја пародира официјалната политика. Тој се занимава со теми, личности и ситуации кои се во фокусот на јавноста, за кои таа веќе има доволно информации, со тоа што ги комбинира, коментира, ги карикира, така што да добијат поинакво значење. Во тој поглед, тој е сличен со политичката карикатура или со стрипот. Непознатата персона е "персона нон грата" во политичкиот виц. Протагоностите на политичкиот виц можат да бидат и анонимни, но во тој случај се наведува нивната националност, професија или друга идентификациска карактеристика за да може да се повикаат на стереотипите за нив, а вицот да се ослободи од обврската да објаснува за кого или за што станува збор.

Вицот е виц ако те насмее. Но, тоа не единствената негова функција. Политичкиот виц и коментира, и е привлечен, бидејќи коментарот е духовит и напоредно со забавата може да ве доведе во ситуација да се замислите над неговата содржина.

Политичкиот виц Неделковски го анализира како комуникациски и мненски феномен, бидејќи тој, како и јавното мнение, се занимава со актуелните проблеми на заедницата, но ги има и истите функции на јавното мнение од експресивната до интегративната "заедница на смеата".

Политичкиот виц, како и слухот,преставува своевидна "контравласт", односно, по правило е во опозиција, во немилост на власта. Двете лица на вицот, естетичкото и политичкото, сепак му овозможуваат доволно животен и маневарски простор релативно успешно за да се оттргнува од

обрачот на осилената власт која со задоволство би го држела под контрола. Се разбира, ова важи за спонтано настанатиот политички виц, со кој властите не се занимаваат заради забава,туку поради забрана и одбрана од него, бидејќи наспроти овој виц кој го изразува критичкото јавно мнение и кој ги предизвикува властодршците, власта се обидува да фабрикува хумор кој би бил прорежимски, и кој во духовите форма би го изразувал нејзиното официјално мнение.

Политичкиот виц кој предизвикува "непосредно јавна смеа", се покажува како носител на енергија која ослободува од страв и од вообичаената покорност кон авторитетите. Во тоа е главната причина зошто властите и разните видови моќници во општеството се плашат од спонтаниот хумор на народот. Додека политичкиот виц, од една страна, може да им наштети на власта и на моќниците, од друга страна тој е во функција на еднаквоста и на единството на оние кои на власта и на моќниците им се потсмеваат. Тоа му дава моќ на народот и им задава грижа на силните на денот, бидејќи ги соочува со силен и здружен противник.

Политичкиот виц како специфичен вид хумор се вклопува во сплетот политички и духовни феномени кои ја составуваат актуелната, дифузна, дневно-политичка свест на јавноста. Во процесот на формирање и изразување на јавното мнение, вицот може да партиципира уште од самиот почеток. Тој може со духовите забелешка да разбуди сомневање во нешто што дотогаш изгледало неприкосновено, непроблематично, недопирливо. Исто така, во секоја фаза од процесот на формирање на јавното мнение, во поројот информации кои ги затрупуваат припадниците на јавноста, преку формални и неформални канали, може да се влее и вицот со своето осило и дури да му втисне печат на јавното мнение до таа мера што тоа ќе може да се сублимира и да се сумира со еден единствен виц.

Политичкиот виц нема иста вредност и иста убедувачка моќ во сите сегменти на јавноста. И покрај несомнената духовитост, тој ќе наиде на одбивност доколку загрозува некои животни интереси и подлабоки слоеви на припадниците на јавноста. Со други зборови, секој виц не е наменет за секоја јавност или секоја општествена група. Успехот на вицот, како што забележал големиот Шекспир, е во увото на оној кој го слуша. Оттука способноста да се насмее друг претпоставува точно познавање на тоа што него во никој случај не би го насмеало. Тоа, пак, значи дека вицот не е семоќен, и дека дури и кога ќе насмее некого, тоа не значи дека насмеаниот се согласува со неговата порака.

Ова редуцирање и релативизирање на влијанието на вицот врз свеста и однесувањето на луѓето произлегува од фактот што тој не е комуникат кој би бил исклучен од општите социјално психолошки механизми и процеси. Тој може да раздвижи,

да подржи или да пренасочи некои мисловни текови но не безусловно и без учество на другите фактори од социјално и психичко потекло. Тој влијае врз свеста на луѓето во мали дози, но континуирано и кумулирано, и во определени критични ситуации со својата бројност и пробивност станува релевантен комуникациски и мненски фактор.

Слуховите и вицевите се редуцираат или се зголемуват во зависност од општествените услови. Во авторитарните режими тие преземаат голем дел од комуникациското однесување и од критичкото расположение на потиснатата  и попречена политичка јавност. Таа потисната јавност е пренесена во сферата на приватноста каде што нејзините мненија добиваат засолниште и потпорна точка, бидејќи се надвор од дофатот на властите.

Конкурентноста на усните преданија, во кои клучно место имаат слуховите и вицевите, не се манифестира во нивното паралелно парафразирачко следење на политичкиот курс на мас медиумите, туку токму во противставувањето на официјалната верзија и во неутрализирањето на манипулацијата од страна на државните контролирани мас медиуми. Со тоа усните преданија се здобиле со автономен и алтернативен статус во политичката комуникација, но и пошироко, станале автентичен извор на историски информации без кои не би можело реално и целосно да се реконструира и да се сфати определн период.

Во својот труд Неделковски прави темелна анализа на она што тој со право го нарекува "кривулестата" линија на науката за вицевите и слуховите како мненски феномени. "Слуховите и вицевите, ќе забележи тој, биле подложени на различни режими, од уважување, толеранција до одбивност, во зависност од тоа дали на нив се гледало низ призмата, односно шизмата, на владејачкиот режим или на неговите опоненти." Науката исто така ги занемарувала или пристрасно ги оценувала. Оттука тој го поставува и клучното прашање од аспект на неговото истражување: "Дали мнението кое е изградено и изразено со слухови и со вицеви воопшто заслужува да се нарече јавно мнение?"

Неговиот одговор е потврден и го аргументира со следниве тврдења: Ако јавното мнение е форма на колективно расудување на јавноста, тогаш  процесот на политичкото расудување секако не ги исклучува слуховите и вицевите без оглед на тоа какво е нивното реално учество во него. Второ, ако на јавното мнение дури и во современото општество кое е во знакот на институциите на политичкиот и информативно комуникацискиот систем му се признава дифузниот карактер, тогаш не може да му се одземе правото на неговата неформална компонента да се легитимира како своевидно јавно мнение. И трето, ако јавното мнение ја има улогата на контролор или критичар на власта помеѓу изборите

циклуси, тогаш и оваа компонента на јавното мнение е содржана во слуховите и вицевите, а понекогаш формираното политичко сфаќање на настаните во спонтаната комуникација на припадниците на политичката јавност го прифаќа официјалната политика и тоа станува официјално и делотворно.

Трудот на д-р Живко Неделковски претставува обид да се обмислат слуховите и вицевите како форма на политичко општење и мнение. Тој сметаше, како и истакнатите француски политиколози (А. Сови и други ) дека е штета што проучувањето на политичките вицеви и слуховите нема најдено место на факултетити и институтите за политички студии и беше убеден дека со оваа негова студија можеби ќе ги поттикне своите колеги да го издигнат на ниво на научна дисциплина или барем на ниво на предмет на истражувањето кој не заслужува помало внимание од другите бројни политички феномени. Неговиот труд е не само ретко дело во политиколошката мисла, туку и значаен придонес на македонската политиколошка мисла во светската ризница на знаење за овие феномени.

Јасмина Чукалковска

## Под крилјата на орелот




*Јован Донев "Орел над балканот: надворешната политика на САД кон Балканот (1989-1998)", "Култура", Скопје 2002*

Со доаѓањето на новиот век неопходна е некаква рекапитулација на проблемите и решенијата во минатото. Или можеби се работи за само уште еден изговор да се проучува и става под лупа надворешната политика на единствениот хегемон присутен буквално секаде во светот. Особено се загрижени малите земји и земјички за тоа каде ќе се најдат во новиот светски поредок, па бараат закрила во крилјата на орелот.

Јован Донев ја поставува својата анализа за присутноста на американското влијание врз формирањето на американската надворешна политика низ неколку кратки есеи кои треба да ни го доловат процесот на одлучување и актерите инволвирани во создавањето на митот за "Колосот кој го опчекорил светот". Почнувајќи од кратка анализа на историските аспекти кои се основата за создавањето на митот, Донев започнува еден вид компаративна анализа во која на кантар ги поставува вредностите кои некогаш ги воделе САД до хегемонија и вредностите на новото доба. Речиси е невозможно да се разбере американската политика, доколку не се разбере продлабоченото и истрајно влијание на системот на вредности. Додека целиот свет во минатите векови беше инкарнација на тиранија, аристократија и угнетување, Америка беше демократија, еднаквост, републиканизам. Америка од тоа прерасна во иднина, прогресивност, слобода, еднаквост.

Денес, по дезинтегративните ефекти на Студената војна, основата на американското општество се наоѓа во интеракцијата на два значајни тренда: промена во структурата на емиграцијата и култот на мултикултурализмот. Додавајќи на тоа дека Американците, без развиено чувство на национален идентитет, стануваат неспособни да ги дефинираат своите национални интереси, па како резултат на тоа, доминантни во надворешната политика стануваат помалку значајните комерцијални, транснационални или ненационални етнички интереси.

Еден од актерите во формирањето на надворешната политика на САД е Претседателот на САД, а Донев за дообјаснување ја користи теоријата на Р.Хилсман за концентричните кругови при

што Претседателот зазема централно место. Донев ја анализира и улогата на Конгресот во периодот по Втората светска војна сѐ досега, со особен акцент на перспективата врз "Договорот со Америка" која покажува дека иако надворешната политика и националната безбедност не се области од особено значење за американскиот граѓанин, Конгресот сепак ќе се се труди да ја одржи борбата за доминација. Сепак, новото време и промените во самите хиерархиски елити на Конгресот го оневозможуват да ја преземе толку посакуваната контрола.

При анализирањето на надворешната политика, Донев смета дека никако не смеат да се изостават јавното мислење, елитата и истражувачките центри. Сфаќањето за САД како демократски "чиста" држава подразбира дека народот е способен и дури има тенденција да ги разбере своите интереси што се однесува до внатрешната политика на САД. Проблемот се јавува поради летаргијата и незаинтересираноста на народот кон надворешната политика, како и неможноста на државата да го анимира кон остварување на нејзините потреби. Сепак, практичниот аспект на анализата на Донев го води кон објаснување на повеќеслојноста (трислојноста) на јавноста, каде што мнозинството има општо познавање на надворешната политика и покажува одреден доследен став. Иако интернационализмот сѐ уште ја има поддршката на американската јавност, надворешната политика не е нејзината примарна грижа. Во поглед на надворешната политика јавноста е подложна на три категории на убедувања: изолационизам, интервенционизам и кооперативизам. Иако преовладува интернационалистичкиот прагматизам, сепак, по потреба, поточно во период на криза, кај нив се појавува синдромот наречен "околу знамето", во кој поединецот ја задржува својата индивидуалност, но лојалноста кон групата останува. Со цел да се задржи вниманието на јавноста, лидерите прибегнуваат кон блага форма на манипулација преку контролата на медиумите. Најважно е дека не смее на медиумите да им се дозволи контрола. Летаргијата на американскиот граѓанин кон надворешната политика придонесува кон слабеење на интересот на медиумите за неа, а зголемување на потребата за сензации поврзани со животот на јавните личности во САД. Ако јавноста не е таа која има влијание, очигледно е дека неколкуте илјадници од 240 милиони Американци се оние кои го имаат вистинското влијание, и тоа најголемиот број од нив имаат некаков интерес во надворешната политика, но не се во нејзината матица. Елитата ја сочинуваат високобразовани, доминантни мажи со бело, англо-саксонско, протестантско потекло, со соодветно искуство во "големите" бизниси. Анализата го води Донев до Советот за надворешни односи (Цоунцил он Фореигн Релатионс) кој има доминантна улога, а е

елитен клуб на личности тесно поврзани со надворешната политика.. Советот има активна програма и доколку нешто "големо" се случува на меѓународната сцена можете да бидете сигурни дека Советот ги замешал своите високообразовани прсти во тоа, без разлика дали е вашето име Маршал или ЕУ.

Вториот дел од анализата Донев ја сместува во рамките на глобалните аспекти на американската надворешна политика по завршувањето на Студената војна. За проучување на глобалното треба да се има одреден увид во националните интереси, а изгледа дека глобалната стратегија на САД е одредена од три категории на национални интереси: промоција на американските вредности, изградба на општеството на благосостојба и глобално проектирање на сопствените вредности. Администрацијата на САД ја гледа светската улога во новото гео-економско опкружување каде што не постои разлика меѓу внатрешната и надворешната политика. Иако САД често беа изложувани на критика како економски националисти, сепак изгледа дека нивната филозофија преминува во теорија, во која САД на глобалниот пазар се натпреваруваат како голема корпорација. САД воедно создава и нов приод кон Европа - преку неоатлантизмот. Политиките користени до паѓањето на Берлинскиот ѕид се покажаа како неупотребливи и беше неопходна нова стратегија - дифузија на сила. Сепак со изминувањето на времето, ЕУ сѐ повеќе се свртува кон самата себеси (економски, политички и културно) и потенцирањето на европскиот регионализам сигурно ќе има негативни последици по американскиот глобализам. Интер-европските интеграциони процеси овозможуваат дефинирање на идните американски чекори кон изградба на неподелена демократска Европа и реформирање на улогата на НАТО, за да може ефективно да се справува со кризи со кои би можела да се соочува Европа.

Гео-политички гледано најголемите промени на 20-тиот век се случија во неговите последни 10 години; и сега се поставува клучното прашање од кое зависи стабилноста на евроазиската континентална маса: дали Русија во односите кон своите соседи ќе ја задржи бенигната позиција или ќе се врати на старите хегемонистички традиции. Проширувањето на НАТО кон Русија треба да се гледа од аспект на "стратешка последна игра" - треба да го пополни безбедносниот вакуум кој се појави во Централна и Источна Европа. САД своите односи кон Русија ќе ги темели според нејзиното однесување во регионот, без разлика дали ќе ги израмнува по политичка или по економска линија.

Третиот дел на анализата на Донев е она што нас најмногу ќе нѐ заинтригира - балканската политика на САД по завршувањето на Студената војна. За почеток се поставува прашањето зошто е создадена слика на Балканот во која Балканците се опишуваат како луѓе кои не

сакаат да се приспособат кон стандардите на цивилизираниот свет. Одговорот е неопходен за да се спречат понатамошни војни, но од аспект на САД одговорот е потребен за да се спроведе програма која ќе го претвори Балканот во зона на стабилност и соработка.

Во почетната фаза на распаѓањето на СФРЈ, САД се држеа до веќе претходно утврдената политика - континуирана поддршка за независност, територијален интегритет и единство на Југославија. Односите на САД кон Социјалистичка Југославија треба да се гледаат низ призмата на американско-советските односи. Иако САД добиваа алармантни извештаи за пропаѓањето на југословенскиот експеримент, сепак не преземаа ништо, а потоа беа длабоко вознемирени заради кршењето на човековите права во Југославија. Сепак, југословенскиот проблем беше од второстепено значење за САД. Вашингтонската администрација се дистанцираше од директно инволвирање во кризата во поранешна Југославија. Непризнавањето на РМ во пакет со останатите три југословенски републики, ја покажа и определбата на САД да не отскокнува премногу од своите сојузници.

Комбинацијата на цивилизациските разлики и политичките идеологии и режими ја создаваат сликата за целосната недоверба на Балканот. Регионалните проблеми се состојат од три прашања: проблемот на националните аспирации на Албанците во Албанија, Косово и Македонија; растечкото ривалство меѓу Грција и Турција; и македонското прашање. Гледајќи на македонско-албанските односи внатре во РМ, може да се заклучи дека главен дестабилизирачки фактор не беше високиот наталитет, туку психолошките корени на македонско-албанските недоразбирања. Кога Македонија го потенцира историскиот наспроти етничкиот аспект, ги решава проблемите со Албанците, но создава проблеми со Грција. Донев анализата ја продолжува во насока на меѓудржавните односи во регионот со цел да ја потенција гео-политичката положба на Македонија. Распадот на Социјалистичка Југославија и осамостојувањето на Македонија создадоа безбедносен вакуум кој требаше да се пополни. Очигледно е дека Република Македонија уште некое време не ќе биде во состојба да го пополни овој вакуум. Со осамостојувањето, РМ се најде во неповолно гео-политичко опкружување одредено од една страна од барањата за самоопределување на Албанците и реал-политичките судири на Грција и Турција од друга страна. САД се појавуваат како заинтересирана страна за решавање на проблемите на Балканот, дали преку политички влијанија или преку испраќање одреден број американски војници во составот на УНПРЕДЕП. Од особено значење за САД е Турција со нејзината новоздобиена улога во гео-политичките стратегии и аспираци на САД. САД продолжуваат да инсистираат на натамошно

развивање и стабилизирање на демократските процеси паралелно со создавањето услови за остварување на човековите права. Македонија не е исклучок. Поттикнувајќи ја регионалната соработка, САД сакаат да ја развијат довербата меѓу балканските народи, а кон стабилизацијата на регионот ќе помогнат соодветните уставни и законодавни зафати на физиономијата на државноста на балканските држави и државички.

Заклучокот на Донев се сведува на тоа дека по распадот на комунистичките системи, САД веќе немаа директен интерес на Балканот. Распадот на Југославија е потврда на овој став. Заинтересираноста која тие ја покажаа кон Балканот е само начин тие да ја спречат појавата на нови војни, а воедно и зачувување на единството на НАТО, особено на неговото јужно крило.

Балканските држави не можат сами да го пополнат безбедносниот вакум, па мирољубивиот орел уште еднаш ќе ги испружи своите заштитнички крилја во името на демократијата и слободата.

*Декларацијата од Болоња од 19 јуни 1999 година*

## Заедничка декларација на европските министри за образование

*Благодарејќи на извонредниот успех од последните години, европскиот процес стана конкретна и значајна реалност за унијата и за нејзините граѓани. Перспективата за проширување на заедницата и сѐ подлабоките врски кон останатите европски држави, значително ја зголемуваат димензијата на оваа реалност. Во меѓувреме, како кај поголемиот дел од политичкиот и академскиот свет, така и кај јавноста, постои зголемена свест за потребата за создавање една покомплетна и посеопфатна Европа, при што особено треба да се надградува врз европските интелектуални, културни, социјални и научно-технолошки димензии со цел тие да се зајакнат.*

Во меѓувреме, "Европа на знаењето" е широко признаена како неопходен фактор за развојот на општеството и човекот, но и како неопходен составен дел на зацврстувањето и збогатувањето на европското граѓанство. Оваа "Европа на знаењето", исто така на своите граѓани може да им ги пренесе потребните компетенции за предизвиците што со себе ги носи новиот век како и свеста за заеднички вредности и чувството на припадност на еден заеднички социјален и културен простор.

Зацврстувањето на стабилни, миролјубиви и демократски општества е општо признаено како најважна цел, посебно во однос на ситуацијата во Југоисточна Европа.

Декларацијата од Сорбона од 25 мај 1998, која се потпира на ова разгледување, ја нагласува клучната улога на универзитетите во развивањето на европските културни димензии. Декларацијата го нагласува создавањето европски простор за високо образование како клуч за унапредување на мобилноста и работната квалификација на своите граѓани, како и развивање на европскиот континент во целост.

Повеќе европски држави го прифатија повикот да се ангажираат за целите кои беа утврдени во декларацијата потпишувајќи ја или ја изразија својата општа согласност во однос на спогодбата. Правецот на реформите во високото образование кои во меѓувреме се во тек во повеќе држави во Европа, покажува дека многу влади се решени да дејствуваат. Европските високообразовни институции од своја страна ги прифатија предизвиците и презедоа важна улога во градењето на европски простор за високо образование, следејќи ги притоа принципите, зацртани во "Magna Charta Universtatum" во Болоња во 1988 година. Ова е од суштинско значење, затоа што независноста и автономијата на

универзитетите, на високообразовните и истражувачките системи им обезбедува да се приспособат на потребите што постојано се менуваат, на општествените барања и на напредокот во науката.

Правецот е зацртан, целта има смисла. Сепак се потребни импулси за да се исполни целосно целта за поголема компатибилност и можност за споредба на високообразовните системи. За да се достигне видлив напредок, мора да го поддржиме овој развој со промоција на конкретни мерки. На состанокот од 18 јуни учествуваа врвни експерти и научници од сите земји на ЕУ, а како резултат добивме многу корисни предлози за тоа каква иницијатива треба да биде преземена.

Посебно мора да се занимаваме со целта - подобрување на меѓународната конкурентност на европскиот високообразовен систем. Виталноста и ефикасноста на секоја цивилизација се мери според атрактивноста што ја поседува нејзината култура за останатите држави. Треба да се осигураме дека еден ден европските високообразовни институции во целиот свет ќе бидат исто толку атрактивни како и нашите извонредни културни и научни традиции.

Ја нагласуваме нашата поддршка кон основните принципи, утврдени во декларацијата од Сорбона. Исто така ќе ги координираме нашите мерки краткорочно за да ги постигнеме следниве цели на кои им даваме предност при создавањето на европскиот универзитетски простор и при промовирањето на европските високообразовни институции во целиот свет:

Воведување на систем на тесноразбирливи и споредливи дипломи, исто така воведување на "Diploma Supplement", со цел да се промовираат за пазарот на работна сила значајни квалификации на европските граѓани и меѓународната конкурентност на европскиот високообразовен систем.

Воведување на систем кој главно се потпира на два главни циклуса:

Еден циклус пред првата диплома (undergraduate) и еден циклус по првата диплома (graduate). Пристап во вториот циклус се остварува со успешно завршување на првиот студиски циклус, кој трае најмалку три години. Дипломата добиена по првиот циклус би требала да биде применлива на европскиот пазар на трудот како соодветен квалификациски степен. Вториот циклус би требало, како во повеќето европски држави, да води до "Master" и/или до докторат.

Воведување на систем на поени за студиски постигнувања - слично на Европскиот кредитен трансфер систем (ECTS), како соодветен начин за унапредување на што поголемата мобилност на студентите. Поени би требало исто така да се собираат надвор од високообразовните институции, на пример, преку доживотно учење, со тоа што би биле признаени од соодветните универзитети.

Унапредувањето на мобилноста преку совладување на пречките кои во практиката му пречат на слободното движење, посебно за студенти: пристап до студиски и дообразовни понуди и до соодветни служби.

За наставници, научници и административниот персонал: признавање и сметање на престојот во странство за истражувачки и научни цели или обука, без да се повредуваат нивните законски востановени права.

Унапредување на европската соработка на полето на обезбедување квалитет во однос на развивањето на споредливи критериуми и методи.

Унапредување на потребните европски димензии во областа на високото образование, посебно во врска со развивањето на наставната програма, соработката меѓу универзитети, проекти за мобилност и интегрирани студиски дообразовни и научни програми.

Со ова се обврзуваме - во рамките на нашите институциски надлежности и целосно почитувајќи го мноштвото култури, јазици, национални образовни системи и автономии на универзитетите - да ги оствариме овие цели, за да го зацврстиме европскиот високообразовен простор. За таа цел ќе ја искористиме соработката како на ниво на влади, така и на ниво на европски невладини организации кои се докажани во областа на високото образование. Очекуваме дека универзитетите позитивно и брзо ќе реагираат, и дека активно ќе придонесат во остварувањето на нашите напори.

Убедени дека основањето на европскиот високообразовен простор постојано бара поддршка, надзор и приспособување кон постојано менливите предизвици, ние решивме најдоцна за две години повторно да се сретнеме за да го процениме постигнатиот напредок и да ги договориме следните мерки што ќе треба да бидат преземени.

## За авторите

**Емил Атанасовски**, роден 1980, координатор на Програмата за практиканти во Собранието на РМ при Националниот демократски институт за надворешни работи.

**Маја Аврамовска-Трпевска**, родена 1972, дипломиран педагог, проект-координатор на ИИЗ/ДВВ проект-биро Скопје.

**Христијан Бер**, роден 1954, покраински претседател на ЦДУ во Рајнланд-пфалц и сојузен заменик претседател.

**Иван Дамјановски**, роден 1979, постдипломец по европски интеграции на универзитетот во Болоња и програмски манаџер во ИДСЦО.

**Гоце Дртковски**, роден 1960, издавач и публицист.

**Соња Казиовска**, родена 1965, уредник во дневниот весник "Дневник".

**Матеј Качоровски**, роден 1975 во Варшава, Полска, работи во Центарот за истражувања и анализи во рамките на Институтот Евро-Балкан, во Скопје.

**Јозеф Ланге**, роден 1948, бил генерален секретар на Конференцијата за ректори од високото образование, во моментов е

раководител на одделот за координација на ресортите во кабинетот на покраината Тиринген.

**Ненад Марковиќ,** роден 1979 година во Скопје, проект менаџер и истражувач на Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество, магистерски кандидат на Европската регионална магистерска програма - Демократија и човекови права во Југоисточна Европа - во организација на Универзитетот во Болоња и Универзитет во Сараево.

**д-р Ана Пејчинова**, родена 1973, национален координатор на конзорциумот Македонски е-библиотеки, НУБ, Одделение за дигитални архиви и е-издаваштво.

**д-р Емилија Симоска**, поранешен министер за образование и наука во Владата на Република Македонија (од крајот на 1994 до почетокот на 1996). Денес работи во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

**д-р Ѓорѓи Спасов**, роден 1949 год., доцент на Правниот факултет од 1999 год., по предметот Јавно мислење и масовни комуникации. Во април 1994 е наименуван за амбасадор на Република Македонија во Бугарија, а во 1996 за амбасадор на РМ во Република Молдавија. Од август 2003 е назначен за амбасадор на РМ во Велика Британија.

**Мирче Томовски**, роден 1943 година во Скопје, новинар и публицист, главен и одговорен уредник на неделникот "Пулс".

**Патрик Фичен**, научен соработник на Институтот за безбедносна политика на универзитетот во Кил и член на "Работниот круг на млади политичари за наворешна политика" на Фондацијата Конрад Аденауер.

**Јасмина Чукалковска**, родена 1980 год., демонстратор на Правниот факултет по предметот Политички теории и проект менаџер во ИДСЦО.